Knežević, 2014). Takođe, žrtve mogu biti i lica koja ne pripadaju grupi prema kojoj učinilac gaji predrasude, ali se dovode u vezu sa konkretnom grupom samo zbog toga što se angažuju na zaštiti prava njenih pripadnika ili je učinilac pretpostavio da pripadaju nekoj grupi koju karakteriše različitost. U ovim slučajevima svakako bi uvrštavanje pretpostavljene pripadnosti žrtve određenoj grupi, odnosno šira lista zaštićenih svojstava doprinela ostvarenju svrhe propisivanja zločina mržnje kao obligatorne otežavajuće okolnosti. Iako Zakon o zabrani diskriminacije predviđa ne samo stvarna već i pretpostavljena svojstva (član 2, stav 1), to nije uzeto u obzir prilikom kreiranja odredbe Krivičnog zakona, a čijim prihvatanjem bi se postigla bolja jasnoća i potpunost norme kao i veće poverenje rizičnih grupa u pravosuđe što u krajnjoj liniji omogućava efikasnu primenu norme.

4. OSVRT NA NEKA KRIVIČNA DELA SA MOTIVOM MRŽNJE

Dela nastala na osnovu motiva mržnje nisu proizvod savremenog sveta, ali u periodu razvoja tolerancije i jačanju mehanizama kojima se štite ljudska prava dobijaju na značaju, te se u krivičnim zakonima izdvajaju od ostalih krivičnih dela. Iako su i pre uvođenja zločina iz mržnje postojali mehanizmi za borbu protiv ovih dela, nova rešenja nastaju kako bi se državni organi na određeni način obavezali na njihovu primenu. Zabeležen je određeni broj slučajeva koji su dobili sudski epilog jer je svakako bilo elemenata za zločin iz mržnje, ali je iz određenih razloga sudstvo zatajilo, odnosno u tom trenutku naše krivično zakonodavstvo nije prepoznalo mržnju kao otežavajuću okolnost. Neki od primera slede:

Godine 2006. izvršen je napad na romsko naselje „Beograd mala“ u Nišu od strane dvojice punoletnih i nekoliko maloletnih lica. Napad se desio u ranim jutarnjim časovima tako što su napadači kamenovali romske kuće što je za posledicu imalo porazbijane sve prozore i oštećenje kuća. Tokom kamenovanja kuća napadači su uzvikivali psovke kao i povike: „Cigani, mrtvi ste!“. Pred Okružnim sudom u Nišu pokrenut je postupak za krivično delo izazivanje nacionalne, rasne i verske mržnje i netrpeljivosti koji je okončan 2008. godine osuđujućom presudom u odnosu na punoletne napadače kojom je izrečena kazna zatvora u trajanju od po četiri meseca.[13]

U selu Jabuka 2010. godine došlo je do ubistva maloletnog dečaka srpskog porekla koje je izvršio takođe maloletni Rom. Nakon tog događaja pripadnici romske zajednice bili su izloženi trodnevnom fizičkom nasilju, njihove kuće su kamenovane, dok je jedna zapaljena.[14] Osim toga, pripadnici srpske nacionalnosti,

[13] Videti više: https://www.mrc.org.rs/saopstenja/2010.html, posećen 20.06.2016.

[14] Ovaj slučaj mogao bi se podvesti pod osvetnički zločin mržnje s obzirom na to da je nastao na osnovu ranije izvršenog zločina romskog dečaka koji ne pripada Srbima odnosno drugoj društvenoj grupi koja vrši osvetu. Osim ovog postoje i sledeći oblici zločina iz mržnje: *odbrambeni* koji nastaje na osećaju ugroženosti učinioca od neke grupe prema kojoj je stvorio predrasudu smatrajući da prisvaja resurse koji pripadaju njemu i njegovoj grupi; *zločini mržnje iz zabave* koji najčešće vrše mlade osobe, u grupi, radi dobijanja podrške i potvrde drugih učesnika. Uglavnom se radi o lakšim

meštani Jabuke, okupljali su se i marširali ulicama u kojima žive Romi i uzvikivali: „Ubij, zakolji, da Cigan ne postoji!“. Takođe, kamenovana je Metodistička crkva pod pretpostavkom da predstavlja mesto okupljana lokalnih Roma. Tek nakon tri dana došlo je do zabrane ovakvog okupljanja koje svakako nije predstavljalo odavanje pošte ubijenom dečaku već poziv na linč sugrađana romske nacionalnosti. Ovaj događaj rezultirao je podnošenjem krivične prijave protiv šestorice mladića za krivično delo izazivanje nacionalne, rasne i verske mržnje i netrpeljivosti[15], a tokom krivičnog postupka utvrđeno je da su optuženi učestvovali u kamenovanju romskih kuća, paljenju jedne od njih, uništavanju lične imovine pripadnika romske nacionalne manjine, fizičkim napadima i vređanju na nacionalnoj osnovi što kod pomenutog krivičnog dela predstavlja kvalifikatornu okolnost, te je zaprećena kazna od 1 do 8 godina zatvora. Međutim, okrivljenima je izrečena kazna od pet meseci uslovne osude.[16]

Navedena krivična dela imaju elemente na osnovu kojih bi se mogli podvesti pod zločine iz mržnje, ali u vreme njihovog izvršenja Krivičnim zakonom Republike Srbije nije bila predviđena ova otežavajuća okolnost, tako da je kvalifikacija krivičnog dela adekvatna. Ovakva kvalifikacija pretpostavljamo da je trebalo da istakne opasnost s kojom se Romi suočavaju s obzirom na to da je svaki zločin mržnje u to vreme kvalifikovan kao krivično delo izazivanja nacionalne, rasne i verske mržnje i netrpeljivosti. S tim u vezi i krivična sankcija, odnosno izbor u zakonom propisanom rasponu trebalo je da naglasi ozbiljnost dela. Međutim, u oba slučaja učiniocima je izrečena kazna ispod zakonskog minimum, s tim što nije navedeno koje su olakšavajuće okolnosti opredelile za takvo kažnjavanje, tako da za ovakvu odluku ne možemo naći racionalno objašnjenje.

Za razliku od prethodno prikazanih krivičnih dela kod kojih smatramo spornim visinu izrečenih krivičnih sankcija postoje primeri u kojima visina krivične sankcije odgovara krivičnom delu, ali smatramo da je izbor navedene otežavajuće okolnosti diskutabilan. Takav je slučaj sa fizičkim napadom koji se dogodio u Novom Sadu juna 2012. godine. Tokom vožnje autobusom javnog gradskog prevoza dvojica braće bila su napadnuta najpre pesnicama a potom i nožem što je uslovilo nastajanje teških telesnih povreda kod jednog oštećenog. Do napada je došlo zbog pretpostavljene seksualne orijentacije oštećenih. Optuženi je oglašen krivim za izvršenje krivičnog dela nasilničko ponašanje i ubistvo u pokušaju pri čemu mu je izrečena kazna zatvora od sedam godina – šest godina za ubistvo u pokušaju i jedna godina za nasilničko ponašanje. Kao otežavajuću okolnost sud je cenio činjenicu da je fizički napad izvršen u punom autobusu i da oštećeni

deliktima, imovinskim ili telesnim; *misionarski* koji najčešće vrše osobe koje imaju iskrivljenu sliku stvarnosti i patološke probleme (Tripković, 2011).

15 Krivični zakon Republike Srbije. *Službeni glasnik Republike Srbije*, 85/2005, 88/2005, 107/2005, 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, član 317.

16 Videti više: http://www.minoritycentre.org/sh/actuals/neprimerena-kazna-za-izazivanje-rasne-mr%C5%BEnje-i-netrpeljivosti-u-jabuci , posećen 19.6.2016.

svojim radnjama nisu izazvali izvršenje ovih dela.[17] Nedvosmisleno da se u ovom slučaju radi o zločinu iz mržnje, ali kako je do njega došlo pre izmena i dopuna Krivičnog zakona smatramo da su dela pravilno kvalifikovana i da je izrečena sankcija srazmerna krivičnom delu. Ono što u ovom slučaju smatramo spornim je navođenje „punog autobusa" kao otežavajuće okolnosti. Prema opštim pravilima o odmeravanju kazne, odnosno prilikom određivanja olakšavajućih i otežavajućih okolnosti, sud između ostalog ceni i pobude iz kojih je delo učinjeno.[18] Imajući u vidu ovakvu formulaciju smatramo da na strani suda nije postojala prepreka za vrednovanje mržnje kao otežavajuće okolnosti koja ne bi bitno uticala na visinu kazne, ali bi poslala poruku da se dela motivisana predrasudom neće tolerisati budući da osim mehanizma za borbu protiv ove vrste zločina postoji razumevanje i prepoznavanje ozbiljnosti ovih dela od strane suda.

5. GONJENJE ZA KRIVIČNA DELA UČINJENA IZ MRŽNJE U REPUBLICI SRBIJI

Krivična dela do čijeg je izvršenja došlo zbog postojanja predrasude na strani učinioca u vezi sa nekom karakteristikom žrtve krivični zakonici regulišu na različite načine. Tako se mogu propisati kao posebno krivično delo, mogu biti obuhvaćena opštim odredbama o težem kažnjavanju ili posebnim odredbama, odnosno predstavljati element pojedinih krivičnih dela koji za sobom povlači izricanje teže kazne, s tim što se odredbe o uvećanju kazne mogu naći u kombinaciji, što je i najobuhvatniji zakonski okvir. Kada je zločin mržnje predviđen kao posebno krivično delo ili predstavlja kvalifikovani oblik određenih krivičnih dela, ne postoje nejasnoće u vezi sa tim da li bi motiv mržnje trebalo da bude obuhvaćen optužnicom s obzirom na to da ovaj motiv predstavlja zakonski element predmetnog krivičnog dela. U ovim slučajevima postoji osnovno krivično delo za koje je zakonodavac propisao određenu kaznu, odnosno teži oblik za koji je zaprećena stroža kazna u odnosu na osnovni oblik, te se u tom slučaju gonjenje preduzima u odnosu na taj teži oblik. Međutim, postoji nedoumica u vezi sa gonjenjem u slučajevima kada je uvećanje kazne opšte prirode, odnosno kada mržnja ne predstavlja element bića krivičnog dela. U Srbiji je mržnja predviđena opštom odredbom o težem kažnjavanju, te je predmet rasprava pitanje da li bi optužnicom trebalo da bude obuhvaćena i otežavajuća okolnost i ukoliko je odgovor pozitivan nameće se pitanje u kom stadijumu postupka bi trebalo predočiti okrivljenom da može biti strože kažnjen. Smatramo da ne postoji nijedan valjan osnov da optužnicom ne bude obuhvaćena mržnja kao obavezna otežavajuća okolnost, budući da bi njenim izostajanjem došlo do niza povreda odredaba krivičnog postupka. Kao osnovno, okrivljenom se mora pružiti pravo na odbranu što je garantovano odredbom prema kojoj se okrivljeni u najkraćem roku, a obavezno pre prvog saslušanja, podrobno i na jeziku koji razume obaveštava o

[17] Videti više: http://www.yucom.org.rs/rest.php?tip=vestgalerija&idSek=4&idSubSek=36&id=144&status=drugi, posećen 06.07.2016.

[18] Krivični zakon Republike Srbije, član 54, stav 1.

delu koje mu se stavlja na teret, o prirodi i razlozima optužbe, kao i da se izjasni o svim činjenicama i dokazima koji stoje protiv njega kao i da iznosi činjenice i dokaze u svoju korist (član 68)[19] što implicira na to da se okrivljenom pored osnovnog krivičnog dela mora predočiti i mogućnost težeg kažnjavanja na osnovu motiva mržnje. Ipak, sud nije vezan pravnom kvalifikacijom dela navedenom u optužnici, te je potrebno da sud prihvati optužnicu, a da ne prekvalifikuje delo u izazivanje nacionalne, rasne ili verske mržnje i netrpeljivosti (što je najčešće slučaj) na koje se ne može primeniti ova posebna otežavajuća okolnost. Ukoliko sud prihvati kvalifikaciju dela iz optužnice, onda bi okrivljenom na glavnom pretresu trebalo predočiti da bi mogao biti teže kažnjen s obzirom na to da će se na glavnom pretresu izjasniti o optužbi (član 392), kao i da će se na glavnom pretresu između ostalog dokazivati motiv predrasude. Nepredočavanjem okrivljenom postojanja mogućnosti težeg kažnjavanja na osnovu motiva mržnje uskraćuje mu se mogućnost da iznese dokaze u svoju odbranu, što za posledicu ima povredu prava na odbranu. Osim toga, izricanje osuđujuće presude prema okrivljenom, a da se nije raspravljalo o motivu mržnje na glavnom pretresu, dovešće do povreda odredbi Zakonika o krivičnom postupku. Naime, u presudi kojom se optuženi oglašava krivim, sud će, između ostalog, izreći za koje se delo oglašava krivim uz naznačenje činjenica i okolnosti koje čine obeležja krivičnog dela, pri čemu će navesti i one činjenice i okolnosti od kojih zavisi primena određene odredbe krivičnog zakona (član 424). U ovom slučaju radi se o odredbi krivičnog zakona koja se odnosi na odmeravanje kazne, odnosno posebnoj odredbi prema kojoj se ceni posebna pobuda – mržnja prilikom odmeravanja teže kazne učiniocu krivičnog dela. Dalje, u obrazloženju presude sud mora izneti razloge za svaku tačku presude, pa tako u obrazloženju presude kojom se optuženi oglašava krivim mora navesti i koje činjenice je uzeo u obzir pri odmeravanju kazne, te kojim se razlozima rukovodio kada je našao da treba izreći strožu kaznu od propisane (član 428). Dakle, ako je sud izrekao težu kaznu, ali se na glavnom pretresu nije raspravljalo o činjenicama koje se odnose na otežavajuće okolnosti, takva odluka bi predstavljala bitnu povredu odredaba krivičnog postupka s obzirom na to da se na glavnom pretresu dokazuju odlučne činjenice.[20] S tim u vezi je i stav Vrhovnog suda Srbije da činjenice i okolnosti koje su od značaja za odmeravanje kazne predstavljaju odlučne činjenice i ukoliko su razlozi o tim činjenicama i okolnostima u znatnoj meri protivurečni, time je učinjena bitna povreda odredaba krivičnog postupka (Kž I-943/03). S druge strane, prikupljanje dokaza u vezi sa motivom mržnje tokom istrage[21], kao i obuhvatanje ovog motiva optužnicom,

[19] Zakonik o krivičnom postupku. *Službeni glasnik Republike Srbije*, 72/2011, 101/2011, 121/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014.

[20] Pod odlučnim činjenicama podrazumevaju se i pobude i okolnosti pod kojima je krivično delo izvršeno, a u presudi Vrhovnog suda Srbije (Kž 2105/57) naznačeno je da se pod niskim pobudama podrazumevaju svi motivi koji nisu dostojni čoveka kao što su: mržnja, pohlepa, zavist i dr. (Stojanović i Kolarić, 2012, s 14), s tim što mržnja u slučaju zločina mržnje predstavlja posebnu pobudu koja je kao takva predviđena kao posebna otežavajuća okolnost prilikom odmeravanja kazne.

[21] Na ovo ukazuje i presuda Evropskog suda za ljudska prava u vezi sa kojom je sud zastupao mišljenje da u slučaju rasno motivisanih napada državni organi imaju dodatnu dužnost da prilikom

biće od značaja i ukoliko dođe do zaključenja sporazuma o priznanju krivičnog dela. Ovaj sporazum, između optuženog i javnog tužioca, može se zaključiti od donošenja naredbe o sprovođenju istrage pa do izjašnjenja optuženog o optužbi na glavnom pretresu (član 313). Optužnica će biti od ključnog značaja za primenu posebne otežavajuće okolnosti ukoliko do priznanja izvršenja krivičnog dela dođe na glavnom pretresu. Naime, priznanje krivičnog dela za sobom povlači priznanje svih navoda optužnice koji se smatraju nespornim a okrivljenom se izriče blaža kazna od one koja bi mu se izrekla u redovnom postupku. Kako u ovom slučaju ne dolazi do glavnog pretresa i do dokazivanja činjenica koje su u vezi sa krivičnim delom, odnosno odlučnih činjenica, a samim tim i o otežavajućim okolnostima, navodi u optužnici koji se odnose na postojanje motiva mržnje mogu biti od značaja prilikom odmeravanja kazne. Iako zaključenje sporazuma o priznanju krivičnog dela predstavlja olakšavajuću okolnost za učinioca ne postoji prepreka da se i u ovom slučaju ceni motiv mržnje kao otežavajuća okolnost, budući da kazna ili druga krivična sankcija, odnosno druga mera u pogledu koje su javni tužilac i okrivljeni zaključili sporazum, mora biti u skladu sa krivičnim ili drugim zakonom (član 317). S tim u vezi, prilikom određivanja visine kazne tužilac bi trebalo da ima u vidu i činjenice koje su u vezi sa motivom mržnje, ali bi i sud trebalo da vodi računa o primerenosti kazne, koja je nastala kao rezultat sporazuma optuženog i tužioca, u svakom konkretnom slučaju a sve u cilju pravilnog odmeravanja kazne u odnosu na dela izvršena iz mržnje.

6. ZAKLJUČAK

Na osnovu dosadašnjeg izlaganja može se zaključiti da problem u našoj zemlji pre svega jeste to što je lista zaštićenih svojstava veoma uska i da se na osnovu zaštićenih karakteristika ona mora proširiti u skladu sa Zakonom o zabrani diskriminacije. Nova rešenja koja nastaju povodom regulisanja zločina iz mržnje na određeni način obavezuju državne organe na njihovu primenu i samim tim i što uspešniju borbu protiv ovakvih zločina koji su danas sve učestaliji, ali praksa pokazuje da i pored unetih novina ne postoji mnogo procesuiranih slučajeva krivičnih dela učinjenih iz mržnje, ali i da sudovi ne pokazuju da su u dovoljnoj meri senzibilisani za odredbe koje regulišu ovaj zločin. Glavni zadatak državnih institucija jeste promena ovakvog stanja gde pre svega pravosudni organi i policija moraju zauzeti odlučni stav u odnosu na predrasude protiv određenih grupa jer će na taj način doprineti efektivnom kažnjavanju postojećih zločina iz mržnje, a samim tim i sprečiti nove.

istrage preduzmu sve opravdane korake kako bi otkrili svaki verski motiv i utvrdili da li je u svakom konkretnom događaju verska mržnja ili predrasuda imala neku ulogu u nastajanju dela i da istrage u ovakvim slučajevima istrage ne mogu biti *pro forma* istrage (Milanović protiv Srbije, 44614/07).

LITERATURA

- *Centar za prava manjina*. (2016). Preuzeto 2016, jun 20, sa: https://www.mrc.org.rs/saopstenja/2010.html.
- Ignjatović, Đ. (2015). *Kriminologija*. Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Dosije studio.
- Kazneni zakon Hrvatske. *Narodne novine*, 125/11, 144/12, 56/15, 61/15.
- Krivični zakon Brčko distrikta BiH. *Službeni glasnik Brčko distrikta BiH*, 47/11, 9/13, 21/10, 40/03.
- Krivični zakon Federacije Bosne i Hercegovine. *Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine*, 36/03, 37/09, 21/04, 69/04, 18/05, 42/10, 42/11, 59/14, 76/14.
- Krivični zakon Republike Srbije. *Službeni glasnik Republike Srbije*, 85/2005, 88/2005, 107/2005, 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014.
- Krivični zakon Republike Srpske. *Službeni glasnik Republike Srpske,* 49/03, 108/04, 37/06, 70/06, 73/10, 1/12, 67/13.
- *Neprimerena kazna za izazivanje rasne mržnje i netrpeljivosti u Jabuci*. (2011, jun 29). Preuzeto 2016, jun 19, sa Regionalni centar za manjine: http://www.minoritycentre.org/sh/actuals/neprimerena-kazna-za-izazivanje-rasne-mr%C5%BEnje-i-netrpeljivosti-u-jabuci.
- Radovanović, S., i Knežević, A. (2014). *Romi u Srbiji (Popis stanovništva, domaćinstava i stanova u 2011. u Republici Srbiji)*. Beograd: Republički zavod za statistiku.
- *Saopštenje povodom presude u slučaju fizičkog napada u Novom Sadu*. (2013, novembar 14). Preuzeto 2016, jul 6, sa: Komitet pravnika za ljudska prava: http://www.yucom.org.rs/rest.php?tip=vestgalerija&idSek=4&idSubSek=36&id=144&status=drugi.
- Stojanović, Z., i Kolarić, D. (2013). Nova rešenja u krivičnom zakoniku Republike Srbije. *Bezbednost*, 3, 7-33.
- Tripković, M. (2011). Ekspanzija mržnje: osnovna obeležja masovnih zločina mržnje. *Temida*, 4, 37-54.
- Zakon o izmjenama i dopunama Krivičnog zakona Federacije Bosne i Hercegovine. *Službene novine Federacije Bosne i Hercegovine*, 46/16.
- Zakon o zabrani diskriminacije. *Službeni glasnik Republike Srbije*, 22/2009.
- Zakonik o krivičnom postupku. *Službeni glasnik Republike Srbije*, 72/2011, 101/2011, 121/2012, 32/2013, 45/2013, 55/2014.

ВЕРСКАТА ОМРАЗА КАКО МОТИВ ЗА СТОРУВАЊЕ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

Александар Маркоски[1]

РЕЗИМЕ

"...ако еден човек убие, рани, наклевети или натепа некој друг и ако оној кому што му е нанесена навредата трпи поради тоа, оној што го прави тоа не добива никаква корист. Поинаку е со повредите на сопственоста. Користа на лицето што нанесува повреда често е еднаква со штетата на оној што ќе ја претрпи. Зависта, злобата или одмаздата се единствените страсти што можат да наведат некој човек да ја повреди личноста или добриот глас на некој друг".[2]

Адам Смит (1723. – 1790.)

Клучни зборови: Абрахамски религии, догми, верска омраза, противправна имотна корист/штета.

1. ВОВЕД

Нормирањето на кривичните дела сторени од омраза претставува законодавен предизвик за законодавецот, бидејќи барањето за ефикасна превенција и репресија на делата на омраза произлегува од внатрешната потреба на државата да обезбеди мир, внатрешна кохезија, стабилност и почитување на човековите слободи и права. Овој сегмент од казненото право е особено значаен за западниот дел на Југоисточна Европа, со оглед дека регионот претставува спој на мултикултурни, мултиетнички, мултиконфесионални и плуралистички општества, чијашто европска перспектива и севкупен развој директно зависат од постоењето на висок степен на социјална стабилност и толеранција. За Република Македонија е неопходно да се воспостави казненоправната заштита на граѓанинот како правно добро, и државата како објект на заштита од делата на омраза, која, пак, заштита ќе биде законодавен одговор и надополнување кон другите акти, од типот на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година.

[1] Мр Александар Маркоски, Основно јавно обвинителство Скопје.
E-mail: almarkoski@yahoo.com.

[2] Смит, А. (1997). Богатството на народите, том 3, Скопје: Штрк, с. 32.

Посебен акцент мора да биде ставен на делата од верска омраза кои претставуваат форми на дела од омраза кои резултираат со најголема деструктивност, а, особено, доколку станува збор за инволвираност на припадниците на абрахамските религии. Жртвата, пак, може да припаѓа на малцинска или мнозинска религиозна група. Во настаните каде има повреда врз имотот како последица на делата од верска омраза постои висока „темна бројка“ на криминалитет.

Во абрахамските религии имотот е опфатен како со афирмативни, така и со негаторски и деструктивни верски текстови кои се преточени во религиските правни системи и извор на таквото право. Овие, пак, религиски текстови и правни одредби за оправдување на деструкцијата, ја претставуваат фонтаната на инспирација за модерните фундаменталисти и екстремисти кои се сторители на казнените дела од омраза.

Неминовен е аналитичкиот пристап, како би можел да биде разоткриен амалгамот на имотните деликти сторени од верска омраза. Дури и да е излишно да се навлегува во научната експликација на поимот и психолошката состојба на омразата, тогаш, сепак, неопходно ќе биде да се даде поимање на феноменот на верата, консеквентно и на верската омраза, а, секако, и на имотот како таков.

2. ОПШТИОТ ПОИМ НА ИМОТОТ

Од најстарите времиња имотните односи го привлекувале вниманието не само на субјектите на тие односи, туку и на законодавецот. Дури и значаен дел од Петтокнижието[3] на таканаречениот законодавец - пророкот Мојсеј е посветено на тие односи. Ова се објаснува со фактот дека не постои ниту човек, ниту држава кои не учествуваат во такви односи. Без оглед на тоа колку се усложнуваа економските односи и колку нови економски институти беа пронајдени, сепак, предметот на примарен интерес, покрај услугите, секогаш остана имотот. Зголемувањето на имотот е начин на кој поголемиот дел од луѓето настојуваат и сакаат да си ја подобрат својата состојба. Тоа е најобичниот и најочигледен начин (Смит, 1997, с. 484). Под имот во поширока смисла се подразбира секој оној материјален продукт на човечкиот труд кој може да биде разменет. Имотот е предмет на правото на сопственост. Со правото на сопственост е сврзана и основната форма на економските односи. Правото на сопственост се ужива преку обезбедување на можноста на сопственикот да владее, да се користи и да располага со конкретна ствар (Стојанов, 2003, с. 9). Веднаш по појавувањето на приватната сопственост се појавиле и деликтите против сопственоста, како дејства на субјекти кои не се

[3] Првите пет книги од Стариот завет. Истово во јудаизмот се нарекува Тора, а во исламот – Теврат. За да нема забуни, под Тора во натамошниот дел од текстот ќе се подразбираат и другите пишани и усни јудејски догми (Танахот со Талмудот).

сопственици насочени наспроти сопственикот и неговиот имот, а кои дејства не се во интерес ниту на општеството. Од тие причини секоја држава, во една или друга мерка, обезбедува правна заштита на правото на сопственоста, како основа на сите економски односи. Така, правото на сопственост не може да се стекне преку сторување на казнено дело. Според тоа, со сторувањето на овие казнени дела не се засега во номинално заснованото право на сопственост, туку во можноста за негово користење.

3. КАЗНЕНОПРАВНА РАМКА ПО ОДНОС НА ЗАШТИТАТА НА СОПСТВЕНОСТА И ИМОТОТ

Ваквото резонирање за заштита на правото на сопственост е преточено и во Уставот на Република Македонија, кој правото на сопственост го позиционира како неприкосновено. Повеќе не постои правна атмосфера на фаворизација и поголема заштита на јавната сопственост од страна на државата, за сметка на приватната сопственост, како што беше претходно во системот на планската економија.[4]

Предмет на интерес на овој труд не се казнените дела против стопанската дејност или против државното учество во економијата, кои се, исто така, форми на економски односи, туку исклучително казнените дела против имотот, од аспект на сопственост и другите стварни права. Ова, со оглед на тоа, дека законодавецот во Република Македонија направил јасна дистинкција помеѓу нив и во класификацијата и типизацијата во Казнениот законик, стриктно пропишал кои инкриминации влегуваат во оваа група. Станува збор за главата XXIII од Кривичниот законик [КЗ], насловена „Кривични дела против имотот“ која е и најопширното поглавје, а ги вклучува следните 31 казнено дело: 1. Кражба; 2. Тешка кражба; 3. Разбојништво; 4. Разбојничка кражба; 5. Затајување; 6. Послужување; 7. Одземање туѓи предмети; 8. Одземање на моторно возило; 9. Оштетување туѓи предмети; 9. Оштетување туѓи права; 10. Бесправно градење; 11. Оштетување на станбени и деловни згради и простории; 12. Незаконито вселување; 13. Измама; 14. Измамување на купувачи; 15. Измама при добивање на кредит или друга погодност; 16. Измама на штета на Европската заедница; 17. Осигурителна измама; 18. Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем; 19. Правење и внесување на компјутерски вируси; 20. Компјутерска измама; 21. Злоупотреба на довербата; 22. Неовластено примање подароци; 23. Неовластено давање подароци; 24. Намерно предизвикување стечај; 25. Предизвикување стечај со несовесно работење; 26. Злоупотреба на постапката за стечај; 27. Оштетување

[4] Релевантни се одредбите од членот 8 од Уставот на Република Македонија, со кој правната заштита на сопственоста се поставува како темелна вредност на уставниот поредок. Со членот 30 од Уставот, пак, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување и се стипулира дека: „Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон“.

или повластување на доверители; 28. Изнуда; 29. Уцена; 30. Лихварство и 31. Прикривање.[5]

Само малку се казнените дела против имотот кои се од најтешка природа и за нивните квалифицирани облици горниот праг на санкцијата може да биде максималната казна затвор во траење од 20 години предвидена во Казнениот законик, се разбира, не сметајќи ја доживотната казна затвор. Такви се: одредбата од став 4 од членот 236 од КЗ - Тешка кражба, кога украденият предмет претставува добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации или предмет во општа употреба. Понатаму, одредбите од ставовите 4 и 5 од членот 237 – Разбојништво, кои се ситуации кога жртвата е тешко телесно повредена, лишена од живот или, пак, ако делото е сторено во состав на група, банда, ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при извршувањето на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица. Максималната казна затвор е можно да биде изречена и доколку е сторен основниот облик на казненото дело – Разбојничка кражба од членот 238 од Казнениот законик, како и доколку украдените предмети се од големи размери, но и во случај последиците да биле тешки како и во гореспоменатиот случај со казненото дело – Разбојништво од членот 237 од Казнениот законик. Како потешко казнено дело се смета и – Бесправно градење од членот 244-а од Казнениот законик каде е можно да биде изречена максималната казна затвор, доколку делото е сторено од лукративни интереси и поради продажба на градбата, како и доколку градежните работи се изведуваат спротивно на основниот проект или се врши реконструкција на конструктивните елементи на градбата без основен проект и се нарушува механичката отпорност, стабилност на градбата и сеизмичката заштита. Исто така, максималната казна затвор постои како можност да биде изречена од страна на судот и во сите облици на казненото дело – Уцена од членот 258 од Казнениот законик, а, пак, за најтешкиот облик, кога при сторувањето некое лице е лишено од живот, можно е да биде изречена и казна – доживотен затвор.

Во системот на плурализам на облиците на сопственост и слободата на пазарот и претприемништвото, казненото право, како и правото, воопшто, им обезбедува подеднаква заштита на сите облици на сопственост. Во таквата состојба имотниот деликт претставува атак врз капиталот и неговите интереси во односите на пазарот, но и надвор од него; правото на сопственост и другите

[5] Кривичен законик и закони за изменување и дополнување на КЗ. Службен весник на Република Македонија, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/2004, 81/05, 60/06, 139/08, 114/09, и 196/15. (Во рамките на спомената глава XXIII, во членот 262 е регулирано делотворното каење кое е возможно и предизвикува правна последица за помал дел од горенаведените казнени дела, а, пак, во членот 263 се регулираат состојби кога за полесните форми на казнени дела е оштетен близок роднина на сторителот, па гонењето да биде по приватна тужба, а не *ex officio*).

имотни права се заштитуваат без оглед дали се ставени во некаква пазарна функција или произлегуваат од неа. Казненото право не оперира во сферата на заштитата на имотот со сопствени, оригинални поими, туку се надоврзува на регулативата на овие односи во рамките на имотното право. Оттука и основниот поим на имот се сфаќа во иста смисла во која е дефиниран и во имотното право (Камбовски, 2003, с. 294). Сепак, и покрај поврзаноста со основните граѓанско-правни категории, казненото право на барањето за ефикасна заштита на овие вредности и добра му удоволува со изградба и на свои сопствени поими, како што е случајот со дефинирањето на поимот – подвижен предмет во членот 122 од КЗ.

Според објектот на напад овие дела се делат на: а) дела против сопственоста врз подвижни предмети и б) дела против имотот, воопшто, имотните права и интереси.

Овие казнени дела по своето битие се умислени. Казненото право не го инкриминира небрежното посегање по туѓиот имот. Субјективната страна на повеќето дела е збогатена со посебна намера: за прибавување противправна имотна корист, за присвојување или оштетување. Тука намерата е субјективен елемент на противправноста, што би значело дека без таквата намера делото не постои. Некогаш, делата што во своето битие го имаат овој елемент не се исклучително егоистички, туку алтруистички: кога намерата е насочена кон прибавување на имотна корист за друг, а не за себе. Сепак, оваа ситуација никаде, во ниедно од делата не е предвидена да биде привилегиран облик на сторување (Камбовски, 2003, с. 296). Противправноста, пак, е уште поголема ако намерата е комплексна и е сврзана со мотивите на омраза.

Според објектот на напад овие дела се делат на: а) дела против сопственоста врз подвижни предмети и б) дела против имотот, воопшто, имотните права и интереси.

4. КУЛТУРАТА, РЕЛИГИЈАТА, ИДЕНТИТЕТОТ

Антропологијата, а отпосле и социологијата[6] и етнографијата дојдоа до сознанија дека процесот на настанување на личниот и културниот идентитет се одвива во социјални интеракции. Разликувањето на себеси од

[6] Поради виталната констелација помеѓу социологијата и религиите како нејзин предмет на проучување, во поново време беше развиена и посебна наука – социологија на религијата која не се занимава со индивидуалното религиско доживување, туку со религиските манифестации кои се споделуваат со групата. Оваа наука своите почетоци ги имаше во учењето на Карл Маркс и Макс Вебер кои преку неа го проучуваа влијанието на религијата врз културниот и општествено-економскиот живот, но најголем развој оваа наука доживеа после Втората светска војна во Соединетите Американски Држави, а, пред сè, преку емпириските истражувања на малите социолошко-религиски единици или христијанските општини. Извор: Sklendar, N. (1991). Zbilja religija – Religija o sebi i o sociokulturnom kontekstu. Hrvatsko filozofsko drustvo, str.114-115.

другите доаѓа од сопствената самосвест, а не со еднонасочно дејствување на општествените институции и авторитети и културните системи на формирање на личностите. Социјалната/културната антропологија разви три теории за објаснувањето на културните промени и за настанокот на културата, воопшто, и тоа; еволуционистичка, дифузионистичка и структуралистичка (Склендер, 1991, стр. 108-109). Во првите две теории постои процесуално-историско сфаќање на културата и културните појави, додека при последната теорија постои есенцијалистичко-статичко сфаќање. Еволуционизмот влече корени од Дарвиновата теорија за еволуцијата на видовите и нејзина основна претпоставка е дека постои единствено потекло на луѓето и единствен извор и поврзаност на развојот на општествено-културните облици, а додека, пак, менталните принципи функционираат идентично. Оваа теорија е спротивна на релативизмот кој, пак, ги признава специфичностите и различностите во општеството. Еволуционизмот бара општи принципи и единствена линија на историскиот развој на човештвото, но се чини дека во таа униформност на културното живеење, оваа теорија ги занемарува специфичностите и процесот на вклопување на поединечното во општото кое е различен процес во различни околности.

Веќе неколку децении политичкиот и поширокиот јавен простор на современите демократии континуирано е запоседнат од идентитетските дискусии. Самиот поим идентитет го дава значењето за индивидуата во нејзиниот социјален контекст и во еден повнатрешен контекст на самоспознавање, самопотврдување и интимност. Идентитетот е израз на двата спротивставени човекови пориви: оној да се припаѓа и оној да се биде посебен. Идентитетот, всушност, и се гради низ оваа дијалектика на приклонување и издвојување, низ ова двојно движење кон идентификација со другите и разликување во однос на нив (Михајлова, 2012, с. 2). Михајлова (2012, с. 12) ќе каже: „Потребата за припаѓање или потребата од заедница (заедништво) е израз на човековата потреба за сигурност или опстанок, но, исто така, и на комплексната човекова потреба за прифатеност, која во својата најдлабока суштина е потреба од љубов“.

Постои каскадна подреденост помеѓу поимите на идентитет – култура -религија. Првиот ги опфаќа другите два, а, пак, вториот неминовно го опфаќа и третиот. Под идентитет постојат и многу други човечки димензии, а некои од нив не се од субјективна природа (како што е неспорно - културата), туку од објективна природа, како што се полот, расата.[7]

[7] Во контекст на расата, УНЕСКО во 1951 година зборот раса го претвори во табу, но типолошкиот начин на мислење и фетишизмот на разликите сега се воспоставени под покровителство на поимот култура. Според некои теоретичари, ваквиот антирасизам, може да се каже дека ја повторува основната филозофска структура на сите расизми. Тој ја повторува претставата за дадената и непроменлива или многу тешко променлива групна припадност. Извор: Михајлова, Е. (2012). Културниот идентитет и делата од омраза (Докторска дисертација). Скопје: Правен факултет, с. 45.

Во културата на луѓето се опфаќа и нивната верска припадност или определба. Религијата, пак, како синоним на верата понекогаш се експресира само како интимна наклонетост или, пак, фолклор и обичај, а некогаш тоа е целосна животна доктрина.

5. ВЕРАТА, АНАХРОНИЗМОТ, ОМРАЗАТА

Сходно и на другите облици на човечкиот дух: како уметноста или филозофијата, религијата е интегрален дел од културата во потесна и поширока смисла на зборот, конкретно како оплеменување и хуманизирање на човекот и неговиот свет. Како таква, религијата е, значи, дејствувачка состојка на секој социокултурен склоп, со различни вредносни предзнаци и интензитет, но, притоа, и самата тежнее кон промени од влијанијата од другите облици на духовност. Доколку од теолошки аспект биде утврдена вистината за религијата, тоа ќе биде направено на апстрактен, арационален и интуитивен начин без прифаќање на теориско докажување, туку метафизичката претпоставка се прифаќа како доказ и како последен аргумент. Освен општествени извори, религијата има и свои душевни, морални и спознајни извори, кои, пак, се секогаш историско-општествено импрегнирани и го носат печатот на своето време. Религијата освен што е општествен фактор, таа е и психички, морален и спознаен фактор.

Религиското верување добива значење дури во литургискиот контекст. Штом луѓето ќе бидат лишени од овој тип духовна активност, тие ќе ја изгубат својата вера. Освен што имаат цел да го зацврстат чувството на групниот идентитет, религиските обреди како карактеристични интерпретации на религиските вистини на одредена група, даваат можност на учесниците да можат на одобрен начин да го изразат и своето религиско чувство и така да постигнат емоционална катарза и да го зацврстат верувањето во трансецедентното. Впрочем, веќе научно е докажано дека центарот за суеверието е анатомски позициониран на темето од кората на мозокот кај човекот.

Омразата, пак, не мора да значи освета, ниту да биде проста рефлексија на танатосот, наспроти еросот. Кога омразата е во „коктел“ со религијата, тогаш станува идеологија на стероиди и предрасуди. Историјата, исто така, докажала дека верската омраза е најдеструктивната омраза.

Проблемот со верската омраза посебно е изразен во абрахамските религии. За споредба, на Далечниот Исток, историјата не помни настани за верски мотивирани, големи конфликти помеѓу главните религии, како: хиндуизмот, џаинизмот, будизмот и шинтоизмот кои, исто така, имаат заедничко потекло или, пак, учењата: конфучијанизмот и таоизмот.[8] Дури и повеќе, неретко еден

[8] Извор: https://en.wikipedia.org/wiki/Buddhism_and_Hinduism, состојба 14.8.2016 година.

владетел припадник на една религија поддржал градење на храм од другата религија[9], а има и случаи кога храмовите се под ист покрив.

Наназад низ историјата абрахамските религии навистина постоеле една до друга, функционирале со заемна толеранција, но останале соперници и ривали, често пати ривалството било проследено со омраза, како поради политичките околности, така и поради самата догма. Ретки се примерите на конструктивна соработка како што е во случајот со средновековното христијанско кралство на крал Роџер од Сицилија и примерот на Гранада, како центар на културата во Кордовскиот калифат.

Абрахамските религии се монотеистички. Факт е дека во абрахамските религии има уникатни елементи кои влијаат верниците да се ангажираат во примитивизам и религиско насилство. Левичарските теоретичари нудат објаснение дека брзото урбанизирање придонело за распад на претходно воспоставените рурални заедници, а ова предизвикало чувство на изолација и алиенација кое придонело до барање на нови заедници, а некои од нив и екстремистички. Со тоа, религијата кај овие луѓе не била свесен избор, туку потсвесен нагон. Но, вистина е дека религијата има влијание врз дејствата. Ова се однесува на оние религии кои нудат пат и излез за насилното поведение; кои произведуваат фундаментализам, екстремизам и тероризам.

Мирољубивите верници и екстремистите размислуваат на поинаков начин. Религиските екстремисти сметаат дека верата е сама на себе цел. Тие не се борат да го уништат злото, да ги пронајдат новите попрактични решенија, ниту, пак, ги поддржуваат научните вистини кои го олеснуваат животот, напротив, често пати и ги негираат доколку тие бидат разоткриени. Тие единствено сакаат да ја воведат нивната „ера“. За некои тоа може да претставува теократијата, за други, пак, апокалипсата која ќе кулминира со духовна трансформација на светот во која тие ќе преживеат и со која ќе бидат наградени.

Проучувачите на социјалните движења кои предизвикуваат насилство, се фокусираат на мотивите кај поединците на тие социјални движења, но ако станува збор за религиско движење, тогаш често пати ја превидуваат религиската основа или верскиот систем кој влијаел на мотивите и дразбите на поединците. Религијата тие ја гледаат како алатка за регрутирање, а, пак, мотивите, исклучително ги сведуваат на економски или политички мотиви. Проучувачите, пак, на религиите, ја објаснуваат теологијата која го мотивира насилството и, првенствено, ги употребуваат светите текстови за да го предвидат однесувањето на верниците, но не можат да го објаснат развојот, тајмингот и успехот на религиските движења во политичката арена. Политиколозите, пак, заслепени од секуларизмот, често пати имаат недоумица од присуството на религијата и ја објаснуваат како феномен

[9] Исто.

кој зависи од моменталните општествени услови. Разбирањето помеѓу овие две концепции е минимално. Плод на политиколозите е и делумно точната теорија на економското осиромашување, која вели дека постојат повеќе изгледи за индивидуите да прифатат екстремизам кога ќе се соочат со економски тешкотии и општествени потреси. Ова е од причина, бидејќи религијата нудела ригидни правила и убедувачко оправдување на тешкиот живот, а екстремизмот им нудел ресурси, вмрежување и мета, со што се дава смисла на тешкиот живот.[10] Сепак, и оние кои ја проучуваат религијата преку теолошките постулати, често ги пренебрегнуваат надворешните објективни фактори кои можеби не се примарни, но, сепак, се несомнени. На крајот од краиштата, не може грубо религијата да се сфати исклучително како систем за поделби меѓу луѓето и разгорување на конфликти, бидејќи низ историјата има примери и на мирна коегзистенција, па дури и клучен фактор за прогрес, како што беше наведено погоре.

Симптоматологијата на фундаментализмот е дека тој не е непосреден, рефлексен одговор на модерното секуларно општество, туку се развива дури кога процесот на модернизација е многу напреднат. Фазата се одвива на начин што традиционалистите прифаќаат некои модерни идеи и институции и се обидуваат да докажат дека тие не и се туѓи на традицијата, дека верата е доволно силна да ги апсорбира овие промени. Но, штом општеството стане поцелосно секуларно и рационално, за некои, овие иновации стануваат неприфатливи. Тие започнуваат да формулираат фундаменталистичко решение кое се враќа на првите принципи и да планираат противнапад. Не толку одамна, пред само еден век, муслиманите сè уште или се обидувале да ги апсорбираат новите идеи во исламски контекст или прифаќале секуларистичка идеологија.[11]

Што се однесува до другите конфесии - абрахамски религии, неспорно е дека фундаментализмот не е непознаница ни во нивното милје, особено ако се земе историската перспектива[12], но првиот исправен впечаток

---

10 На ваков начин се објаснува и поведението на религиски мотивираните, припадници на анти-абортус движењето во Соединетите Американски Држави кои се одлучија да го прифатат тероризмот како начин. Истото резонирање го употребуваат и за објаснување на исламското политичко насилство. Извор: Jefferis, L., J. (2010). *Religion and political violence – Sacred protest in the modern world*. New York: Routledge.

11 Фундаментализмот нема да се појави во исламскиот свет сè додека овие рани стратегии не се покажат несоодветни во очите на некои муслимани. Тие ќе гледаат на секуларизмот како на обид да се уништи исламот, и навистина, на Блискиот Исток, каде западната модерност се имплементирала во туѓ контекст, тој често изгледал мошне агресивен. Така, во март, 1928 година, во Исмаилија, Египет, Хасан Ал Бана заедно со уште шестмина локални работници го формирале здружението Муслиманско братство кое денес е најраширената фундаменталистичко-религиозна организација во светот и со влијание врз активните терористички организации како: Ал Каеда, ИСИС и Хамас.

12 Ако се земат примерите на погромите спрема Евреите во Европа или холокаустот или, пак, процесот на реконквиста во Кралството Шпанија и прогонот на муслиманите. Види: https://en.m.wikipedia.org/wiki/Rebellion_of_the_Alpujarras_(1568%E2%80%9371), состојба 14.8.2016 година.

е дека „влоговите“ и енергијата се многу помали. Во христијанството постои и „мала врата“ на бегство која произлегла од херменевтиката на религиските текстови, а како резултат на која не само што истото добило помирољубив карактер, туку и претставувало плодна почва за развојот на секуларноста.[13] Сепак, во Соединетите Американски Држави и ден-денес има поларизација и непријателство меѓу верниците и секуларистите, но религиозните фундаменталисти во Соединетите Американски Држави се повоздржани и попокорни на законот, споредено со исламистичките фундаменталисти. Фундаменталистите таму не ги убивале своите претседатели, не кревале револуции, ниту земале заложници.

Фундаменталистите, пак, во Израел, како резултат на реалноста на создавањето на Израел како секуларна држава и повредената религиско табу - дека земјата е со симболичка и митска вредност која се поврзува со Бога и со Тората во еден вид свето тројство, предизвикало нивно политичко организирање, но не и крволочни акти на тероризам.[14] Побожноста на овие антиционисти била побожност на „принципиелната“ омраза, која, сепак, била испреплетена со привлечност спрема ционизмот, бидејќи токму тој успеал да создаде еврејска држава на еврејска почва. Кон ова движење припаѓаат Харедите кои и денес чувствуваат бес спрема секуларниот Израел, но, сепак, нивната реакција се сведува на фрлање камења спрема возачите кои возат автомобили на неработниот ден - Шабат, но не и убиства поради идеолошка омраза. Вистинскиот Евреин, според нив, мора да се одвои од овој свет и целосно да се посвети на текстовите од Тората.

Крајниот проблем не е во тоа што претстои иманентна опасност од воспоставување на теократии во светот, во кој, доколку не се смета Ватикан, само една држава се дефинира целосно како таква (Република Иран), а други две држави се такви во делумна смисла (Судан и Кралството Саудиска Арабија), туку опасноста лежи во постепените упади и нагризувања на правните поредоци од страна на влијанието на религијата во модерните демократии, а некогаш, во немоќ тоа да биде сторено, од страна на религиските екстремисти се користи омразата како генератор на нови насилства и терористички методи.

---

[13] Христијанскиот фокус на распнувањето ја претставува божјата волја да посегне по човештвото. Спротивно на тоа, исламскиот фокус на божјата моќ и човечката улога е во желбата на Господ, човекот да го досегне кон него. Ова е значајно од политички аспект, бидејќи во исламот ја нема Исусовата порака „Дајте му го на Цезар, Цезаревото, а на Господ, божјото“ и државата не се сфаќа како општествен договор со поединците, туку во исламот целта на постоењето на државата е самиот ислам. Таа постои за да ја промовира верата, а животот да е во согласност со шеријатското право.

[14] Такви движења во Израел се организациите Агудат и нивната порадикална варијанта: Нетуреи карта.

6. КАЗНЕНОПРАВНИ ОДРЕДБИ ОД ТОРАТА, БИБЛИЈАТА И КУРАНОТ ЗА ИМОТЕН КРИМИНАЛИТЕТ

Историски факт претставуваат канонското, јудејското и шеријатското право, а нивниот предмет на интерес било и казненото право. Во следниот дел ќе биде даден кус преглед на дел од нормите/стиховите од светите книги кои го регулираат имотниот криминалитет. Ова е значајно за тема - ремата, бидејќи религиските текстови често пати се мотив за сторување на делата од омраза кај верските фанатици. Имено, санкциите во религиските текстови, пак, за сторените имотни деликти се многукратно построги, па дури свирепи, што би значело дека општеството, а особено клерот - верските службеници и работници, треба да го искористат токму тој момент за психолошко влијание врз верниците - потенцијални сторители на казнени дела од омраза, со цел превенирање на овие дела.

За да биде објективна констатацијата за оваа проблематика потребно е да се понудат и проучат бројни религиски текстови, па во таа насока се дава приказ на стихови и одредби најпрвин од Стариот завет (Тората), а потоа од Куранот. По однос на имотниот криминалитет и санкционирањето на истиот постојат сличности.

6.1. Стар завет

- „Ако некој украде јунец или овца и ја заколе, или продаде, да даде пет јунци за еден јунец и четири овци за една овца“.[15]
- „Ако се фати крадец како поткупува и ранет умре, тоа не се смета за убиство“. Но, ако сонцето веќе се појавило над него, виновен е за крв. И крадецот мора да ја надомести штетата. А, ако нема ништо, тогаш тој треба да биде продаден за својата кражба. Ако кај фатениот се најде она што го украл, во неговата рака живо, било осел, било овца, да го врати двојно“.[16]
- „Ако некој уништи нива или лозје пуштајќи го својот добиток да пасе во туѓа нива, да ја надомести штетата за целата нива, да надомести со најдоброто од својата нива и најдоброто од своето лозје според плодот од својата нива, ако ја уништи“.[17]
- „Ако се појави оган, па тој го зафати трњето и се запали гумното или класјето или нивата, оттогаш оној кој го предизвикал пожарот, да плати“.[18]
- „Кога некој му даде на ближниот свој пари или предмети на чување и тие бидат украдени од домот негов, крадецот ако се фати, ќе плати двојно“.[19]

[15] Библија, Стар завет, Втора книга Мојсеева 22:1.

[16] Исто, 22:2,3,4.

[17] Исто, 22:5.

[18] Исто 22:6.

[19] Исто 22:7.

Во шеријатското право е ноторен фактот дека важи талионот, а имотните деликти се казнуваат со телесни казни (во извесни случаи кога е оштетена државата и со капиталната казна). Извор на овој правен систем не претставува само Куранот, туку и хадисите и суните. Во Куранот постои основата на која другите акти се надополнуваат. Таква основа претставува и следниов ајет (стих): „А казната за злото е слично зло, а тој што ќе прости и ќе се поправи Алах ќе го награди; Тој навистина не ги сака тие што чинат неправда. А тој што ќе возврати со иста мерка откако му е сторена неправда, па таквите не можат да бидат казнети, а ќе бидат казнети тие што ги угнетуваат луѓето и тие што без никаква основа го нарушуваат редот на Земјата, нив ги чека болно страдање“.[20]

Поексплицитен и нормативно прецизен ајет од поглавјето на Куранот -„Тие што не мерат чесно“, каде се вели: „Тешко им на тие што не мерат чесно, кои полна мерка земаат кога купуваат од други, а кога им мерат на други (на литар или во кантар) – крадат“.[21]

7. ИМОТНОПРАВНИ ОДНОСИ ВО КАНОНСКОТО И ШЕРИЈАТСКОТО ПРАВО

Респективно на претходно цитираните стихови од светите книги, кои регулираат санкционирање на имотните деликти, потребен е и кус приказ на стиховите кои ги регулираат и имотните односи, а по ист редослед. Така, во Стариот завет постојат бројни правни одредби од аспект на имотните односи, а за тоа колку биле важни истите говори и Втората книга Мојсеева од Петтокнижието каде во детали е објаснет дури и данокот кој требало да го даваат Израелитите спрема теократската власт.[22] Тората (Петтокнижието) е извор на правото во Република Израел.[23]

7.1. Стар завет

- „Разделете си ја таа земја на делови според Израилевите колена. А, разделете ја со ждреб како наследство свое и наследство на другоземци што живеат при вас и кои родиле деца при вас, па и тие нека се сметаат како туѓоземци и да имаат дел од наследството меѓу колената Израилеви. При чие колено живее туѓоземец, и нему дајте му и негово наследство, вели Господ Бог.“[24]

[20] Куран, 42:41,42.

[21] Куран, 83:1-3.

[22] Пример: „Сите што доаѓаат на пребројување, а имаат по 20 години и нагоре, треба да даваат принос за Господа. Богатиот да не дава повеќе, а сиромавиот да не дава помалку од половина дидрахма, кога даваат принос на Господа кога се молите за откуп на душите ваши.“ Извор: Втора Книга Мојсиева 30:15,16.

[23] Ова пред сé се однесува на семејното право. https://en.wikipedia.org/wiki/Israeli_law.

[24] Библија, Стар завет, Книга на пророкот Језекиил 47:21-23.

- „Зашто Господ, твојот Бог ќе те благослови како што ти говорел и ти ќе даваш заем на многу народи, а самиот нема да земаш заем; и ќе владееш со многу народи, а над тебе нема да владеат“.[25]
- „...и да не ги умножува жените свои за да не се разврати срцето негово и да не натрупува сребро и злато прекумерно“.[26]

7.2. Куран

- „И знајте дека од сè што ќе заплените за време на борба, една петина им припаѓа на Алах и на пратеникот, и на роднините негови, и на сирачињата, и на сиромашните, и на патниците, ако верувате во Алах и во тоа што го објавивме на робот Наш на денот на одвојувањето на вистината од невистината, на денот кога се судрија двете војски, а Алах може сè“.[27]
- „О, верници, многу свештеници и монаси, навистина, на недозволив начин туѓите имоти ги трошат и од Алаховиот пат одвраќаат. На тие кои златото и среброто го збираат и на Алаховиот пат не го трошат, најави им болно страдание!.. Тргнувајте во бој, било слаби или силни, и борете се на Алаховиот пат заложувајќи ги имотите свои и животите свои! Тоа ви е, да знаете, подобро!“[28]
- „А има и други кои гревовите свои ги признаа и кои добрите дела со други, кои се лоши, ги измешаа, на нив, може да биде, Алах да им прости, бидејќи Алах простува и милостив е. Земи од добрата нивни зекат,[29] со него да ги исчистиш и благословени да ги направиш, и помоли се за нив, молитвата твоја сигурно ќе ги смири...“[30]
- „Кажи им на Бедуините кои изостанаа: `Ќе бидете повикани да се борите против народ со жестока сила, сè додека не примат ислам. Па ако послушате, Алах убава награда ќе ви даде, а ако одбегнете, како и досега што одбегнувавте, ќе ве казни со болна казна...Алах е задоволен со тие верници кои под дрвото ти се заколнаа на верност. Тој знаеше што е во срцата нивни, па спушти спокој врз нив, и ќе ги награди со блиска победа и со богат плен што ќе го земат...“[31]

---

25 Библија, Стар завет, Петта книга Мојсеева 15.6

26 Исто, 17:17.

27 Куран, 8:41.

28 Куран, 9:35, 41.

29 Зекат или џизија (џеза) е данок кој се плаќа во калифатот. Со оглед на тоа што неверниците биле со повеќе основи за одаточување, некои од тие основи во денешна смисла може да се толкуваат како дискриминација од страна на самата држава. Постојат и други ајети кои го легализираат ваквиот даночен систем. Пример: „Кога ќе поминат светите месеци, тогаш убивајте ги многубошците каде и да ги најдете, заробувајте ги, опсадете ги и на секој премин дочекувајте ги! Па ако се покајат и почнат намазот (молитвата) да го извршуваат и зекат да даваат, оставете ги на мира, бидејќи Алах навистина простува и милостив е. Куран 9:5.

30 Куран, 9:102,103.

31 Куран 48:16,18,19.

8. ИМОТНА ДЕСТРУКЦИЈА ОПИШАНА ВО ТОРАТА, БИБЛИЈАТА И КУРАНОТ

Примарен интерес се религиските стихови кои претставуваат „заповеди“ за екстремистите и фундаменталистите за да извршат деструкција по имотот на иноверните.

8.1. Стар завет

- „И отидоа во војна против Мадијам, како што му заповеда Господ на Мојсеја и ги убија сите од машки пол, а заедно со убиените од нив, ги убија и мадијамските цареви; го убија со меч Валаам, Веоровиот син, заедно со нивните убиени. Мадијамските, пак, жени и децата нивни, синовите Израилеви ги зедоа во плен и сиот нивни добиток и сите стада нивни и целиот имот нивни, го заграбија; сите градови нивни во нивно владение и сите села нивни, со оган ги изгореа. И го зедоа сето заграбено, од човек до добиток“.[32]
- „Кажи им на синовите Израилеви и речи им: кога ќе минете од оваа страна на Јордан во хананската земја, погубете ги од пред себе сите жители на оваа земја, разрушете ги сите нивни храмови и сите излеани идоли, разрушете ги и сите нивни жртвеници, разорете ги. Погубете сè живо во таа земја и завладејте ја и населете се во неа зашто Јас ви ја давам таа земја да ја владеете“.[33]
- „Но, постапете со нив вака: жртвениците разрушете им ги, столбовите нивни разбијте ги и дабовите нивни исечете ги и резаните ликови нивни, со оган изгорете ги зашто ти си свет народ на Господа, твојот Бог тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов сопствен народ меѓу сите народи што се на земјата...Ликовите од боговите нивни со оган изгорете ги; да не ти се присака да го земеш среброто или златото што е на нив, за да не биде тоа за тебе јамка, бидејќи е тоа одвратност пред Господа, твојот Бог“.[34]
- „Ако чуеш за некој од градовите твои, што Господ, твојот Бог ти ги дава за да се населиш во нив, дека во него се појавиле нечесни луѓе пред тебе и ги соблазниле сите жители на нивниот град, велејќи: ајде да им служиме на други богови, кои вие не ги познавате, - ти испитај и дознај добро: и ако е тоа чиста вистина, дека е направена таква одвратност меѓу вас, погуби ги нив и жителите на тој град со сечилото на мечот, проколни го него и сè што е во него, а сите добра од него собери ги среде плоштадот негов и изгори го со оган градот и сите добра од него пред целиот народ, пред Господа, твојот Бог, и да биде тој вечно пуст, никогаш да не се обнови“.[35]

32 Библија, Стар завет, Четврта книга Мојсеева 31:7-11.

33 Исто, 33:51-53.

34 Исто, Петта книга Мојсеева 7:5,6,25.

35 Исто, 13:12-16.

- „Ако, пак, не се согласи на мир со тебе и почне да војува против тебе, опколи го; и кога Господ, твојот Бог ќе го предаде во рацете твои, погуби со сечилото на мечот сè што е машко кај него; само жените и децата, добитокот и сè што има во градот, запленете го за себе и користи се со пленот на непријателите свои, кои Господ, твојот Бог, ти ги предал. Така постапи со сите градови што се многу далеку од тебе, а кои не се градови на тие народи“.[36]
- „Ќе посака човек да појде в град и не ќе може, зашто поради нивната гордост ќе востанат градовите, нивните куќи ќе бидат разурнати, а луѓето ќе бидат опфатени во страв“.[37]
- „Стани и удирај ќерко Сионова, оти јас ќе го направам рогот твој железен и копитата твои бакарни; ќе прегазиш многу народи, и нивните трудови и богатства ќе ги посветиш на Господа - Владетелот на целата Земја...Тогаш ќе се крене раката Твоја над непријателите Твои и тие ќе бидат истребени. И во оној ден, вели Господ, ќе ги истребам коњите твои пред тебе и ќе ги уништам колите твои; и ќе ги сотрам градовите во твојата земја и ќе ги растурам сите тврдини твои...ќе ги уништам идолите и резаните ликови меѓу тебе - и нема веќе да се клањаш на творби од рацете твои“.[38]

Дури и словото кое пропагира љубов и простување, Новиот завет може да биде инспирација за насилство од страна на религиските фанатици ако се има предвид апстрактното толкување на настанот кога Исус го растура пазарот направен пред влезот на храмот во Ерусалим, а кој настан е опишан од сите четворица евангелисти:

„И кога влезе во храмот (Исус), почна да ги пади оние што продаваа и купуваа во него, велејќи им - Напишано е: Домот Мој е дом за молитва, а вие го направивте разбојничка пештера“.[39]

„Се приближуваше Пасха јудејска и Исус се искачи во Ерусалим; и ги затече во храмот оние што продаваа волови, овци и гулаби, и менувачите на пари - како седат. И кога направи камшик од врвци, ги истера од храмот сите, и овците и воловите, а на менувачите им ги растури парите и ги испреврти масите; па им рече на оние што продаваа гулаби: `Носете го тоа одовде, и од домот на Мојот Отец немојте да правите дом за тргување“.[40]

„И, пак, дојдоа во Ерусалим. Кога влезе Исус во храмот почна да ги пади оние што продаваа и купуваа во храмот и им ги преврти масите на менувачите

[36] Исто, 20:12-15.

[37] Исто, Трета книга Езра 15:17,18.

[38] Библија, Стар завет, Книга на пророкот Михеј 4:13, 5:9,10,11,13.

[39] Библија, Нов завет, Свето евангелие според Лука, 19:45,46.

[40] Исто, Свето евангелие според Јован 2:13-16.

и столовите на оние што продаваа гулаби. И не дозволуваше никој преку храмот да пренесе каков и да било сад“.[41]

8.2. Куран

- „На тие што не веруваат нема ништо да им користат богатствата нивни, ни децата нивни кај Алах, и тие ќе бидат гориво за огнот“.[42]
- „Тие што не веруваат, ги трошат имотите свои за да одвраќаат од Алаховиот пат. Тие сигурно ќе ги потрошат, потоа поради тоа ќе жалат и на крајот победени ќе бидат. А тие што нема да веруваат, во џехенемот(пеколот) ќе бидат ставени“.[43]
- „Алах неверниците, полни со гнев, ги одби - ни малку не успеаја, а верниците Алах од борба ги поштеди – Алах, навистина, е моќен и силен, а следбениците на Книгата (Библијата) кои им помагаа, од тврдините нивни ги изведе, и страв во срцата нивни влеа, па едните ги убивте, а другите како заробеници ги зедовте, и ви даде да ја наследите земјата нивна и домовите нивни и богатствата нивни, и земјата на која претходно не чекоревте; Алах може сè“.[44]

Сепак, неизоставни и постојни се и благородните и правични религиски текстови по однос на имотните односи. Па, така, во Стариот завет се вели: „Малото богатство кај праведниот е многу подобро отколку големото богатство кај грешниците“.[45] или „Омразата предизвикува раздори, а љубовта ги покрива сите гревови. „Којшто крие омраза, има лажлива уста, а кој шири клетви е глупав“.[46] Во Куранот, пак, се вели: „Го знаеш ли ти тој што оној свет го негира? Па тоа е тој што грубо сирачето го одбива, и кој, да се нахрани сиромавиот, не поттикнува“.[47] Или „Тие кои даваат од тоа што им се дава, а срцата им се полни од страв затоа што ќе му се вратат на својот Господар - тие итаат да прават добри дела, и во нив другите ги надминуваат“.[48]

---

41 Исто, Свето евангелие според Марка, 11:15,16, аналогно и Свето евангелие според Матеја 21:12.

42 Куран, 3:10.

43 Исто, 8:36

44 Куран, 33:25-27.

45 Библија, Стар завет, Псалми 36:16.

46 Исто, Книга Соломонови изреки 9:12,18.

47 Куран, Позајмување, 107:1-3.

48 Куран, 23:60,61.

9. РЕПЕРКУСИИТЕ ПО ИМОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ВЕХЕМЕНТНОСТА НА СТОРИТЕЛИТЕ НА ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доколку не се земе предвид кризната 2001 година во Република Македонија, како и годините потоа во кои, навистина, постоеја случаи на сторени казнени дела од верска омраза, со мошне деструктивни последици, кои понекогаш претставуваа и разрушени и запалени верски храмови, но за кои, пред сè, пресудно влијание имаа посттрауматските стресови и постконфликтните психози, тогаш во последната декада, почнувајќи од 2010 година, Република Македонија е подрачје со намален интензитет на овие казнени дела. Дури ниту Европската комисија против расизам и нетолеранција [ЕКРН], основана од Советот на Европа, како независно тело за набљудување на човековите права, кое е специјализирано за прашања поврзани со расизмот и нетолеранцијата, во Извештајот од направениот петти мониторинг од 2016 година[49], не констатира зголемен број на вакви казнени дела[50] и покрај тоа што ЕКРН ги поттикнува властите да го решат прашањето за регистрација на малцинските верски групи, без натамошно одложување, а како би се избегнале понатамошните верски конфликти.

Специфично за Република Македонија е дека верскиот идентитет често пати е преклопен со етничкиот, бидејќи и линиите на поделба на двата најбројни етноса, генерално, се поклопуваат по таа диверзификација, во смисла дека Македонците, главно, се христијани, а Албанците - муслимани. Аналогно на тоа, за проучувачите се отежнува препознавањето за тоа, кога и кое казнено дело е сторено од верска омраза, а не од етничка омраза.

Од аспект на емпириските проучувања на оваа материја, значајна е работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија [МХК], бидејќи е единствената организација во Македонија која има систематски пристап кон делата од омраза, за разлика од државните институции кон кои се упатувани забелешки и преку извештајот на ОДИХР и Европската комисија за отсуството на документација, статистика и обуки за судии и обвинители за третирање на таквите инциденти и дела.

Според податоците на МХК, за разлика од 2013 година кога биле забележани 116 дела од омраза, во текот на 2014 година овој број е намален

---

[49] Индивидуалниот приод на ЕКРН во набљудувањето ги опфаќа сите држави членки на Советот на Европа, притоа, поаѓајќи од еднаква основа. Активностите се одвиваат во 5-годишни циклуси, опфаќајќи 9-10 земји годишно. Извештаите од првиот циклус, односно првиот круг на мониторинг беа завршени кон крајот на 1998 година, тие од вториот круг кон крајот на 2002 година, тие од третиот круг беа завршени кон крајот на 2007 година, додека оние од четвртиот круг беа завршени на почетокот на 2014 година. Работата на извештаите од петтиот круг започна во ноември 2012 година.

[50] Види: http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/Country-by-country/Former_Yugoslav_Republic_Macedonia/MKD-CbC-V-2016-021-MAC.pdf.

на 87. Податоците околу делата од омраза се собирани преку темелна методологија и индикатори, а заклучокот е дека и понатаму, во текот на 2014 година доминантниот мотив на сторителите се однесува на етничката припадност на жртвите или 84 % од сторените дела се дела од омраза по основа на етничка припадност и насилство помеѓу двете најголеми етнички заедници во Република Македонија – македонската и албанската.[51] Значи, сумирано и ретроспективно, МХК, во 2013 година регистрирал повеќе од 116 казнени дела извршени од омраза од кои 11 се карактеризирани како дела од верска омраза, во 2014 година имало 80 казнени дела од кои 5 биле карактеризирани како дела од верска омраза, а, пак, во 2015 година биле регистрирани - 44 кривични дела, поттикнати од омраза, но само едно од нив било карактеризирано како кривично дело сторено од верска омраза.[52]

Исклучително треба да се има предвид дека не се сите казнени дела сторени од омраза насочени против имотот на граѓаните. Па така, од сите три презентирани годишни статистики каде се опфатени вкупно 17 казнени дела сторени од омраза, такви се 13, и тоа сметајќи ги и оние три случаи каде[53] станува збор за сторено казнено дело - Сквернавење на гроб од членот 400 од Казнениот законик кое воопшто не се наоѓа во Глава XXIII од Казнениот законик, насловена како: „Кривични дела против имотот“ (види погоре), туку во Глава XXXIII од Казнениот законик - Кривични дела против јавниот ред. Анализирано, пак, според припадноста на објектот на нападот, во 10 случаи станува збор за напад врз имот кој припаѓал на Црквата или го симболизирал христијанството, во 2 случаја станува збор за агресија врз имот кој припаѓал на Исламската верска заедница или го симболизирал исламот, а во еден случај станува збор за антисемитски напад.

10. ЗАКОНОДАВЕН НАЧИН НА БОРБА СО КРИМИНАЛИТЕТОТ

Во 2014 година, Министерството за правда формира работна група за криминалот од омраза, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во неа беа вклучени претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Јавното обвинителство (чиј претставник беше авторот на делово), Академијата за судии и јавни обвинители, претставници од високообразовните институции и неколку невладини организации. Како резултат на сугестиите од оваа група во 2015 година, Министерството за внатрешни работи отвори Црвена линија преку

[51] Види: http://www.zlostorstvaodomraza.com/.

[52] Случајот од 6 ноември во Крива Паланка кога по масовен протест во Крива Паланка наречен „Против исламизација на Крива Паланка“, пред исламски верски објект, група непознати сторители демолирала објект испишувајќи графити со христијански пораки на местото на настанот со што сториле казнени дела: Оштетување туѓи предмети од членот 243 од КЗ и Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од членот 319 од КЗ.

[53] Во сите три случаи станува збор за вандализам врз христијански надгробни споменици.

која може да се поднесуваат поплаки и да се пријавуваат случаи на говор на омраза на едноставен начин преку интернет.

Сознанијата и предлозите кои ги изработи оваа работна група беа бројни, но најпрвин се констатира потребата од дефинирањето на делата од омраза во Казнениот законик, па така беше понудена следнава дефиниција: „ Како дело од омраза, кога тоа е предвидено со одредбите на овој Законик, се смета кривичното дело сторено поради реална или претпоставена карактеристика на жртвата како раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, религија или верско уверување, физички и ментален хендикеп, пол или полов идентитет, сексуална ориентација, политичко уверување, возраст и статус на бегалец или маргинализирана група“. Се чини дека е потребна дополнителна интервенција за додавање и на поимот – имот, во оваа дефиниција. Дополнително, поимот мора да биде разјаснет на начин што ќе се наведе дека може да станува збор како за имот на физичко, така и за имот на правно лице, па дури и за имот кој претставува апологија на одликите на омразената група, а не е во сопственост или владение на припадник на таа група. Во делот од дефиницијата, пак, „религија или верско уверување“, би требало изречно да биде наведено и – неверувањето.[54]

Но, дури и без постоењето на дефиницијата, во македонското законодавство постојат солидни решенија кои се значајни алатки во справувањето со ваквиот криминалитет, а тоа, секако, би биле одредбите од членот 39 од Казнениот законик за општите правила за одмерување на казната, во кои како отежителна околност е предвидена и таа, доколку жртвата ги има својствата од сите параметри посочени погоре, во дефиницијата. За поздравување е и тоа што уникалниот Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната[55], кој стапи на сила во 2015 година, исто така, ги удостојува овие ситуации. За жал, реалноста е дека во практиката многу тешко се препознава ваквиот криминалитет од страна на надлежните органи и ретки се епилозите каде осудата спрема сторителот ќе го земе предвид и субјективниот елемент на постоење на омраза.

Сепак, Кривичниот законик во земјата сè уште не е целосно усогласен со Општата препорака бр. 7 на ЕКРН за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација.

Исто така, од аспект на ова поле на проучување, постои потреба да се

[54] Исто така, авторот на овој труд по однос на истата дефиниција предлагаше да се избегне терминот „раса“ од причини што ова е модерен став на ООН и треба да се вметне синтагмата „различна боја на кожата“ (Терминот раса е научно неиздржан), а, пак, после зборовите „политичко уверување“ треба да стои зборот „или фракционизам“. Ова бидејќи историјата и македонската практика покажа дека суровоста на политичките опоненти често пати ја чувствуваат сопартијците - соперници. Поговорката „Револуцијата ги јаде своите деца“ е доволен аргумент.

[55] *Службен весник на Република Македонија*, 199/2014.

обезбеди мало проширување на листата на казнените дела од Казниот законик коишто се во врска со имотот, а за кои е предвидено определено заострување на казнените санкции во случаите кога делата биле сторени од омраза, а, конкретно, ова би се однесувало на казнените дела: Кражба, Тешка кражба, Разбојништво и Оштетување туѓи предмети.

11. ЗАКЛУЧОК

Беа преживеани неколку револуции низ тривековната историја на Европа и многу крв беше пролеана во истите за да се избори сегашната состојба кога најголем дел од државите во северната хемисфера на Земјата се секуларни општества и демократии во кои се почитуваат основните човекови права. Модерноста посведочува дека овие поими се конвергентни, комплементарни, па дури и повеќе, заемно обусловени аксиоми за постигнување на - Слободата. Во денешните општества, бидејќи луѓето стануваа порационални, се претпоставуваше дека тие или веќе нема да имаат потреба од религија или ќе се задоволат со тоа да ја ограничат на личните и приватните области на нивните животи. Но, во доцните 70 години, фундаменталистите започнаа да се бунтуваат против оваа секуларистичка хегемонија и почнаа да ја извлекуваат религијата од нејзината маргинална позиција и да ја враќаат во центарот. Барем во ова, тие доживеаја извонреден успех. Религијата уште еднаш стана сила којашто ниту една влада не може да ја занемари без да претрпи последици.[56]

Казнените дела против имотот сторени од верска омраза не можат да се одвојат од корпусот на другите дела од омраза. За нив веќе постои солидна законодавна рамка која би ги препознала и санкционирала, но потребно е и системска реформа за поголема ефикасност на надлежните органи за рано детектирање на овие казнени дела и ефикасно прибавување на докази.[57]

Иако делата од верска омраза во последните три години бележат деклинација, проблемите не треба да се зафрлаат под тепих. Од тој аспект, неопходна е и превенција. Потребни се срдечни пристапувања на државните образовни институции кон граѓаните и нивното запознавање со предностите на секуларизмот. Толеранцијата не може да е неиспровоцирана. Таа доаѓа од почитта, а почитта од образованието. Без истото, толеранцијата би била само привид, тренд од куртоазија и култура на хипокризија, декларативност. Во

[56] Маркоски, А. (2015). *Верската омраза и секуларизмот како одговор*. Скопје: МАНУ и ОБСЕ, с. 67.

[57] Усвојувањето на ефективни мерки за спречување, определување и санкционирање на казнените дела од омраза е неодамнешна препорака на Република Македонија во Извештајот на Работната група за Универзалниот периодичен преглед на ООН за 2014 година. Извор: ОДИХР. (2016). *Коментари во врска со предлозите за измена и дополнување на одредени одредби од Казниот законик на Поранешна Југословенска Република Македонија во врска со кривичните д).ела мотивирани од пристрасност*. Варшава: ОДИХР.

образованието да не се прифати веронауката, креационизмот. Потребна е и нова редакција на поимањето на историјата и неутрализирање на култот кон старите империи[58], култ кој уште во семејните домови предизвикува навивачка атмосфера и омраза. Освен образовните институции, неопходни се ангажмани и на другите државни органи, а посебно корективите во општеството: правосудството, новинарството, парламентот[59] и претседателот на државата. Правосудството има клучна улога во санкционирањето на сторителите на казнените дела, мотивирани од религиска омраза, а како деликт треба да се пропише и проповедањето на омраза и насилство во храмовите, па макар тие биле и буквални читања на светите писма.

Навистина, Република Македонија нема сеопфатна политика за интеграција, меѓутоа, има Стратегија за интегрирано образование, која, главно, ги засега двете најголеми етнички заедници. Исто така, постојат одредби кои ја промовираат интеграцијата на помалубројните етнички заедници („кои сочинуваат помалку од 20 % од вкупното население“), како и Стратегија за интеграција на Ромите (една од овие помалубројни заедници), како и Стратегија за бегалците, лицата кои уживаат супсидијарна заштита и други странски државјани.[60]

Сепак, историјата покажа дека токму религиските разлики и омразата можат да бидат разорни во континентални размери, дури и повеќе од етничките, па од тие причини неопходно е општеството да се подготви за несакани провокации и истото да има поголема доверба во државниот апарат дека ќе има капацитет да се справи со овие предизвици.

ЛИТЕРАТУРА

- Buddhism and Hinduism. (n.d.). У *Wikipedia: The Free Encyclopedia.* Преземено од: https://en.wikipedia.org/wiki/Buddhism_and_Hinduism
- Israeli law. (n.d.). У *Wikipedia: The Free Encyclopedia.* Преземено од: https://en.wikipedia.org/wiki/Israeli_law
- Jefferis, L. J. (2010). *Religion and political violence – Sacred protest in the modern world.* New York: Routledge.
- Rebellion of the Alpujarras. (n.d.). У *Wikipedia: The Free Encyclopedia.* Преземено од: https://en.m.wikipedia.org/wiki/Rebellion_of_the_Alpujarras_(1568%E2%80%9371).

[58] Самите, пак, историски империи, несомнено беа со колонистички или поробувачки идентитет и без демократски капацитет.

[59] Интересно решение е да се дополни Деловникот на Собранието со кој ќе бидат предвидени пенали и глоби за пратениците кои нивното уставно право на слобода на говор и изјаснување го злоупотребуваат и демонстрираат говор на омраза.

[60] Извор: ЕКРН. (2016). *Извештај на ЕКРН од направениот петти мониторинг од 2016 година.* с. 23.

- Sklendar, N. (1991). *Zbilja religija – Religija o sebi i o socio-kulturnom kontekstu*. Hrvatsko filozofsko društvo.
- Stojanov, A. (2003). *Nakazatelno pravo - osobena čast: prestaplenija protiv sopstvenosta*. Sofija: SIELA-Soft and Publishing.
- *Wikipedia: The Free Encyclopedia*. (n.d.). Преземено од: Wikipedia: The Free Encyclopedia: https://en.wikipedia.org.
- ЕКРН. (2016). *Извештај на ЕКРН за Република Македонија од направениот петти мониторинг од 2016 година.*
- Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната. *Службен весник на Република Македонија,* 199/2014.
- *Злосторства од омраза.* (n.d.). Преземено од *Злосторства од омраза*: www.zlostorstvaodomraza.mk.
- Камбовски, В. (2003). *Казнено право - посебен дел.* Скопје: Просветно дело.
- Кривичен законик на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија*, 37/1996, 80/1999, 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 185/2011, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015.
- Маркоски, А. (2015). *Верската омраза и секуларизмот како одговор.* Скопје: МАНУ и ОБСЕ.
- Михајлова, Е. (2012). Културниот идентитет и делата од омраза (Докторска дисертација). Скопје: Правен факултет.
- ОДИХР. (2016). *Коментари во врска со предлозите за измена и дополнување на одредени одредби од Кривичниот законик на Поранешна Југословенска Република Македонија во врска со кривичните дела мотивирани од пристрасност*. Варшава.
- Смит, А. (1997). *Богатството на народите, том 1-3*, Скопје: Штрк.
- Устав на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија*, 52/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005 и 3/2009.

КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ПОПРЕЧЕНОСТ – СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА

Жанета Попоска[1]

РЕЗИМЕ

Криминалот од омраза врз основа на попреченост е форма на криминал од омраза, којшто произлегува од пристрасноста или предрасудите на сторителот врз основа на вистинска или претпоставена попреченост на жртвата, или поради поврзаноста на жртвата со лице со попреченост (дискриминација по асоцијација). Иако, споредбено, попреченоста поретко се зема предвид при изработка на законодавство за борба против криминалот од омраза, сепак, како и другите видови на кривични дела од омраза и криминалот од омраза врз основа на попреченост се смета за глобален феномен кој се јавува во многу форми, од вербална злоупотреба и оштетување на имот, па сè до напад и убиство. Македонското општество не е исклучок од ваквиот тренд.

Овој труд ги разработува составните елементи и карактеристики на криминалот од омраза врз основа на попреченост, потоа постојните стандарди за спречување и заштита, како и клучните предизвици во однос на непријавувањето на криминалот од омраза врз основа на попреченост, како и превентивното така и реактивното пријавување, односно *пост-факто* пријавувањето. На крајот, се анализира недостатокот на официјални податоци за криминалот од омраза врз основа на попреченост и недоволната поддршка за жртвите.

Конкретно, трудот ја анализира поставеноста на попреченоста како заштитна карактеристика во националното законодавство во однос на меѓународните стандарди, како што е Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, при што се критикува националното законодавство поради неговата заснованост на медицинскиот модел на дефинирање на попреченоста, кој, пак, е застарен во современото меѓународно право. Исто така, трудот ја разработува слабата позиција на криминалот од омраза врз основа на попреченост во националното законодавство, како и неговите карактеристики. Трудот користи резултати од истражувања и анкети за да ги илустрира релевантните трендови и движења, а во неговата изработка искористена е методологијата на анализа на релевантна литература.

Клучни зборови: попреченост, криминал од омраза, непријавување.

[1] Др Жанета Попоска е доцент по предметот Човекови права на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така, таа работи како службеник за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. E-mail: zaneta.poposka@ugd.edu.mk

1. ВОВЕД

Современите општества сметаат дека законот е моќна алатка, која ја толкува општествената реалност и вклученоста на сите поединци во модерниот општествен живот. Денес, оваа алатка се користи во борба против дискриминацијата и криминалот кои резултираат од различното постапување и насочените напади врз лицата со одредени заштитни карактеристики како што се: етничката припадност, полот, родот, попреченоста, религијата и уверувањето, возраста, сексуалнатаориентација и слично, како и за борба против стереотипите и предрасудите на луѓето кон овие лица или групи, нивната стигматизација и исклученост од општествените текови. Стереотипите и предрасудите против одредена група во општеството резултираат со ограничување на правото на избор на припадниците на одредената група и водат кон нивна подреденост, нееднаквост, дискриминација, стигматизација, изложеност на говор на омраза и, евентуално, може да доведат до насилство мотивирано од предрасуди.

Предрасудите и стереотипите кон различни групи на лица, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, длабоко се вкоренети во секојдневниот живот. Предрасудите претставуваат аверзија заснована на погрешна или строга генерализација која може да биде изразена, почувствувана или насочена кон група на лица со одредена заштитна карактеристика, меѓу другите и кон лицата со попреченост, кон целата група воопштено или против нејзин одделен припадник, само поради припадноста кон оваа група.

Ваквите стереотипи и предрасуди против лицата со попреченост оневозможуваат на припадниците на засегната група да се гледа како на поединци или членови на општеството, како на поединци кои треба да бидат оценувани на индивидуална основа. Напротив, на нив се гледа како на припадници на одредена општествена група, создадена, главно, врз основа на негативните уверувања и ставови на мнозинството, кои, пак, се засноваат на предрасуди и стереотипи во однос на лицата со попреченост.

Преку генерализација на стереотипите, конкретните карактеристики потоа им се наметнуваат на поединците само поради тоа што тие припаѓаат на оваа група, при што се занемарува фактот дека секоја личност поседува засебни индивидуални карактеристики својствени само за таа личност (Попоска, 2015).

Судската практика на Европскиот суд за човекови права [ЕСЧП], како што вели Попоска (2015), покажува дека предрасудите, истовремено, се и причината и манифестацијата на дискриминациското постапување и доколку истите не се осудат како неприфатливи во општеството, тоа ќе придонесе за пораст на говорот на омраза, кој подоцна се развива во криминал од омраза. Попреченоста не е исклучок од ова правило. Доколку овие предрасуди и стереотипи не се спречат, во општеството постои ризик тие да бидат

озаконети и институционализирани во рамките на правниот систем. На пример, во случајот *Alajos Kiss* (Alajos Kiss v. Hungary, App. no. 38832/06, од 20 мај 2010 г.), Судот го разгледува концептот на постоење на стереотипи во однос на лицата со попреченост.

Имено, во посочениот случај, Европскиот суд за човекови права нагласува дека лицата со попреченост се предмет на историски предрасуди, кои имаат трајни последици и кои резултираат со општествена исклученост, а, од друга страна, ваквите предрасуди се вклучени во законските стереотипи кои забрануваат индивидуална процена на капацитетите и потребите на лицата со ментална попреченост (ст. 42). Ова е многу важен став на Судот, кој јасно утврдува дека предрасудите против лицата со попреченост често се институционализирани во законски оправдани стереотипи, кои од своја страна овозможуваат целосна општествена исклученост на оваа група на лица врз основа на законот.

Исто така, Судот истакнува дека: „Доколку ограничувањето на основните права се однесува на особено ранлива група во општеството, која претрпела значителна дискриминација во минатото, како што се лицата со ментална попреченост, маргината на уважување на државата е значително потесна и мора да има многу сериозни причини за какво било ограничување на основните права“ (ст. 42).

Затоа, државата има обврска да го препознае и идентификува штетното влијание на стереотипите и предрасудите, да се бори против истите во општеството и да се соочи со нив преку промена на општествените и културните трендови на однесување на одредени групи. Доколку ова не се спречи со примена на законодавството за заштита од дискриминација, тогаш стереотипите и предрасудите лесно може да резултираат во криминал од омраза. Како што покажува случајот *Ђорђевић,* кој е објаснет подолу во текстот, постои голема веројатност да настане ескалација на насилството кон лице со попреченост, со оглед на неговата екстремна ранливост, при што и полесните форми на вознемирување може лесно да резултираат со насилство доколку институциите не ги спречат навреме истите.

2. СОСТАВНИ ЕЛЕМЕНТИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ПОПРЕЧЕНОСТ

Криминалот од омраза врз основа на попреченост е криминал од омраза кој резултира од пристрасноста или предрасудите на сторителот во однос на попреченоста. Како и со другите форми на криминал од омраза, овој криминал не ги погаѓа само одделните жртви, туку испраќа негативна порака кон целата група на лица со попреченост. Во таа смисла, криминалот од омраза претставува „предупредувачки криминал“ преку кој сторителот испраќа порака до целото општество дека лицата со попреченост се

инфериорни и не припаѓаат на општеството. Криминалот од омраза има потенцијал да ја засили маргинализацијата, исклученоста и изолацијата на немоќните групи, како што се лицата со попреченост и, според тоа, да ги влоши односите меѓу заедниците (ENIL, 2014). Овој вид на криминал има потенцијал да ги подели општествата и да создаде циклус на насилство и одмазда. Затоа, властите во една држава имаат позитивна обврска да ги заштитат сите граѓани, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, од насилно однесување, како и остро да одговорат на овој вид на криминал.

2.1. Попреченоста како заштитна карактеристика

Со цел да го разбереме опфатот на заштитата, потребно е да ја дефинираме основата на попреченост. Практиката покажува дека дефинирањето на оваа специфична основа претставува тешкотија за државите од различни причини, а некои од тие причини се: еволутивната природа на оваа основа, која се менува следејќи го развојот на медицината и науката, тешкотијата да се направи разлика меѓу попреченост и хронично заболување, постоењето на различни модели на гледање на попреченоста низ историјата, од медицинскиот до социјалниот модел, како и поради фактот што групата на лица со попреченост опфаќа најразлични лица, од лица со физичка и сензорна попреченост па сè до лица со ментална и интелектуална попреченост.

И Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (КПЛП), исто така, не ја дефинира попреченоста. Наместо тоа, членот 1 од оваа Конвенција нуди само описна дефиниција на лицата со попреченост, наведувајќи дека „лицата со попреченост ги опфаќаат лицата кои имаат долгорочни физички, ментални, интелектуални или сензорни нарушувања, а кои во интеракција со различни пречки може да го попречат нивното целосно и делотворно учество во општеството на еднаква основа со другите“.

Современото законодавство, најчесто, се заснова на социјалниот модел на попреченост, затоа што ја одвојува попреченоста од индивидуата, ставајќи ја во контекст определен од односите меѓу индивидуалната попреченост и бариерите поставени од општеството и средината, кои може да ги спречат лицата со попреченост целосно и делотворно да учествуваат во општеството. Основната премиса гласи дека постоењето на попреченост (како лична карактеристика) не треба само по себе да е единствениот показател за физичката, менталната или социјалната способност на лицето. Според овој модел, лицата со попреченост се сметаат за субјекти кои имаат права, а не како предмет на истите права.

Попреченоста треба да се разгледува заедно со бариерите кои општеството ги создава во однос на лицата со попреченост и заедно со бројните предрасуди, стигматизацијата, сегрегацијата и долгата историја

на понеповолно постапување со оваа група на лица. Во согласност со овој модел попреченоста е социјален концепт.

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, во својата преамбула, односно став *е* и членот 1, го прифаќа социјалниот модел на попреченоста, опишувајќи ја истата како концепт кој еволуира и како состојба која резултира од „интеракцијата меѓу лицата со попреченост и пречките во средината и пречките кои произлегуваат од ставот кон лицата со попреченост, кои го оневозможуваат нивното целосно и делотворно учество во општеството на еднаква основа со сите други“, а не како попреченост која не може да биде одвоена од индивидуата. Затоа, Конвенцијата претставува симбол на промена во концептуализацијата на попреченоста, станувајќи така најсилната демонстрација и потврда на социјалниот модел на меѓународното ниво.

Во однос на опфатот на заштита на основата на попреченост, може да се каже дека опфатот на заштитата ја вклучува реалната и претпоставената попреченост на жртвата. Меѓутоа, во однос на тоа дали попреченоста ја вклучува моменталната состојба или, исто така, може да вклучи и некоја минатата состојба (на пример, ова е предвидено во законодавството на Ирска, Словачка и Обединетото Кралство), или, пак, некоја идна состојба е прашање кое треба да го одговори секое национално законодавство засебно. Ова прашање особено е важно поради фактот што постојат лица кои се генетски предиспонирани за одредени болести кои може да резултираат со попреченост или, пак, станале носители на вирус чии симптоми може да се појават во иднина (на пример, Хантингтонова болест, мултиплекс склероза, канцер или ХИВ/СИДА).

Сепак, доколку стриктно ја следиме пресудата на Судот на правдата на Европската Унија [СПЕУ] во случајот *Chacón Navas* (Sonia Chacón Navas v. Eurest Colectividades SA, C-13/05, [2006] ECR I-6467, од 11 јули 2006 година), треба да се направи разлика меѓу попреченост и болест, кои не се идентични концепти и затоа не може да се третираат исто (ст. 44). Денес многу земји го отфрлиле овој концепт како несоодветен. Покрај тоа, во некои земји како, на пример, Германија, Шведска, Обединетото Кралство и Ирска, идната попреченост како таква се споменува во дефиницијата за попреченост, сепак, условите кои треба да се исполнат со цел одреден случај да се смета за случај на идна попреченост не се многу јасни.

Исто така, по пресудата на Судот на правдата на Европската Унија, во случајот C*oleman* (S. Coleman v Attridge Law and Steve Law, C-303/06, 17 јули 2008 година), се додава уште еден елемент на *ratione personae,* односно, можноста за заштита врз основа на попреченост на лице кое нема попреченост, но е тесно поврзано со лице со попреченост, а се јавува како примарен давател на нега за тоа лице (заштита по асоцијација). Како што

наведува Судот, целта на Директивата 2000/78 за вработување и професијата е „борба против сите форми на дискриминација врз основа на попреченост ... начелото на еднакво постапување, содржано во Директивата во оваа област не се однесува на одредена категорија на лица, туку се повикува и се однесува на основите наведени во членот 1, вклучувајќи ја и попреченоста“ (ст. 38). Карактеристиката асоцијација со лице со попреченост е изречно предвидена во неколку национални законодавства, како, на пример, во Ирска, Шведска, Австрија (само за членови на семејството кои обезбедуваат нега за член на семејството со попреченост), Бугарија, Кипар и Франција (само за членови на семејството на лицето со попреченост).

На крајот, лицата со попреченост кои имаат и други ранливи карактеристики - поради нивниот социоекономски статус, етничката припадност, статусот на мигрант, возраст или род - се соочуваат со поголем ризик од насилство. Затоа, повеќекратните карактеристики, односно меѓусебната поврзаност на попреченоста и другите лични карактеристики, иманентно треба да се вклучат во општиот опфат на заштитата врз основа на попреченост.

Во светлина на погореизнесеното, може да се заклучи дека во однос на ефикасната заштита од дискриминација и од криминал од омраза врз основа на попреченост и во однос на вклучување на попреченоста во главните текови, потребно е да се состави посеопфатна дефиниција за попреченоста и за заштитната група, којашто ќе се заснова на социјалниот модел.

2.2. Карактеристики на криминалот од омраза врз основа на попреченост

Иако, споредбено, попреченоста поретко се зема предвид при донесување на законодавството против криминалот од омраза, сепак, како и другите видови на криминал од омраза и криминалот од омраза врз основа на попреченост може да се смета како глобален феномен кој се јавува во многу форми, од вербална злоупотреба и оштетување на имот, па сè до напад и убиство. Истражувањето подготвено од Агенцијата на Европската Унија за основни права, под наслов „Избор и контрола: правото на независно живеење“ (2012), покажува дека насилството, вознемирувањето и злоупотребата се искуства кои ги споделуваат многу лица со попреченост, што, пак, од своја страна, создава огромна пречка за нивно вклучување и учество во заедницата. Според Акцискиот план на Советот на Европа за унапредување на правата и целосно учество на лицата со попреченост во општеството (2006), постојат индикации дека стапката на злоупотреба и насилство против лицата со попреченост е евидентно повисока во споредба со стапката која се однесува на општата популација и е повисока за жените со попреченост, особено жените со потешка попреченост. Таква злоупотреба може да се јави во институциите или во контекст на други форми на нега и други ситуации,

вклучувајќи ја и семејната средина. Оваа злоупотреба може да биде сторена од туѓи лица или лица кои жртвата ги познава, при што може да се јави во различни форми, на пример, вербална злоупотреба, случаи на насилство или одбивање да се задоволат основните потреби на лицето.

Иако, секоја форма на непријателство кон лицата со попреченост не претставува криминал, сепак, сите случаи на намерно и насочено насилство кон нив имаат еден заеднички именител: тие се мотивирани од предрасуди, а жртвите се цел на напад само затоа што се лица со попреченост, или затоа што се сметаат за лица со попреченост или, пак, затоа што се поврзани со лице со попреченост. Сторителите на овој начин испраќаат особено омаловажувачка порака, затоа што тие ги напаѓаат лицата поради тоа што истите го претставуваат, односно инфериорни лица, а не поради тоа кои се тие како поединци, со тоа што жртвата е изложена на ризик од континуирана виктимизација. Насилството и непријателството може да имаат далекосежни последици, како, на пример, емоционални, физички и сексуални импликации, па дури и смртни последици за жртвата. Лицата со попреченост може да бидат присилени да ги променат своите дневни навики со цел да избегнат ризик. Како што истакнува Агенцијата на Европската Унија за основни права (2015), лицата со интелектуална попреченост или со ментални здравствени проблеми се изложени на особено висок ризик од виктимизација.

Како што беше споменато погоре во текстот, злоупотребата на лицата со попреченост може да се јави во повеќе форми, имено, од извикување на погрдни зборови на улица за лицата со попреченост, потоа малтретирање при користење на јавен транспорт, кражби во училиштата, злоупотреба на социјалните мрежи, па сè до закани со насилство на работното место или насилство и сексуална злоупотреба во институциите или од страна на давателите на услуги. Резолуцијата *ResAP(2005)1* за заштита од злоупотреба на возрасните и децата со попреченост, злоупотребата ја дефинира како кое било дејство или непостапување, што резултира со кршење на човековите права на ранлива личност, нејзините граѓанските слободи, физичкиот и ментален интегритет, достоинството и општата благосостојба, без разлика дали тоа е сторено со намера или од небрежност, вклучувајќи и сексуални односи или финансиски трансакции за кои лицето не дало согласност или не може полноправно да даде согласност, или кои се намерно експлоататорски. Во основа, злоупотребата може да се јави во разни форми како, на пример: *физичко насилство*, вклучувајќи и телесна казна, затворање - вклучувајќи затворање во домот или недозволување излез од домот, прекумерна употреба или злоупотреба на лекови, вклученост во медицински експерименти или вклучување во инвазивни истражувања, без согласност од страна на лицето и незаконско затворање на психијатриски пациенти; *сексуална злоупотреба и експлоатација*, вклучувајќи силување, сексуален напад, обид за сексуален напад, јавна соблазнителност, насилно вклучување во порнографија и проституција; и *психолошки закани и повреди*, најчесто во форма на

вербална злоупотреба, ограничување, изолација, отфрлање, заплашување, омаловажување или закани со казна или напуштање, емоционална уцена, произволност, негирање на статус на полнолетно лице и постапување со лицата со попреченост како со инфантилни лица, ускратување на индивидуалност, сексуалност, образование и обука, слободно време и спорт.

Според тоа, може да се заклучи дека терминот „злоупотреба“ опфаќа најразлични состојби, кои вклучуваат кривични дела, кршење на професионалната етика, практика која излегува надвор од воспоставените насоки или сериозно несоодветна нега. Некои од овие состојби спаѓаат и во доменот на дискриминација, а, пак, оние кои поседуваат елемент на пристрасна мотивација против лицата со попреченост при извршување на делото спаѓаат во доменот на криминал од омраза врз основа на попреченост. Исто така, многу е важно да се земат предвид инцидентите сторени врз основа на попреченост, кои опфаќаат дејства кои може да бидат слични со криминалот од омраза сторен врз основа на попреченост, но не ги поседуваат елементите на кривично дело. Инцидентите сторени од омраза може да станат криминал од омраза, доколку инцидентот ги поседува елементите на кривично дело (ENIL, 2014).

Иако државите не можат да гарантираат дека нема да се случи злоупотребата, потребно е истите да сторат сè што можат за да обезбедат заштита и да воспостават најсилни можни гаранции за заштита. Тие треба да обезбедат информации како да се избегне појавата на насилство и злоупотреба, како истите да се препознаат и како да се пријават. Државите треба да обезбедат пристап до кривичноправниот систем и да обезбедат надоместок на штета за лицата со попреченост кои биле жртви на злоупотреба. Исто така, лицата со попреченост кои доживеале злоупотреба или насилство треба да имаат пристап до соодветна поддршка. Треба да имаат систем во кој ќе имаат доволно доверба за да пријават злоупотреба и од кој потоа ќе може да очекуваат соодветна реакција, вклучувајќи и индивидуална поддршка. Со други зборови, ако еден систем цели да биде делотворен и да го намали потенцијалниот криминал од омраза врз основа на попреченост, тогаш одговорот на властите на овој проблем треба да се промени од реактивен кон проактивен, обезбедувајќи заштита на лицата со попреченост од сите акти на насилство.

3. СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА ОД КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ПОПРЕЧЕНОСТ

3.1. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост

На 13 декември 2006 година, Генералното собрание на Обединетите нации со консензус ја донесе Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Факултативниот протокол кон истата и ги отвори за потпишување на 30 март 2007 година, а истите стапија во сила на 3 мај 2008 година. Конвенцијата не само што е првиот правно-обврзувачки инструмент од областа на меѓународното право за човекови права во XXI век и не само што е една од деветте конвенции за човекови права кои се дел од основното меѓународно право за правата на човекот, таа, исто така, претставува и официјално прифаќање на попреченоста како прашање од областа на меѓународното право за човекови права. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост дава јасни правни, морални и политички насоки во врска со оваа промена, токму поради нејзината хибридна природа, опфаќајќи широк спектар на права, како што се граѓански и политички права, како и економски, социјални и културни права, со што се наметнува како највисок стандард за заштита на правата на лицата со попреченост. Конвенцијата по својот карактер е програмска, дефинирајќи ја општата рамка за релевантните политики, но недефинирајќи ги во детали активностите кои можат да се преземат за спроведување на таквите политики во практика. Тоа е оставено на секоја земја членка, која е обврзана да ги регулира таквите активности во согласност со нејзиниот правен, политички и управен систем.

Според тоа, Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост бара од земјите членки на Конвенцијата „да ги преземат сите соодветни законодавни, управни, социјални, образовни и други мерки за заштита на лицата со попреченост, во домот и надвор од него, од сите форми на експлоатација, насилство и злоупотреба, притоа, земајќи го предвид родовиот аспект“ (член 16). Таа, исто така, содржи одредби за потребата од информирање и едукација за тоа како да се избегнат, да се препознаат и да се пријават инциденти, за обезбедување на услуги за заштита кои треба да бидат приспособени на возраста, родот и попреченоста, а, исто така, содржи одредби за надзор на институциите и програмите од независни органи, потоа за поддршка на жртвите и, конечно, одредби за идентификација, истрага и гонење на насилство и злоупотреба.

3.2. ОБСЕ

На состанокот на Министерскиот совет, одржан во Мастрихт во декември 2003 година, земјите членки на Организацијата за безбедност и соработка во Европа [ОБСЕ] колективно ги прифаќаат опасностите кои произлегуваат од

криминалот од омраза и ја преземаат обврската за борбата против ваквиот вид на криминал. Потоа, земјите членки на ОБСЕ донеле голем број на одлуки со кои му даваат мандат на ОДИХР да работи на прашањето на криминалот од омраза, како што е одлуката на Министерскиот совет бр.12/04, одлуките на Постојаниот совет бр. 607 и 621 (ОДИХР, 2009) (*Permanent Council Decisions No. 607 and No. 621 (ODIHR, 2009)*. Како што е наведено во Одлуката на Министерскиот совет бр. 9/09, земјите членки прифаќаат дека криминалот од омраза е кривично дело со мотив на пристрасност. Меѓутоа, сè уште не постои консензус меѓу земјите членки за тоа кои групи, конкретно, треба да бидат заштитени од криминал од омраза и кој вид мотив на пристрасност треба да се следи. Ова прашање е оставено на секоја од земјите да одлучи сама за себе и да го регулира истото во зависност од нејзиниот национален контекст.

Иако, од една страна, официјалното следење на криминалот од омраза врз основа на попреченост е ограничено (само 21 земја во регионот на ОБСЕ потврдува дека собира податоци за попреченоста како категорија на пристрасност), Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) го прифаќа криминалот од омраза врз основа на попреченост како широко распространето прашање со кое се соочуваат нашите заедници. Според Годишниот извештај на ОБСЕ - ОДИХР „Криминалот од омраза во регионот на ОБСЕ: Инциденти и одговори“ (2015), во 2014 година само шест земји во регионот на ОБСЕ известиле за криминал од омраза сторен врз основа на попреченост и тоа: Финска, Германија, Италија, Шпанија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави. Во повеќето земји кои пријавиле криминал од омраза врз основа на попреченост, бројот на случаи врз оваа основа е незначителен, освен во Шпанија и во Обединетото Кралство. На пример, во Финска, од 964 случаи на криминал од омраза евидентирани од полицијата, само во 14 случаи криминалот од омраза се заснова на пристрасност кон лицата со попреченост, вклучувајќи осум физички напади, еден случај на оштетување имот, две кражби и три случаи на закани. Во Германија, од вкупно 3.059 случаи, само 15 се случаи во кои има пристрасност против попреченост. Во Италија, од вкупно 596 случаи, само 3 случаи спаѓаат во оваа категорија. Во Соединетите Американски Држави од вкупно 6.385 случаи, само 95 се случаи на криминал од омраза врз основа на попреченост. Од друга страна, пак, во Шпанија, од вкупно 1.285 случаи на криминал од омраза евидентирани од полицијата, 199 се случаи на криминал од омраза врз основа на попреченост, од кои половина се физички напади, додека во Обединетото Кралство од вкупниот број на 52.853 случаи, 2.531 се случаи кои се базираат врз основа на попреченост. Може да се заклучи дека оваа форма на криминал сè уште не е видлива за органите за спроведување на законот. Со цел да се придонесе кон промена на оваа реалност, ОДИХР објави пристапна и информативна интернет-алатка,

односно интернет-страница за пријавување на криминал од омраза[2] - сè со цел собирање на податоци и унапредување на разбирањето на оваа појава.

3.3. Европска конвенција за човекови права [ЕКЧП]

Во контекстот на европското законодавство, криминалот од омраза го крши правото на човечкото достоинство, заштитата од нечовечно и понижувачко постапување и казнување и правото на недискриминација заштитени со Европската конвенција за човекови права. Со ова Конвенцијата ги обврзува земјите членки експлицитно да го предвидат мотивот на пристрасност кој стои зад криминалот од омраза, односно да ја тргнат „маската“ која го крие мотивот на кривичното дело, подвлекувајќи дека „третирањето на насилството и бруталноста со дискриминациски намери, еднакво со случаи кои немаат таква конотација, би претставувало свесно занемарување на специфичната природа на актите кои се исклучително деструктивни во однос на основните права *(Identoba and Others v. Georgia, App. no. 73235/12, од 12 мај 2015 г., ст. 67, Bekos and Kotropoulos v. Greece, App. no. 15250/02, од 13 декември 2005 г., ст. 69, Šečić v. Croatia, App. no. 40116/02, од 31 мај 2007 г., ст. 66)*.

Во случајот *Ђорђевић* (Đorđević v. Croatia, App. no. 41526/10, од 24 јули 2012 година), случај на криминал од омраза врз основа на попреченост, Судот утврдил дека властите не успеале да ја запрат ескалацијата на насилството и да ги заштитат жртвите од штетата сторена од трети лица, со што се прекршени правата на жалителот кои се заштитени со членот 3 (забрана за нечовечно или понижувачко постапување), членот 8 (право на приватен живот) и членот 13 (право на ефикасен правен лек). Имено, во случајот *Ђорђевић*, Судот разгледувал жалба поднесена од мајка и нејзиниот син со попреченост, кој бил вознемируван повеќе од четири години од страна на група на деца и млади луѓе кои живееле во соседството. Инцидентите, главно, се состоеле од вербална злоупотреба и други форми на анти- социјално однесување, почнувајќи од навреди со погрдни зборови, плукање, викање, цртање на навредливи цртежи на тротоарот и оштетување на имотот на семејството, со повремено ескалирање на инцидентите во посериозни акти на физичко насилство врз младиот човек со физичка и интелектуална попреченост, при што, на пример, рацете на лицето со попреченост биле горени со цигара или главата му била удирана од ѕид, предизвикувајќи интензивно страдање. Ова резултирало во менување на секојдневните животни навики на лицето со попреченост и неговата мајка. Разгледувајќи го случајот Судот утврдил дека „е особено загрижен од отсуството на каква било ангажираност на социјалните служби, како и од отсуството на какви било индикации дека биле консултирани релевантни стручни лица, кои можеле да дадат соодветни препораки и да работат со засегнатите деца.... како и дека за првиот жалител (лицето со попреченост) не бил обезбеден никаков советодавен третман, за да

[2] Види повеќе: www.hatecrime.osce.org.

му се помогне. Впрочем, Судот утврдил дека, освен обезбедување на одговор на одредени инциденти, надлежните органи не презеле какво било релевантно дејство од општа природа во целите на борбата против основниот проблем и покрај нивното знаење дека првиот жалител [лицето со попреченост] бил цел на систематска злоупотреба и дека злоупотребата многу веројатно може да се повтори и во иднина“ (ст. 148). Со оглед на погоре наведеното, Судот утврдил дека надлежните државни органи не ги презеле сите разумно потребни мерки за да ја спречат злоупотребата на првиот жалител и дека притоа го пренебрегнале фактот дека постои реален, предвидлив и континуиран ризик од повторување на таквите злоупотреби, па така Судот ги утврдил повредите како што се наведени погоре во текстот.

3.4. Европска Унија

Во рамките на Европската Унија, покрај *Повелбата на Европската Унија за основните права (членови 21 и 26),* постои законодавство за криминал од омраза - *Рамковната одлука на Советот 2008/913/ЈНА*, но само во околности кога кривичните дела се мотивирани од расата, бојата на кожата, религијата, потеклото или националното или етничкото потекло. Агенцијата на Унијата за основни права во своето Мислење за Рамковната одлука за расизам и ксенофобија (2013) препорачува законодавството донесено на ниво на земја членка поедначкво да ги опфати сите форми на мотив на пристрасност, вклучувајќи ја и попреченоста. Исто така, во своите Заклучни согледувања за првичниот извештај на Европската Унија (2015), Комитетот за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, препорачува Унијата да преземе неопходни мерки за да се воведе попреченоста во главните текови во рамките на целото законодавство, во политиките и стратегиите за борба против насилство, злоупотреба и експлоатација и да обезбеди ефикасна заштита на сите лица од сите видови на попреченост во домашната средина и надвор од неа (ст. 45).

Од друга страна, пак, постои тенденција на зголемување на бројот на земјите членки на Европската Унија кои ја вклучуваат попреченоста како заштитна карактеристика во рамките на своите национални кривични закони. Како што известува Агенцијата на Европската Унија за основни права, од октомври 2014 година, групата на земји членки на Унијата кои изречно ја прифаќаат попреченоста како мотив за пристрасност во рамките на нивното кривично законодавство ги опфаќа Австрија, Белгија, Хрватска, Финска, Франција, Унгарија, Литванија, Холандија, Романија, Словенија, Шпанија и Обединетото Кралство. Овие земји, главно, се определиле за два различни пристапа во однос на казнувањето на криминалот од омраза врз основа на попреченост: *прво*, построги казни и *второ*, отежнувачки околности.

На крајот, доколку крајната цел е воспоставување на ефикасен систем за борба против криминалот од омраза, меѓу другото и врз основа на попреченоста, тогаш Директивата за правата на жртвите (2012/29/ЕУ) треба

да се транспонира во целост, особено оние одредби кои се однесуваат на обезбедување информации за жртвите (член 4), воспоставување и обезбедување на бесплатни услуги за поддршка (членови 8 и 9) и индивидуална оцена на жртвите од полицијата (член 22).

4. КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОДНОС НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ПОПРЕЧЕНОСТ

Некои од клучните предизвици во однос на криминалот од омраза врз основа на попреченост се: непријавувањето на криминалот од омраза врз основа на попреченост, превентивно и *пост-факто*, недостигот на официјални податоци за криминал од омраза врз основа на попреченост и недоволната поддршка за жртвите, предизвици кои детално се разработени во продолжение на текстот.

4.1. Непријавување и недостиг на официјални податоци

Непријавувањето на криминал од омраза, вклучувајќи го и криминалот од омраза врз основа на попреченост, претставува сериозен предизвик кој треба да се решава, доколку сакаме да воспоставиме ефикасен систем на превенција и заштита од криминал од омраза во целина. Две одделни студии подготвени во Обединетото Кралство покажуваат дека иако луѓето со попреченост се во позиција да бидат вербално и физички нападнати четири пати почесто од своите врсници без попреченост, тие, речиси, за половина се помалку подготвени да ги пријават кривичните случаи на полицијата. Како резултат на тоа, многу од овие кривични дела остануваат непријавени, не се гонат, а со тоа остануваат и невидливи. Истиот заклучок е донесен и во Годишниот извештај на ОБСЕ – ОДИХР, насловен како „Криминал од омраза во регионот на ОБСЕ: Инциденти и одговори“. Причините за непријавувањето на овој вид на криминал се најразлични. Според британските истражувања, лицата со попреченост може да одлучат да не го пријават криминалот од омраза поради страв од можни последици, поради загриженост дека нема да им се верува, или поради стравот од противтужба (Обединето Кралство, Scope, 2008). Други причини кои често се споменуваат го вклучуваат верувањето дека криминалот нема да се смета за доволно сериозен, или, пак, дека пријавата нема да се смета за кредибилна поради попреченоста на жртвата (Институт за истражување конфликти, 2009). Покрај тоа, интервјуата спроведени со голем број луѓе од страна на Агенцијата на Европската Унија за основни права, како дел од истражувањето „Избор и контрола: правото на самостојно живеење“ (2012), цитирано погоре, покажуваат дека лицата со интелектуална попреченост или ментални здравствени проблеми имаат ниско ниво на свест за своите права или, пак, знаење за постапката за поднесување пријава.

Покрај непријавувањето, постои и недостиг на официјални податоци за распространетоста на криминалот од омраза, вклучувајќи го и криминалот

од омраза врз основа на попреченост. Официјални статистички податоци во однос на криминалот од омраза врз основа на попреченост се достапни само во неколку земји. На пример, до крајот на 2014 година земјите кои го евидентираат овој вид на криминал се: Белгија, Канада, Хрватска, Кипар, Финска, Грузија, Германија, Унгарија, Италија, Латвија, Литванија, Молдавија, Србија, Словачка, Шпанија, Украина, Обединетото Кралство, Соединетите Американски Држави и Узбекистан. Сепак, сè поголемата вклученост на криминалот од омраза врз основа на попреченост во националните законодавства не се отсликува во бројот на официјални системи за прибирање на податоци. Така, се препорачува донесување на законодавство со кое државите ќе се обврзат да собираат и објавуваат податоци за криминал од омраза, поодделно за секоја основа, вклучително и за попреченоста како основа, како и одделно за повеќекратните карактеристики, како што се возраста и родот. Официјалното собирање на податоци за криминалот од омраза врз основа на попреченост треба да се дополни со истражувања за криминална виктимизација, кои вклучуваат прашања за криминалот мотивиран од пристрасност, со цел да се разјасни природата и опфатот на непријавувањето, искуствата на жртвите со попреченост во контактите со органите за спроведување на законот, причините за непријавување инциденти на криминалот од омраза и свеста на луѓето со попреченост за своите права (Агенција на Европската Унија за основни права, 2012).

Со цел да се подобри ваквата состојба, ОБСЕ/ОДИХР објави Водич за собирање на податоци и следење на криминалот од омраза, кој предвидува десет практични чекори за подобрување на системите за евидентирање на податоци, подобро разбирање на опфатот на непријавувањето, како и за охрабрување на жртвите да пријавуваат криминал од омраза (ОДИХР, 2014).

4.2. Недоволна поддршка за жртвите

Справувањето со криминалот од омраза врз основа на попреченост не бара само одлучен и координиран одговор на сите нивоа, вклучувајќи го и нивото на кривичноправен систем, туку бара и пристапни и бесплатни услуги за поддршка на жртвите, коишто се од суштинско значење за секоја жртва чии права биле прекршени. Ваквите услуги вклучуваат: итни повици преку факс или преку текстуална порака за лицата со оштетен слух, услуги за толкување со знаковен јазик, информации лесни за читање, полициски службеници кои ќе можат да ги посетат жртвите во нивните домови, достапни интернет-страници и пристапни полициски станици, упатства или обука за полициски службеници за соодветно постапување со жртвите со попреченост, итн. Во оваа фаза, овие мерки за поддршка сè уште се неразвиени на генерално ниво.

Жртвите на криминалот од омраза врз основа на попреченост доживуваат повисоко ниво на анксиозност, гнев, интензивен страв, уште поголема изолација и чувство на ранливост и депресија (Latvian Centre for Human

Rights, 2008). Како што беше јасно кажано во случајот *Ђорђевић,* обработен погоре во текстот, интензивното страдање предизвикано од криминалот од омраза врз основа на попреченост може да има значително негативно влијание врз лицето со попреченост и, исто така, може да се прошири понатаму од лицето со попреченост и да го засегне семејството и поширокаta средина. Затоа, исклучително е важно да се земе предвид емоционалното влијание на кривичното дело, со цел да се обезбеди соодветна поддршка за жртвите. Органите за спроведување на законот и организациите на лицата со попреченост мора да работат заедно за да се обезбеди постоење на иницијативи за соодветна поддршка за жртвите, во моментот кога жртвите пријавуваат и ги споделуваат своите искуства во однос на криминалот од омраза врз основа на попреченост (ENIL, 2014).

5. КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА ПОПРЕЧЕНОСТ - СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНИЈА

5.1. Дефиниција на попреченоста во националното законодавство

Во македонскиот контекст, прашањето на дефинирање на попреченоста е особено важно, бидејќи во случај на попреченост, воспоставувањето на услови за еднакво уживање на правата и слободите на лицата со попреченост често се заменува со нивната социјална заштита (Попоска, 2012). Законот за спречување и заштита од дискриминација не ја дефинира попреченоста, ниту заштитната група - лицата со попреченост. Ваква дефиниција е содржана во неколку други закони, како што е Законот за социјална заштита, Законот за вработување на инвалидни лица, Законот за инвалидски организации и Законот за заштита на децата, додека глувите лица и лицата со оштетен слух се дефинирани како заштитна група во рамките на Законот за употреба на знаковниот јазик.

Имено, членот 17 од Законот за социјална заштита не ја дефинира попреченоста, туку ја дефинира заштитната група на следниот начин: лице со попреченост, „во смисла на овој Закон се смета лице со ментална или телесна попреченост“. Ова е медицински заснована дефиниција и како таква е прилично ограничувачка, затоа што ги опфаќа само лицата со одреден вид на попреченост, а ги исклучува другите лица со попреченост, особено лицата кои страдаат од повеќекратна попреченост. Дефиницијата содржана во членот 2 од Законот за вработување на инвалидни лица, оди чекор понатаму, бидејќи е посеопфатна во поглед на заштитната група, вклучувајќи лица со различна попреченост, но оваа дефиниција, исто така, се заснова на медицинскиот модел и бара доказ за попреченост, при што попреченоста се утврдува од страна на Комисија при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што е спротивно на начелото на недискриминација. На крајот, дефиницијата на заштитната група, утврдена во согласност со членот 5 од Законот за инвалидски

организации, кој предвидува дека: „Лице со инвалидност во согласност со Законот за социјална заштита и Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој е поединец кој поради своите вродени или здобиени повреди и попреченост стекнати или создадени од нивната физичка или животна средина, не може сам делумно или во целост да ги задоволува личните, семејните и животните потреби за живот во средината во која живее“, до одреден степен го одразува социјалниот модел. Важно е да се истакне дека спротивно на дефинициите предвидени во Законот за социјална заштита и Законот за вработување на инвалидни лица, оваа дефиниција на лица со попреченост има многу поширок опфат на лична заштита и оди понатаму од пресудата на СПЕУ во случајот *Chacón Navas*, како што е објаснето погоре во текстот. Имено, од една страна, дефиницијата содржана во Законот за инвалидски организации не прави јасна разлика меѓу попреченост и болест (попреченоста, исто така, може да се стекне преку болест), а, од друга страна, оваа дефиниција експлицитно не вклучува временски ограничувања за критериумот на „постојана и долгорочна попреченост“, како што е предвидено во случајот C*hacón Navas*. Како резултат на ова, оваа дефиниција на секое лице кое има каков било вид на попреченост му овозможува да бара заштита во согласност со Законот.

Исто така, кога станува збор за опфатот на лицата кои можат да бидат заштитени, дискриминацијата врз основа на попреченост по асоцијација не е изречно забранета во националното законодавство, дури ниту во Законот за спречување и заштита од дискриминација, што значи дека националното законодавство не е целосно усогласено со пресудата на Судот на правдата на Европската Унија во случајот на *Coleman v Attridge Law*, обработен погоре. Во овој случај, Судот утврдил дека Директивата 2000/78/ЕЗ за забрана на дискриминација и вознемирување не се однесува на одредена категорија на лица, туку, со повикување на основите на дискриминација, таа, исто така, се применува и за лицата кои се поврзани со лицата со попреченост. Покрај тоа, македонското законодавство има и други недостатоци, како, на пример, непредвидувањето на заштита во случај на претпоставена попреченост.

Може да се заклучи дека постојните дефиниции, со исклучок на дефиницијата од Законот за инвалидски организации, целосно се засновани на медицинскиот модел за дефинирање на попреченоста и се спротивни на начелото на недискриминација, затоа што тесно ја дефинираат заштитната група. Според тоа, во законодавството е потребно лицата со попреченост да се дефинираат во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, врз основа на социјалниот модел, затоа што земјата ја ратификувала Конвенцијата на 29 декември 2011 година и таа е директно применлива во националното законодавство. Доколку лицата со попреченост се дефинираат на овој начин, ќе се создадат можности за ефикасно справување со дискриминацијата, како и со криминалот од омраза врз основа на попреченост.

5.2. Криминал од омраза врз основа на попреченост во националното законодавство

Националниот Кривичен законик од 2009 година содржи материјални одредби за кривичното дело и зголемување на казната (член 39 став 5) за криминалот од омраза. Кривичниот законик подоцна, во 2014 година, е изменет со што се проширува списокот на заштитни карактеристики и истиот се усогласува со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Членот 39 став 5, предвидува општа одредба која ги обврзува судовите да земат предвид одредени мотиви на пристрасност при изрекувањето на казната, вклучувајќи и пристрасност против попреченост. Конкретната одредба гласи: „при одмерување на казната, Судот посебно ќе земе предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, директно или индиректно, поради неговиот/нејзиниот пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други уверувања, образование, политичка афилијација, приватен или општествен статус, *ментална и телесна попреченост,* возраст, семејна и брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор“. Сепак, основата на попреченост не е дефинирана и кога ова е случај, изворот на толкување се презема од Законот за спречување и заштита од дискриминација или други закони кои ја регулираат оваа материја. Меѓутоа, од погорната анализа може да се види дека дефинициите на попреченост и заштитната група - лица со попреченост - во националното законодавство претежно се засноваат на медицинскиот модел на попреченост и не се во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Поради тоа, се препорачува да се подготват насоки за објаснување на опфатот на заштитните карактеристики, во согласност со членот 39 став 5 од Кривичниот законик.

Исто така, се подготвуваат нови измени на Кривичниот законик, (се очекува истите да бидат донесени до крајот на 2016 година) со кои ќе се воведе дефиниција на криминалот од омраза, како и измени во посебните кривични дела кои беа дополнети со пристрасноста како мотив. Се работи за следните кривични дела: Убиство (член 123), Телесна повреда (член 130), Тешка телесна повреда (член 131), Присилба (член 139), Противправно лишување од слобода (член 140), Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување (член 142), Загрозување на сигурноста (член 144), Спречување или сметање на јавен собир (член 155), Силување (член 186), Обљуба врз немоќно лице (член 187), Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188), Неукажување медицинска помош (член 208), Оштетување туѓи предмети (член 243), Злоупотреба на службената положба и овластување (член 353), Насилство (член 386) и Сквернавење на гроб (член 400). Во сите овие кривични дела вклучен е мотивот на пристрасност против попреченост.

По донесувањето на овие измени, значително ќе се подобри законската заштита од криминал од омраза, со тоа што истата ќе стане посеопфатна и поделотворна.

5.3. Одговори на криминалот од омраза врз основа на попреченост во земјата

Не постои официјален систем за прибирање податоци за криминал од омраза во земјата кој е воспоставен и одржуван при релевантните институции, поради што земјата постојано се критикува. Од друга страна, пак, од февруари 2013 година па сè досега, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Хелсиншкиот комитет за човекови права ја одржува интернет-страницата[3] на која граѓаните можат да пријават криминал од омраза или таков инцидент. До август 2016 година евидентирани се вкупно 286 инциденти од омраза. Најголем број од инцидентите кои се евидентирани во изминатите години се врз основа на етничка припадност, сексуална ориентација и политичка припадност на жртвата, додека во 2015 година најголем број од нападите биле извршени врз бегалци и мигранти. Случаите на криминал од омраза врз основа на попреченост се невидливи и има евидентиран само еден случај. Случајот на криминал од омраза врз основа на попреченост евидентиран од Хелсиншкиот комитет се случил на 22 декември 2015 година, близу селото Оризари, кога возач на такси, откако го земал патникот со попреченост, им се јавил на двајца пријатели и ја принудиле жртвата да им купи пијалак, да пуши марихуана заедно со нив, а потоа го истепале и го ограбиле, земајќи му 6,500 МКД (105 евра). Во овој инцидент, мотивот на предрасуди е попреченоста на жртвата, додека индикатор за предрасуди е природата на насилството – инцидентот се случил кога возачот на таксито забележал дека жртвата е лице со попреченост и тогаш ги повикал другите двајца сторители. Видот на кривичното дело кое се наведува во Кривичниот законик е насилство (член 386), телесна повреда (член 130) и кражба (член 237). Влијанието врз жртвата и врз заедницата се состои во тоа што овој инцидент ја доведува во опасност безбедноста на лицата со попреченост во дадената област.

За да се смени сегашната состојба на непријавување, се препорачува да се спроведе истражување за виктимизација, преку кое, меѓу другото, може да се добие увид во тоа зошто лицата се двоумат да го пријават криминалот мотивиран од предрасуди врз основа на попреченост и да се утврди какво е искуството на лицата со попреченост кои се жртви на криминалот од омраза врз оваа основа во нивните контакти со органите за спроведување на законот.

[3] Види повеќе: www.zlostorstvaodomraza.mk.

6. ЗАКЛУЧОЦИ

Насилството врз лицата со попреченост има многу форми и се случува во различни околности. Постојат многу причини за насилството, почнувајќи од негативните општествени ставови засновани на предрасуди и недостиг на знаење или разбирање на попреченоста, сè до стручни или индивидуални ставови вкоренети во нетолеранција за „другиот".

Иако законодавството за криминалот од омраза во изминатите години е подобрено, тоа сè уште во целост не ја опфаќа попреченоста. Некои од мерките кои можат да се преземат на национално ниво за подобрување на состојбите опфаќаат обезбедување на широк опфат на лична заштита врз основа на попреченост, осигурување дека систематски и редовно се прибираат разложени податоци за криминалот од омраза врз основа на попреченост и дека жртвите се охрабруваат и имаат доверба да го пријават нивниот случај при надлежните органи. Државите треба да гарантираат дека за секој случај на претпоставен криминал од омраза врз основа на попреченост ќе биде спроведена делотворна истрага и дека таквиот криминал ќе се гони и осуди во согласност со меѓународните стандарди и релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права.

Одредбите и постапките за криминалот од омраза врз основа на попреченост во македонскиот контекст сè уште се недоволно развиени, а има и сериозни предизвици во поглед на сеопфатното дефинирање на попреченоста како основа, во согласност со современите меѓународни стандарди. Покрај тоа, иако постои значаен напредок во законската заштита од криминалот од омраза во општа смисла, вклучително и од криминалот од омраза врз основа на попреченост, сепак, треба да се вложат уште многу напори од различни клучни актери со цел заштитата да биде посеопфатна и поделотворна. Тоа подразбира спроведување на обуки за полицијата, обвинителството и судството и воведување на официјален систем за прибирање податоци за криминалот од омраза во земјата, кој ќе биде воспоставен и одржуван од страна на институциите, како што се наведува во препораките на ОБСЕ. Постои значителен проблем на непријавување на криминалот од омраза врз основа на попреченост. Оттука, потребни се поголеми напори за подигање на свеста за оваа појава и нејзино пријавување од потенцијалните жртви.

ЛИТЕРАТУРА

- Association of Chief Police Officers. (2014). *Disability Hate Crime*. Retrieved 2016, August 5, from: http://www.acpo.presscentre.com/Press-Releases/ACPO-response-to-the-Criminal-Justice-Joint-Inspectorate-review-of-disability-hate-crime-202.aspx.
- Committee on the Rights of Persons with Disabilities. (2015). Concluding Observations on the initial report of the European Union. CRPD/C/EU/CP/1, October 2, 2015.
- Council Directive 2000/78/EC of 27 November 2000 establishing a general framework for equal treatment in employment and occupation. 2000. *Official Journal L 303, 02/12/2000 P. 0016 - 0022*. Retrieved 2016, August 8, from: http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32000L0078:en:HTML.
- Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28 November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law. Retrieved 2016, August 1, from: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32008F0913&from=EN.
- Court of Justice of the European Union, *S. Coleman v Attridge Law, Steve Law*, Case C-303/06, OJ C 224, July 17, 2008.
- Court of Justice of the European Union, *Sonia Chacón Navas v. Eurest Colectividades SA,* Case C-13/05, [2006] ECR I-6467, July 11, 2006.
- Criminal Code. *Official Gazette*, 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015.
- Crown Prosecution Service. (2007). *Policy for Prosecuting Cases of Disability Hate Crime*. Retrieved 2016, August 5, from: http://www.cps.gov.uk/publications/docs/disability_hate_crime_policy.pdf.
- EU Directive 2012/29/EU, adopted on October 25, 2012. Retrieved 2016, August 8, from: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32012L0029&from=en.
- European Court of Human Rights, *Alajos Kiss v. Hungary*, App. no. 38832/06, from May 20, 2010.
- European Court of Human Rights, *Bekos and Kotropoulos v. Greece*, App. no. 15250/02, from December 13, 2005.
- European Court of Human Rights, *Đorđević v. Croatia*, App. no. 41526/10, from July 24, 2012.
- European Court of Human Rights, *Identoba and Others v. Georgia*, App. no. 73235/12, from May 12, 2015.
- European Court of Human Rights, *Šečić v. Croatia*, App. no. 40116/02, from May 31, 2007.

- European Network on Independent Living. (2014). *Disability Hate Crime*. Retrieved 2016, August 8, from: http://www.enil.eu/wp-content/uploads/2014/11/Disability_Hate_Crime_Guide-FINAL-ENG-1.pdf.
- FRA. (2012). *Choice and Control: the right to independent living*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Retrieved 2016, August 2, from: http://fra.europa.eu/en/publication/2012/choice-and-control-right-independent-living.
- FRA. (2012). *Making hate crime visible in the European Union: acknowledging victims' rights*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Retrieved 2016, August 7, from: http://fra.europa.eu/en/publication/2012/making-hate-crime-visible-european-union-acknowledging-victims-rights.
- FRA. (2013). *Opinion on the Framework Decision on Racism and Xenophobia – with special attention to the rights of victims of crime*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Retrieved 2016, August 1, from:: http://fra.europa.eu/en/opinion/2013/fra-opinion-framework-decision-racism-and-xenophobia-special-attention-rights-victims.
- FRA. (2015). *Equal protection for all victims of hate crime*. *The case of people with disabilities*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Retrieved 2016, August 2, from: http://fra.europa.eu/en/publication/2015/equal-protection-all-victims-hate-crime-case-people-disabilities.
- FRA. (2015). *Victims of crime in the EU: the extent and nature of support for victims*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Retrieved 2016, August 7, from: http://fra.europa.eu/en/publication/2014/victims-crime-eu-extent-and-nature-support-victims.
- *Hate crimes.* (n.d.). Retrieved from Hate crimes: www.zlostorstvaodomraza.mk.
- Institute for Conflict Research. (2009). *Hate Crime against People with Disabilities-a baseline study of experiences in Northern Ireland*. Retrieved 2016, August 2, from: http://www.iccl.ie/categories/victims-project.html.
- Latvian Centre for Human Rights. (2008). *Psychological Effects of Hate Crime - Individual Experience and Impact on Community*. Retrieved 2016, August 5, from: http://cilvektiesibas.org.lv/site/attachments/30/01/2012/Naida_noziegums_ENG_cietusaji em_Internetam.pdf.
- Law on Disabled Persons' Organizations. *Official Gazzette*, 89/2008, 59/2012, 23/2013.
- Law on Employment of Disabled Persons. *Official Gazzette*, 87/2005 (consolidated version), 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016.
- Law on Social Protection. *Official Gazzette*, 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 148/2013 (consolidated version), 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 150/2015, 192/2015, 30/2016
- OSCE ODIHR. (2009). *Hate Crime Laws – A Practical Guide*. Warsaw: ODIHR. Retrieved 2016, August 2, from: http://www.osce.org/odihr/36426?download=true.

- OSCE ODIHR. (2015). Hate Crimes in the OSCE Region: Incidents and Responses, Annual Report for 2014.
- OSCE ODIHR. (n.d.). *Hate crime reporting*. Retrieved from OSCE ODIHR: www.hatecrime.osce.org.
- OSCE/ODIHR. (2014). *Hate Crime Data-Collection and Monitoring Mechanisms. A practical Guide*. Warsaw: ODIHR. Retrieved 2016, August 2, from: http://www.osce.org/odihr/datacollectionguide.
- Poposka Z. (2012). *Disability discrimination in the international human rights law*. Skopje: University „Sv. Kiril i Metodije" – Skopje, Law Faculty "Justinijan I".
- Poposka Z. (2015). *Stereotypes and Prejudices as Cause for Discriminatory Practices – Review of the Case Law of the European Court of Human Rights.* Skopje: OSCE Mission to Skopje.
- Recommendation Rec(2006)5 of the Committee of Ministers to member States on the Council of Europe Action Plan to promote the rights and full participation of people with disabilities in society: improving the quality of life of people with disabilities in Europe 2006-2015, adopted by the Committee of Ministers on April 5, 2006.
- Resolution ResAP(2005)1 of the Committee of Ministers on safeguarding adults and children with disabilities against abuse, adopted by the Committee of Ministers on February 2, 2005.
- UK Scope. (2008). *Getting Away with Murder – Disabled people's experiences of hate crime in the UK*.
- United Nations, Convention on the Rights on Persons with Disabilities. (2006). United Nations, Treaty Series, vol. 2515. OHCHR. Retrieved 2016, August 8, from: http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CRPD/Pages/ConventionRightsPersonsWithDisabilities.aspx.

КРИМИНАЛИСТИЧКО-ОПЕРАТИВНИ И ПРОЦЕСНИ АСПЕКТИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕТО НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Кире Бабаноски[1]
Весна Трајановска[2]

РЕЗИМЕ

Концептот на кривични дела сторени од омраза во Република Македонија сè уште не е прецизно разработен и развиен докрај, меѓутоа, постои интерес за поддршка на ваквите современи текови во кривичното право, поради заштита на луѓето и нивниот имот и превенција на идни појави.

Главниот предмет на трудот се криминалистичко-оперативните и кривичнопроцесните (истражни) аспекти и карактеристики во однос на откривањето, разјаснувањето и расветлувањето на кривичните дела сторени од омраза. За таа цел, се прикажуваат специфичностите во процесот на истражување и докажување преку оперативно-тактичките мерки и активности и истражните дејства кои им стојат на располагање на органите за кривичниот прогон (пред сè, на полицијата и Јавното обвинителство) при откривање на овие кривични дела. Посебно се разработуваат оперативните аспекти, како што се постоењето на индиции, поставувањето на верзии за настанот и планирањето на оперативната дејност. Притоа, особено е важен начинот на откривање и утврдување на мотивот, целта и намерата на сторителот, изборот на жртвата и нејзината припадност на некоја општествена група, како главни елементи за постоење и исполнување на битието на делото, преку утврдување и докажување на интеракциските врски на сторителот и жртвата, пред и за време на извршување на делото.

За ефикасност во откривањето на овие кривични дела, истражителите од органите за кривичен прогон, особено треба да имаат познавања на криминалистичките карактеристики: личноста на сторителот и жртвата, криминалната ситуација, *modus operandi* и трагите кои укажуваат на постоење на кривичното дело. Според тоа, процесот на откривање бара мултидисциплинарен пристап – владеење на криминалистичките и процесните принципи и правила во оперативната дејност, комбинирани со законитостите на другите блиски и сродни науки.

Клучни зборови: кривични дела од омраза, криминалистички аспекти, кривичнопроцесни аспекти, истражување, откривање, докази.

[1] Кире Бабаноски, доктор на науки од областа на безбедноста, доцент на Факултетот за безбедносни науки, МИТ Универзитет Скопје. E-mail: kbabanoski@gmail.com

[2] Мр Весна Трајановска, докторанд по правни науки од областа на кривичнопроцесно право, асистент на Факултетот за безбедносни науки, МИТ Универзитет Скопје.
E-mail: vesna.trajanovska@yahoo.com

1. ВОВЕД

Моментално, Кривичниот законик на Република Македонија не познава кривични дела мотивирани од омраза или пристрасност. Тоа значи дека тие не се издвоени како квалификувани облици на основните дела со пропишани построги кривични санкции, или издвојување на самиот мотив како отежнувачка или поостра околност при одмерувањето на санкцијата. Во македонското кривично законодавство концептот на кривично дело на омраза започна да се имплементира со Новелата на Кривичниот законик од 2009 година, со пропишувањето на општата одредба за одмерување на казната во членот 39 став 5 со која судовите при расправите околу изрекувањето на санкцијата се обврзуваат да ги земат предвид одредените мотиви на пристрасност и дискриминација поради припадноста на жртвата на некоја општествена група. Во однос на употребата на терминот омраза во Кривичниот законик на Република Македонија, се констатира дека постои негова директна употреба кај кривичното дело - Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (член 319) и кривичното дело - Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (член 407-а), а индиректно се јавува кај кривичното дело - Загрозување на сигурноста (член 144 став 4) преку укажувањето за припадноста на жртвата кон определена национална, етничка или расна група или верска определба. Во овие кривични дела омразата и пристрасната мотивираност се отежнувачки околности поради кои се пропишани потешки кривични санкции.

Во согласност со современите текови во науката за кривичното право и концептот на заштита на човековите слободи и права, од страна на меѓународните организации од оваа област, Република Македонија доби препораки за усвојување на ефективни мерки за спречување, определување и санкционирање на кривични дела мотивирани од омраза (Совет за човекови права, 2014, с. 18). Поконкретно, тоа значи „борба против неказнивоста на насилството врз маргинализирани лица мотивирано од нивната етничка, религиозна или сексуална ориентација, посебно преку покренување на свеста на јавното мислење и на полициските и судските власти“. Како резултат на тоа беа изработени предлози за измена и дополнување на одредени одредби од Кривичниот законик во врска со кривичните дела мотивирани од омраза, при што се предвиде воведување на нов став 23 во членот 122, со кој „кривично дело од омраза“ ќе се дефинира како „кривично дело против физичко или правно лице и со него поврзан имот кое е сторено во целост или делумно поради реалната или претпоставена карактеристика на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, национална или етничка припадност, религија или верско уверување, ментална или телесна попреченост, пол или родов идентитет, сексуална ориентација, политичко уверување, возраст или припадност на маргинализирана група“. Според ОБСЕ/ОДИХР (2009, стр. 53-56) оваа нова одредба помага да се зацврсти и точно да се одреди актуелниот концепт на

кривичните дела мотивирани од пристрасност, кои веќе се предвидени во членот 39 став 5 од Кривичниот законик. Со новиот став 23 во членот 122 се препознава концептот на таканаречените „комбинирани мотиви“, односно дејства кои само делумно биле извршени со мотиви на пристрасност. Таквите дејства ќе се сметаат за „кривични дела од омраза“ сé додека мотивот на пристрасност бил една од побудите во заднината на таквото дејство. Во однос на експлицитното вклучување на формулацијата „реална или претпоставена“ карактеристика, кривичното дело ќе биде класификувано како кривично дело мотивирано од пристрасност и доколку сторителот погрешно претпоставил дека жртвата припаѓа на одредена заштитена група (OSCE/ODIHR, 2009, стр. 50-51). Кај оваа одредба се идентификувани неколку недостатоци, за кои ОБСЕ има дадено свои предлози и мислења, меѓутоа, истите не се предмет на анализа во овој труд. Предлозите вклучуваат и одреден број посебни одредби за заострување на кривичната санкција за посебните кривични дела кои веќе се предвидени со Кривичниот законик, во случаи кога истите се извршени со мотив на пристрасност.

Главниот предмет на трудот се однесува на приказ на криминалистичките, оперативно-тактичките и процесните аспекти при откривањето, разјаснувањето и расветлувањето на овие кривични дела и нивните специфичности и разлики во однос на методиките на откривање на општите кривични дела, а кои се применуваат од страна на органите за кривичен прогон.

2. КРИВИЧНОПРАВЕН КОНЦЕПТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Постојат определени тешкотии во однос на дефинирањето на концептот на „омраза“ со оглед на тоа што е од субјективна природа. Кривичните дела на омраза претставуваат квалификувани (тешки) облици на повреда или загрозување на основните човекови слободи и права. Тие се прилично сложена општествена и криминална појава, со низа специфичности и разлики во однос на другите криминални облици (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 6). Првичната разлика е во однос на мотивот на сторителот, како субјективен елемент што им дава трансцендентален, преносен карактер. Следната посебност се состои во стратифицираниот објект на заштита, според кој третманот на некое кривично дело како дело на омраза, ќе зависи од тоа – дали кај сторителот постои посебен мотив на омраза или пристрасност спрема жртвата поради нејзиното својство на припадник кон определена социјална група.

Поимот „дело на омраза“ може да се дефинира во поширока, криминолошка, и во потесна, кривичноправна смисла (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 7).

Во криминолошка смисла овој поим ги подразбира сите негативни поведенија на поединците кои се мотивирани или имаат за цел создавање и распалување на омраза спрема поединци или групи луѓе врз расна, етничка, полова или друга основа, која една социјална група ја разликува од друга. Криминолошката дефиниција поаѓа од негативните социјални консеквенции на постапките мотивирани со омраза во однос на општествените односи и нивната стабилност, без оглед на тоа дали самото поведение, зад кое стои таков мотив или цел, е изречно предвидено со законот како кривично дело.

Во кривичноправна смисла, поимот „дело на омраза“ е дејство изречно предвидено со закон како кривично дело, мотивирано со непријателски однос кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група. Тоа е криминал на дискриминација, а дискриминацијата на жртвата врз расна, етничка, полова и друга основа е мотив или цел на насилнички акт со закон дефиниран како кривично дело.

Тоа би значело дека во моментов ние може да зборуваме за дело на омраза како криминолошки феномен, бидејќи сè уште овие дела не се инкриминирани во Кривичниот законик на Република Македонија. Во однос на користењето на унифицирана терминологија, во кривичноправната наука постојат спротивставени ставови, од една страна, за користење на зборот „омраза“ за кривични дела мотивирани од пристрасност и, од друга страна, за целосна замена на зборот „омраза“ со зборот „пристрасност“ и терминот „кривично дело од омраза“ со терминот „кривично дело мотивирано од пристрасност“ како технички точен термин, со оглед на тоа што пристрасноста е поширок поим во однос на омразата.

Омразата кај овие кривични дела е насочена кон повреда или загрозување на основните човекови слободи и права со кои се повредува и еднаквоста на слободите и правата, безбедноста, јавниот ред и мир. Тие се тешки облици на загрозување на основните постулати на демократската правна држава: толеранцијата, владеењето на правото, правдата и недискриминацијата, со што се доведува во прашање функционирањето на општествените односи, општествената стабилност, безбедност и сигурност, а се зголемува и степенот на конфликтност и општествена дезорганизација. Негативните последици на овие дела врз индивидуалните слободи и права се насочени врз поединецот како жртва, таргетираната група, другите ранливи групи, општествените односи во целина, како и прераснувањето на омразата, нетрпеливоста и непријателството во потешки форми на насилство.

Во посебниот кривичноправен третман на овие кривични дела, од аспект на оперативната дејност на органите за кривичен прогон треба да се напомни дека откривачката активност треба да биде насочена кон пронаоѓање докази кои го потврдуваат постоењето на омраза и дискриминирачка основа, како и утврдувањето на таквиот мотив во субјективната страна на делото.

„Кривичните дела мотивирани од пристрасност“ постојат кога сторителот намерно ја избира својата жртва врз основа на една или неколку заштитени карактеристики и кога таквиот избор може да се докаже преку дадени изјави, пишани зборови, слики, предмети, дејства, изрази на омраза, непријателство, предрасуда, гнев или преку други докази на пристрасност. Од друга страна, во отсуство на докази за намерно таргетирање, самиот факт што жртвата има заштитена карактеристика не е доволен за да може да се утврди кривично дело од омраза. Сепак, во секој случај на извршено кривично дело против лица со заштитени карактеристики, надлежните органи се должни да ги преземат сите оправдани мерки со цел да истражат дали претходно наведените елементи се присутни и дали конкретното кривично дело е „кривично дело од омраза“.

Во продолжение на трудот ќе бидат прикажани и појаснети криминалистичките и процесните аспекти на оперативно-тактичките мерки и активности и истражните дејства кои се преземаат поради откривање, расветлување и разјаснување на криминалните активности со елементи на омраза и пристрасност.

3. ОТКРИВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Откривачката активност на обележјата и доказите за кривичните дела мотивирани од омраза од страна на органите за кривичен прогон започнува со дознавањето за нивно планирање, поттикнување или постоење. До почетни оперативни информации за ваквите криминални активности се доаѓа на повеќе начини при работењето на овластените службени лица (Цуклески, 2009). Притоа, неблагодарно е да се врши некаква класификација, бидејќи според нивната примена и криминалистичка суштина повеќето од нив се испреплетуваат или надополнуваат, а како што претходно беше укажано, овие кривични дела може да бидат насочени спрема лица и спрема имот. Во криминалистичката практика, при дознавањето за постоење на кривични дела со елементи на омраза и пристрасност, од големо значење е соработката со граѓаните, како најголем извор на информации, затоа што нивна граѓанска и морална должност е да известат за каква било криминална активност, а, секако, тука е и криминалистичко-информативната дејност (Цуклески, 2005), преку ангажирањето на информатори, соработници, соработнички врски, прикриени агенти и слично. Притоа, оперативната дејност на полицијата дава добри резултати а најдобриот начин за откривање и спречување на ваквите кривични дела е т.н. „*in flagranti*“ ситуација, кога сторителот е изненаден при извршувањето на кривичното дело. Процесот на доаѓање до информации за планирањето на вакви кривични дела е отежнат, затоа што како насилнички кривични дела, по правило, тие се инцидентни, односно се извршуваат моментално, преку насилно посегање во слободите и правата, кои се мотивирани од непријателски однос, пристрасност или предрасуди кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата

социјална група, така што, нивното извршување, во најголем број од случаите, не е поврзано со некаков претходен плански процес.

По пријавата за постоење на вакви кривични дела, органите за кривичен прогон, особено полицијата, треба да ги насочи своите активности кон пронаоѓање на сторителот, односно да се оневозможи сторителот или соучесникот да се скрие или да побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што може да послужат како докази за стореното дело и мотивот, како и доказите за намерниот избор на жртвата и дискриминациската основа која се појавува како причина за извршување на делото. Во подоцнежната постапка последниве може да послужат како основа за квалификација на делото како потежок облик на некое основно дело или како отежнувачка околност при одмерување на кривичната санкција. Активноста на полицијата, на Јавното обвинителство и на судијата на претходна постапка, треба да биде насочена, кон пронаоѓање на индиции и доказен материјал дека постои таква релација меѓу особеностите на групата на која припаѓа жртвата и стореното дело, како и за дискриминациските основи, пристрасноста и омразата како мотив, односно причина (или една од причините) за сторување на делото. Посебно треба да се истражува начинот на избор на жртвата од страна на сторителот и дали тој во моментот на извршувањето на делото знаел дека таа припаѓа на одредена општествена група. Индиции од секаков вид кои може да се појават и по кои треба да се трага се мотивот и волјата на сторителот за извршување на делото, начинот на извршување на делото (омразен, груб, непријателски, насилнички, агресивен, безобзирен), постоење на претходни односи меѓу сторителот и жртвата (нарушени односи и непријателство врз разни основи на припадност на одредени општествени групи), специфичната природа на објектот на дејството (сквернавење на верски објекти, споменици и слично), средствата со кои е извршено делото (користење на „демонстративни" средства), однесувањето на сторителот пред, за време или по извршување на делото (негови изјави, говор на омраза, повикување на омраза, нетрпеливост и раздор, еуфорични настапи во јавноста) итн.

Следниот чекор на органите на кривичен прогон, првенствено на полицијата, е планирањето на криминалистичко-оперативната и тактичка дејност (Ангелески, 1993). Таа се занимава со разјаснување на конкретниот кривичен настан кој е пријавен, како и спроведување на анализа на фактичката состојба врз основа на принципите на конкретност, индивидуалност и динамичност на планирањето. Целта на планирањето е да обезбеди објективност, економичност на времето, силите, средствата и темелност при откривањето и работењето со доказите, преку прецизна и детална анализа на постојната фактичка ситуација, создавање верзии за случениот настан, како и предвидување (прогноза) на текот и развојот на настанот во иднина. Анализата на фактичката ситуација, како почетна фаза на криминалистичкиот мисловен процес, значи целосно согледување на фактите, кои директно или индиректно се поврзани со кривичното дело на омраза и сите негови елементи. Во оваа

фаза, всушност, треба да се бараат одговори на деветте основни („златни“) криминалистички прашања кои се поврзани со објективната страна (што, кога, каде, како и со што се случило) и субјективните елементи на кривичното дело (со кого, зошто, врз кого и кој е извршителот). Главната цел која треба да се постигне со нив е да се разјаснат сите факти околу кривичното дело и сторителот, доколку е познат, а доколку не е познат, да се пронајде. Од оперативно-тактички аспект, особено е важно откривањето и разјаснувањето на мотивот на сторителот за извршување на делото, затоа што токму мотивот, намерата и целта се особености по кои тоа дело се квалификува како кривично дело на омраза. Основното прашање на кое треба да се одговори во претходната фаза на откривање и препознавање на кривичното дело од омраза е прашањето: Дали делото е извршено поради припадноста на жртвата кон група која се карактеризира со особености предвидени со законот? Всушност, треба да се утврди дали постои причинско-последична врска меѓу таквите особености и дејството на сторителот, во смисла на нивно решавачко влијание врз одлуката на сторителот да го изврши делото. Понатаму, врз основа на откриените факти и околности, надлежните органи за кривичен прогон составуваат криминалистички верзии за сите релевантни елементи за кривичниот настан, кои се засновани врз сите, во моментот на нивното формулирање, достапни криминалистички значајни информации. Со цел да се дојде до вистината, оперативците треба да преземат соодветни активности за проверување на поставените криминалистички верзии. При поставувањето на криминалистичките верзии, оперативните работници, паралелно треба да го применуваат и криминалистичкото профилирање со сите негови видови, со цел определување на профилот на можниот сторител на кривичното дело, определување на круг на осомничени лица и, конечно, пронаоѓање на сторителот, врз основа на достапните и откриените информации за настанот.

4. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Според Водинелић (1985), начинот на извршување на кривичното дело, како прва криминалистичка карактеристика, во себе ги носи и условува закономерностите на оперативните и доказните информации за настанување на делото и како таков елемент, тој е неопходен за да се дојде до откривање на делото и сторителот. Кај кривичните дела од омраза, начинот на извршување на делото е од особено значење, затоа што може директно да укаже на мотивот, волјата, намерата и целта на сторителот. Специфичниот начин на постапување, кој произлегува од омразата, пристрасноста и гневот, кој го има во себе сторителот, е конкретен облик на неговата криминална активност, со цел тој да дојде до практична реализација на своите намери. Тие, пак, се создадени кај него пред или во моментот на извршувањето на кривичното дело, а како резултат на некоја од заштитените карактеристики кај овие кривични дела.

Начинот на извршување (*modus operandi*) на кривичните дела од омраза е комплексен систем од дејства на подготвување и реализација на кривичното дело, неговиот непосреден извршител и прикривање на веќе извршеното кривично дело. *Modus operandi* е детерминиран од надворешните услови и фактори, како и психичките, но и други својства на личноста на извршителот, посебно на неговото веќе стекнато искуство, возраста, степенот на образование, образовните и други квалификации кои ги поседува, а со кои може да биде поврзан и со примената на соодветното оружје, орудие и помошно средство во дадените временски и просторни услови (Алексић, Шкулић и Жарковић, 2004, стр. 197-198). Сите овие елементи во рамките на *modus operandi* ќе зависат од тоа дали се насочени кон кривично дело на омраза спрема некое лице или спрема објект или имот кој е поврзан со него, односно дали станува збор за крвен, имотен деликт итн. Бидејќи *modus operandi* влегува во предметот на докажување, при што претставува важен доказен факт, затоа има одлучно значење од криминалистичко-оперативен аспект, затоа што е основа за планирање на верзии, битно влијаејќи на целокупната насока на кривичната постапка (Белкин, 1988, с. 175). Главно, кривичните дела од омраза во своето битие вклучуваат елементи на насилство спрема жртвата. Во најопшта смисла, под насилство се подразбира негативното влијание врз основните човекови потреби и повреда или загрозување на основните човекови слободи и права, кое се состои во нивно попречување или отежнување на нивното остварување како и во закана со насилство (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 9). Тука е значајна неговата поделба на физичко и психичко насилство. Физичкото насилство е дејство на сторителот со кое се предизвикува уништување, повреда или оштетување на објектот на дејството, во вид на смрт, телесно повредување (убиство, телесна повреда), присилно посегање по слободите и правата на друг (силување, противправно лишување од слобода), или уништување или оштетување материјални добра (оштетување предмети, уништување јавни инсталации). Последиците на физичкото насилство се појавуваат како видливи промени во објективната реалност (смрт, телесна повреда итн.). Психичкото (емоционално) насилство е дејство на закана, застрашување, малтретирање, уценување, навредување, понижување, исмејување, обвинување или друго дејство со кое се предизвикува психички страдања кај друг, кои може да ескалираат до некоја душевна болест, или психолошки состојби на страв, несигурност, слабеење на чувството на самопочитување и на способноста за самостојно одлучување и дејствување, зависност, која може да прерасне во ропски однос кон сторителот или слична психичка состојба кај жртвата на насилството. Последиците на психичкото насилство најчесто не се видливи, иако претставуваат тешко оштетување на психолошкиот и емоционалниот статус на жртвата, а дејствата на малтретирање, навреда, понижување и слични дејства, најчесто, се почеток на потешки облици на физичко насилство. Дејствата на физичко и психичко насилство често пати се комбинирани и претставуваат единствено насилничко дејство (така, на пример, кај силувањето: закана, примена на непосредна физичка сила за

да се совлада отпорот на жртвата итн.). Исто така, примената на физичко насилство врз имотот може да се појави како форма на психичко насилство врз сопственикот (на пример, палење на автмобилот за да се застраши неговиот сопственик). Насилничкото дејство може да е насочено кон предизвикување на определена последица како конечна цел на сторителот (убиство, повреда итн.), или да претставува средство за постигнување на некоја негова посебна цел (разбојништво, силување итн.). Општи форми на насилно посегање по слободите и правата и нивната еднаквост кај делата на омраза, покрај убиството и телесните повреди се: сексуалното насилство, кое ги опфаќа сите форми на сексуално вознемирување и присилба, вандализмот (уништување на предмети), хулиганството (насилното однесување на спортски натпревари, митинзи и други јавни манифестации), ксенофобијата (насилство спрема странци), малтретирањето (*buling*, намерно и континуирано нанесување болка и страдања на друго лице), и малтретирање на работното место (*mobing, work abuse*, психичко и физичко змалтретирање и понижување на друг со цел за загрозување на неговиот углед, достоинство и интегритет, до елиминација од работното место).

Најчести видови на извршени злосторства од омраза и мотивирана пристрасност во последните неколку години во Република Македонија (Стојановски, Исени и Богоевски, 2015) се: напад на имот и употреба на нелегално оружје, имотна штета, вандализам, закана и насилство. Регистрираните инциденти од страна на невладиниот сектор (затоа што официјални државни статистики за овие дела нема), се поврзуваат со некое кривично дело пропишано во Кривичниот законик. Најголем дел од наведените инциденти вклучуваат: телесна повреда, насилство, имотна штета, загрозување на сигурноста, учество во тепачка, поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост на национална, расна, религиозна или друга дискриминациска основа, загрозување со опасно орудие при тепачка или караница, напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста и скрвернавење гроб. Многу често сторените кривични дела кои биле испитувани и регистрирани од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, во еден инцидент исполнуваат критериуми на две или повеќе наведени кривични дела.

Начинот на извршување може да се појави и во форма на поттикнување за извршување на кривично дело од омраза. Според членот 23 од Кривичниот законик на Република Македонија, лицето кое со умисла ќе поттикне друг да стори кривично дело ќе се казни како да го сторил самиот. Значи, поттикнувачот презема само дејства на влевање свест и волја на друго лице за да изврши некое од претходно наведените дејстви со кои ќе се исполни законското битие на кривичното дело од омраза. Притоа, поттикнувачот воопшто не остварува контакт со жртвата, ниту со средствата на извршување на кривичното дело. Затоа, кај него не може да се бараат материјални траги кои произлегле од

самиот деликт како докази за кривичното дело, освен докази кои укажуваат на комуникацијата помеѓу поттикнувачот и поттикнатото лице.

Криминалната ситуација кај кривичните дела од омраза е нивна значајна карактеристика (втора по редослед), затоа што помага во разбирање, разјаснување и расветлување на криминалната активност. Тоа е целокупната ситуација на извршување на кривичното дело, односно сите околности под кои е тоа извршено, како што се: територијалните, климатските, демографските и други специфичности, како и сите други околности и услови на местото и времето на извршувањето на деликтот. Целокупната состојба на условите, кои биле, или не биле во прилог, во однос на извршувањето на кривичното дело, ја претставува криминалната ситуација како карактеристика на кривичното дело, која детално се опишува при составувањето на записникот за извршен увид на местото на кривичниот настан.

Според испитуваните податоци за овие кривични дела од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (Стојановски, Исени и Богоевски, 2015) тие најчесто се случуваат на јавни места. Голем број инциденти се случени во автобуси, во близина на автобуски станици, во училишни дворови и во близина на училишта (за време на училишна настава или по завршување на истата) и врз локални ограноци на политичка партија. Многу злосторства од омраза се извршени поради одмазда или казна за претходен инцидент и од страна на македонските и од страна на албанските млади луѓе. Многу мал број на инциденти се регистрирани во источниот дел на државата. Ова можеби се должи на етничкиот состав на земјата, но, исто така, и на намаленото пријавување или ниската јавна свест за злосторствата од омраза и пристрасната мотивација. Најзасегнати членови на општеството се младите, но исто и членовите на ЛГБТИ заедницата, што се должи на фактот дека сексуалната ориентација и родовиот идентитет се непозната основа врз која може да се извршуваат кривичните дела од омраза.

Трета карактеристика на кривичните дела, секако, се трагите од кривичното дело. Закономерно со настанувањето на кривичното дело настануваат и трагите од него, кои можат да се пронајдат на самото место, на сторителот, а, се разбира, и на жртвата, кои понатаму даваат посебен белег на криминалистичкото постапување за докажување на делото. Под трага на кривичното дело во криминалистиката (Водинелић, 1985, с. 153) се подразбира секоја видлива или со голо око невидлива материјална промена, настаната на местото на кривичниот настан, на жртвата или на сторителот, во врска или во ситуацијата на извршувањето на кривичното дело. Во деликатната и комплексна постапка на утврдување на материјалната вистина кај кривичните дела на омраза, трагите имаат големо значење, кое им го дава, пред сè, нивната строга објективност, наспроти субјективноста на личните докази. Имено, исказите на обвинетиот и сведокот секогаш содржат во себе голема доза на субјективност и се подложни на психичката состојба на лицата, поради што

реалните случки во нивните искази повеќе или помалку се модифицирани. Меѓутоа, трагите или „немите сведоци“ како што ги викаат криминалистите, „иако не ја зборуваат целосната вистина, сепак ја зборуваат само вистината“, како што кажува познатиот француски криминалист Locard.

За трагите битно е да се каже дека нивната вредност во кривичната постапка зависи од нивната подобност за откривањето на кривичното дело, како и за откривањето на сторителот. За да може трагите да послужат за таа цел, треба да се доведат во врска со кривичното дело, сторителот и жртвата, а посебно и со мотивот на омраза и пристрасност на сторителот. Трагите пронајдени на местото на извршувањето на насилничките деликти можат да укажат на постоењето на кривичното дело, на местото, на начинот на извршувањето, како и да ни укажат и да го утврдат идентитетот на сторителот. Во однос на жртвата ни укажуваат за начинот на примена на насилството, а трагите кои настанале помеѓу сторителот и жртвата ни укажуваат на начинот на извршувањето на кривичното дело.

Една од битните алки на системот на криминалистичките карактеристики на кривичните дела, претставуваат и нематеријалните, „идеалните“ траги на кривичното дело (Ангелески, 1993, с. 122), а тоа се одразите во свеста на субјектот, односно исказите на субјектот за кривичното дело и неговите помагачи, како и исказите на жртвата од кривичното дело и другите сведоци. Сите тие помагаат во утврдување на фактичката состојба на настанот, изборот на жртвата, намерата, целта и мотивот на сторителот, определување на постоењето на гневот, омразата или пристрасноста и расветлувањето на целокупниот настан.

Збирот на обележјата и карактеристиките на личноста на извршителот е особено значајна криминалистичка карактеристика кај кривичните дела на омраза. Познавањето и проучувањето на личноста на извршителот (Алексиќ, Шкулиќ и Жарковиќ, 2004, стр. 173-174) е потребно од етиолошки причини и поради правилна примена на начелото за индивидуализација при изрекување на кривичната санкција и остварување на воспитната цел во процесот на нејзиното извршување. Проучувањето на личноста на овие дела треба да се врши во сите фази на кривичната постапка, затоа што личноста, како што е познато, постојано се менува и во одредени фази на кривичната постапка и постапката на извршување на кривичната санкција може да претрпи значајни промени во однос на неговите ставови, сфаќања и погледи кон извршеното кривично дело и жртвата. Од криминалистичко-оперативен аспект, многу внимателно треба да се пристапи кон испитувањето на личноста на извршителот на кривичното дело, неговите знаења, вештини, методи на работа кои ги применува при извршувањето и прикривањето на кривичното дело, обичаите, сфаќањата, карактерните особини, предрасуди, пристрасности, агресивни однесувања во минатото, начинот на живот и психологијата, а сè со цел развивање на најцелисходни методи за откривање,

докажување, расветлување и спречување на идни кривични дела од омраза.

Одредени лица во општеството прикажуваат деструктивни, агресивни и насилнички однесувања, за кои причината, секако, треба да се бара кај самата личност. Развојот на личноста зависи од наследните особини од своите родители (физичките и карактерните црти), средината во која се развива личноста (семејството, воспитувањето, емотивната стабилност во домот и др.), материјалната обезбеденост и социјалната сигурност, надворешната средина (друштвото, девијантните појави и сл.), масовните медиуми, слободното време на личноста, образованието, интелигенцијата, карактерот, темпераментот, емоциите и др. Доколку ваквите фактори негативно влијаат, личноста ќе појави склоности за негативно, асоцијално, криминално однесување. Некои особини на сторителот, пред сè, психолошките црти, како и конкретната психосоцијална состојба во која се наоѓал во моментот кога го сторил делото, можат да се препознаат од начинот и средството со кои е извршено кривичното дело. Оттаму, гледано од кривичноправен и криминалистички аспект, сè што човекот прави или пропушта да прави е непосредна заслуга или вина на човечката психа и конкретната животна ситуација во која тој се нашол.

Преку извршувањето на некое од кривичните дела на омраза сторителот упатува моќна порака до припадниците на определена група дека се непожелни и несакани и дека може да очекуваат слични насилни напади во иднина. На тој начин сака да им влее страв, паника и несигурност, да се плашат од него и да се откажат од нивната припадност кон групата. Според овие карактеристики од онтолошка природа, делата на омраза се разликуваат од другите кривични дела и затоа уште се наречени „message crimes“.

Инаку, омразата како субјективна карактеристика на извршителот, поради која го извршил делото, во општа смисла, е дефинирана како чувство на одбивност спрема некого или спрема нешто или како „длабоко, трајно и силно чувство кое предизвикува анимозитет, лутење и непријателство спрема лице, група или предмет“. Значи, омразата е субјективен елемент, мотив, побуда за извршување насилство спрема поединец или група лица, поради нивната различност, односно припадност кон национална, етничка, верска, расна, социјална или друга група. Кај кривичното дело на омраза сторителот постапува со посебен мотив на дејството, кој се појавува како посебен субјективен елемент на вината или, пак, мотив кој го зголемува степенот на вина. Притоа, дејството на извршителот е насочено кон предизвикување омраза кон друг, или група луѓе врз различна основа, а омразата се појавува како цел на дејството на сторителот. Омразата е негативно чувство на непријателство, аверзија, одбивност или негирање на друг, засновано врз предрасуди за кои било разлики меѓу луѓето и општествените групи, кое прераснува во силен агресивен внатрешен поттик за напад врз слободите и правата на други, во својство на припадник или припадници на определена општествена група. За разлика од општото чувство на омраза, кое може да стои зад бројни насилнички

дела (убиство, телесна повреда итн., кои често се вршат од омраза), кај „делото на омраза“ се работи за агресивно чувство на непријателство кон жртвата кое резултира од определена предрасуда, уверување, став на сторителот на делото кој има поширока социјална релевантност.

Омразата на сторителот може да има различни причини: огорченост, љубомора, непријателски став спрема групата во целина итн. Како негативна емоционална состојба, таа може да биде насочена против групата, но не и против поединецот кој се појавува како случајна или избрана жртва на неговото дело. Дело на омраза може да постои и кога сторителот кон конкретната жртва можеби чувствува сомилост или жал, или, пак, воопшто да нема никакви чувства затоа што не ја познава, но, сепак, тоа не може да го надвладее чувството на омраза кон групата на која таа припаѓа. Поради тоа, изразот „омраза“ често пати се заменува со изразот „пристрасност“ како негов синоним (OSCE/ODIHR, 2009). Поимот на „пристрасност“ има пошироко значење од омразата и подразбира однос кон друг, заснован врз некој облик на предрасуда во врска со неговите карактеристики како припадник на одредена група (bias crime, bias-motivated crime).

Проучувањето на личноста на жртвата на кривичното дело од омраза е задача на најмладата гранка на криминологијата и на криминалистиката – виктимологијата, која во основата на своето проучување ја има личноста на жртвата на кривичното дело (Милутиновиќ, 1981, с. 364). Во процесот на откривање и разјаснување на кривичното дело од омраза, жртвата е првиот извор на информации од која се добиваат сознанија за начинот на извршување на делото, криминалната ситуација, карактеристиките на сторителот, претходните односи со жртвата и неговиот мотив, преку сестрано проучување на индивидуалните својства на жртвата, нејзината припадност на определена општествена група, но и на нејзиното виктимолошко (евентуално придонесувачко) однесување. Жртвата ги дава и најважните информации за текот на настанот, изгледот на извршителот/ите, нивното однесување на местото, правецот каде се упатиле и слично.

Специфичноста на кривичните дела од омраза, по која се разликуваат од другите кривични дела е изборот на жртвата како припадник на определена општествена група и нејзино ставање во инструментална функција да биде употребена како средство за остварување на подалечна цел, а тоа е дека преку неа, како избрана жртва во својство на претставник на групата, треба да стигне пораката до групата на која припаѓа. Целта на сторителот што сака да ја постигне е да нанесе штета и да ја повреди не само непосредната жртва, туку и групата на која таа припаѓа. Притоа, последиците за групата се, главно, од психолошка природа и се појавуваат во вид на: колективен револт, гнев, страв, плашење, чувство на онеправданост и понижување и слично. Но, не е исклучено кривичното дело од омраза да има за последица и потешки форми на нетрпеливост, раздор, конфликт, судир, колективно насилство, одмазда, па

дури и вооружен конфликт, кои може да имаат непоправливи последици за целокупното општество.

5. ТАКТИКА НА СОБИРАЊЕ ДОКАЗЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОТКРИВАЊЕ, РАЗЈАСНУВАЊЕ И РАСВЕТЛУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Криминалистичко-оперативната дејност на органите за кривичен прогон (Алексић, Шкулић и Жарковић, 2004, с. 216), првенствено на полицијата како систем од (не)процесни криминалистички методи и средства (криминалистичка контрола, криминалистичка обработка), се реализира со цел откривање на кривичните дела од омраза, собирање на податоци за извршителот, местото каде се наоѓа, неговите врски со жртвата, пронаоѓање и обезбедување предмети кои се потенцијални носители на доказни информации. Започнувањето на оперативната дејност не е поврзано со постоење на каков било формален услов, туку се покренува по сопствена иницијатива на органите за внатрешни работи или по некоја друга иницијатива. Повод за нејзино преземање се основите на сомневање дека е извршено кривично дело од омраза, кое треба да се гони по службена должност. Оперативната дејност кај овие кривични дела има две основни карактеристики: првата се однесува на нејзината дискретност, затоа што таа секогаш мора да биде спроведувана спрема начелото на чување службена тајна, а втората се однесува на ограниченоста на субјектите кои ги спроведуваат оперативните криминалистички активности, а тоа се органите за внатрешни работи, односно полицијата.

Криминалистичката контрола (Цуклески, 2005, с. 13) како систем на организирани и плански предвидени оперативно-тактички мерки, кај овие кривични дела се презема поради спречување на појави со кои се иницира, започнува или поттикнува на нетрпеливост, раздор, разгорување на некоја ситуација базирана на дискриминациски елементи, како и на причините и последиците на ваквите појави. Таа се презема секогаш кога има општо сомневање, односно општа индиција. Ваквото превентивно постапување на криминалистичката полиција се огледува, пред сè, во преземање на мерки чија цел е спречување на планирањето и извршувањето на кривични дела од страна на оние лица кај кои може да се прогнозира криминално однесување врз основа на некои нивни постапки поврзани со говор и повикување на омраза, непријателство, нетрпеливост и дискриминација. Во оваа дејност спаѓа, пред сè, собирањето известувања и информации кои укажуваат на одредена преткриминална состојба (организирање, поттикнување, повикување, подготвување и слично).

Што се однесува до остварувањето на општата превентивна дејност на полицијата, во Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, членовите 91 и 92 укажуваат дека полициските службеници, поради спречување на вршење на кривични дела и на прекршоци, преземаат планирани и

организирани мерки за утврдување на причините кои условуваат криминални и асоцијални однесувања. Притоа, согледувањето на феноменолошките и манифестациските облици на криминално однесување се врши преку нивно континуирано следење и анализирање на истите, со цел соодветно и ефикасно насочување на превентивната активност. Со оглед на тоа што се определени и посебни видови на превенција во зависност од предметот на заштита (превенција во областа на крвните деликти и деликти со насилничко однесување; имотниот криминал; економскиот криминал; малолетничката делинквенција итн.), поради специфичноста на кривичните дела од омраза и мотивирана пристрасност, по нивното инкриминирање во Кривичниот законик, значајно би било да се пропише и посебен вид на превенција за нив.

Криминалистичката обработка (Котески, 2010) како планирана и насочена оперативна дејност, која тргнува од одреден кривичен настан или повеќе настани поврзани со омраза и пристрасност, преку собирање на факти и податоци кои имаат значење на доказни информации, утврдува дали постои однос помеѓу осомничениот, кривичниот настан и жртвата и дали одредена претпоставена каузалност е оправдана. Ако се тргнува од одредено лице, а не од познат настан, криминалистичката обработка има за цел да утврди дали постои одредена криминална дејност поврзана со криминалитетот на омраза на тоа лице и доколку постои, исто така, да се соберат факти и податоци, односно криминалистички да се докаже таквата причина. Содржината на криминалистичката обработка ја сочинуваат оперативно-тактичките мерки и истражните дејства, а се применува откако за криминалниот настан ќе има основано сомневање дека одредено лице е сторител на кривично дело и е започната детална истрага, со цел прибирање на докази кои во доволна мера ќе зборуваат за виновноста на осомничениот или, пак, истиот ќе го симнат од листата на осомничени за стореното дело, доколку доказите се негативни.

Оперативно-тактичките мерки (Ангелески, 2007, с. 12) како оперативни (вонпроцесни) дејства или цели зафати во оперативната дејност (во криминалистичката контрола и криминалистичката обработка), во процесот на откривање и докажување на кривичните дела од омраза се преземаат поради разјаснување на настанот, откривање и криминалистичка обработка на носителите (сигнали, извори) на криминалистичко-оперативни информации и нивната содржина (т.е. обликот, квалитетот и другите карактеристики на самите информации), а според содржината и значењето за откривање и спречување на ваквите настани имаат репресивен и превентивен карактер. Со нив полициските службеници доаѓаат до сознанија за подготовка, планирање или постоење на некоја криминална активност. Значи, овие мерки се основна содржина на дејноста на органите за внатрешни работи на планот на сузбивање на овој вид на криминалитет, со цел откривање и спречување на постојни или планирани кривични дела, пронаоѓање и лишување од слобода на извршителите, откривање и обезбедување на трагите и предметите од кривичното дело кои можат да послужат како доказ, како и собирање на

известувања и информации кои би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка во понатамошниот тек. Тие треба да бидат насочени кон целосно утврдување на околностите под кои се случило дејството, мотивот за неговото извршување, како и причините, условите и поводите кои влијаеле во текот на настанот. Во зависност од видот на кривичното дело, дали станува збор за насилен, крвен, сексуален, имотен или друг вид на деликт, различни ќе бидат и оперативно-тактичките мерки кои ќе ги применат оперативните работници при разјаснувањето на случајот. Широката лепеза на мерки кои им стојат на располагање во оваа фаза се: собирање известувања од граѓани, пребарување во криминалистички евиденции, заседа, рација, блокада, употреба на службени кучиња, полиграфско тестирање, истражувачка дејност и сл. Деталните правила за нивно преземање се определени во законските и подзаконските акти од оваа област: Закон за полиција, Правилник за начинот на вршење на полициските работи, Закон за кривична постапка и слично.

Судскиот инструментариум како систем од истражни (процесни) дејства, чија главна цел е утврдување на вистината во кривичната постапка кај сите кривични дела, наоѓа примена и во текот на докажувањето на кривичните дела од омраза. Истражните дејства се дејства кои ги презема полицијата по издадена писмена наредба од јавен обвинител во текот на истражната постапка, а во согласност со Законот за кривична постапка се пропишани следните дејства: претрес, привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, испитување на осомничениот, испитување на сведоци, определување вештачење, увид и реконструкција и посебни истражни мерки. Со сите нив на различен начин се доаѓа до факти, информации и докази кои укажуваат на постоење (или непостоење) на кривично дело од омраза и на откривање на неговиот сторител. Трагите и предметите кои ќе се пронајдат со нив, а кои содржат криминалистички информации, се обезбедуваат, фиксираат и подигнуваат на строго определен начин според криминалистичко-техничките принципи и стандарди и претставуваат доказен материјал во текот на кривичната постапка.

Со оглед на претходно кажаното, органите за кривичен прогон, во прв план полициските органи, при откривањето и докажувањето на кривичните дела од различен тип, треба да ја насочат откривачката активност и кон пронаоѓање на докази кои го потврдуваат постоењето на омраза или пристрасност како мотив за нивно извршување. Причината е затоа што многу класични кривични дела може да бидат извршени како резултат на омраза, пристрасност, непријателство итн., а поради пропуштањето да се испита мотивот на сторителот од страна на оперативните работници, се доаѓа до последица таквото кривично дело да не биде препознаено, евидентирано и квалификувано како дело на омраза, а на сторителот да не му биде определена соодветната потешка кривична санкција. Друга специфичност е тоа што во текот на процесуирањето на овие дела, при составувањето на обвинителниот акт во субјективната страна на делото јавниот обвинител треба посебно да го издвои мотивот на омраза

по кој се водел сторителот при извршувањето на делото. Постоењето на омраза, гнев, револт, непријателство, пристрасност и други карактеристики на психолошката состојба на сторителот, треба да се потврдат со доказите кои се собрале во текот на дотогашната постапка, а кои се однесуваат на сторителот (неговиот живот, лични карактеристики, претходни дела, начин на однесување, начинот на избор на жртвата итн.), деликтот (начинот на извршување, средствата со кои е извршено делото, трагите, криминалната ситуација) и жртвата (заштитените карактеристики, припадноста на одредена општествена група, не(постоење) на врска со сторителот, придонесувачко однесување итн.). На крајот од кривичната постапка, по завршувањето на сите предвидени процесни активности, земајќи ги предвид утврдените факти и околности, судијата донесува соодветна законита и праведна судска пресуда, со што криминалниот случај треба да биде комплексно разјаснет и расветлен до детали.

6. ЗАКЛУЧОК

Секое кривично дело може, но не мора да се појави како дело на омраза, зависно од тоа дали зад неговото извршување стои омразата, пристрасноста или дискриминацијата на жртвата како припадник на определена општествена група, токму во таквото нејзино својство. Значи, како непосреден објект се јавува лице или имот, кое е нападнато со конкретно дело. Но, делото на омраза е насочено и против еден, исто така, важен посреден објект, а тоа е интегритетот, достоинството и другите добродетели на општествената група на која припаѓа жртвата чии добра се непосреден објект на напад. Покрај непосредната жртва, кај овие дела секогаш постои и посредна жртва, чијшто социјален статус, интереси, слободи и права се повредени или загрозени, а тоа е општествената група на која припаѓа непосредната жртва на делото.

Како што беше претходно укажано во дискусијата за кривичноправниот концепт на делата од омраза, во Република Македонија, сè уште тие не се инкриминирани како кривични дела од омраза, затоа што Кривичниот законик не ги определува како такви. Иницијативите и дебатите што се водат под влијание на современите кривичноправни текови упатуваат на нивно пропишување, со цел поефикасна заштита на човековите слободи и права, па се очекува во блиска иднина да се инкорпорираат и во македонското кривично законодавство. Со тоа би се постигнало прибирање и евидентирање на веродостојни статистички и други податоци во врска со нив, кои ќе бидат од корист за подобро согледување на нивната феноменологија и филтрација низ органите за кривичен прогон во процесот на нивно откривање, докажување и санкционирање.

Тука, мора да се истакне и потребата за директно учество на сите органи на кривичноправниот судски систем, академската заедница, граѓанското општество, невладините организации чија главна цел е заштита

на човековите слободи и права, како и маргинализираните, малцинските и ранливите општествени групи и другите субјекти низ процесот на измени на законодавството за борба против кривичните дела мотивирани од омраза или пристрасност и превенција на истите. Целта е да се направат консултации, да се поттикнат иницијативи и дискусии за добрите практики и да се понудат идеи и решенија за надминувањето на овој проблем.

Иако не навлеговме подлабоко во анализата на кривичноправниот концепт во овој труд, сепак, од анализата на постојните размисли, сметаме дека најцелисходно би било да се пропише една дефиниција за овие дела во општиот дел на Кривичниот законик по концептот на „комбинирани мотиви", а судиите при одмерувањето на санкцијата да укажат дали се работи за кривично дело на омраза, па врз основа на тоа и да определат потешка кривична санкција. Во таа смисла, предложениот став 23 во членот 122 би требало да се дорабоги, со цел да бидат опфатени сите видови на дискриминациски основи.

Од компаративните анализи на законодавствата за кривичните дела од омраза, се доаѓа до информација дека некои кривичнопроцесни закони вклучуваат стандарди на докажување кои го олеснуваат толкувањето, истрагата и целокупната примена на законот. Во некои земји постојат упатства, водичи или други алатки (стандардни оперативни правила и процедури) во кои се наведуваат елементи и карактеристики за определување на индикаторите на пристрасност од страна на полициските органи и јавното обвинителство, кои се суштински, со цел да бидат точно определени, истражени и земени предвид при утврдувањето на тоа дали одредено кривично дело било мотивирано од пристрасност. Со оглед на тоа што во Република Македонија е сè поверојатно инкриминирањето на кривичните дела од омраза, треба да се размислува за воведување на систем за рана и континуирана обука на припадниците на органите за кривичен прогон за поефикасно идентификување, откривање и докажување на овие кривични дела.

Главниот проблем кој создава тешкотии при истражувањето на кривичните дела од омраза е определувањето на мотивот на сторителот за извршувањето на делото. Постоењето на омраза, гнев, одбивност, непријателство, револт, предрасуда, пристрасност кај сторителот е тешко да се идентификува, да се открие и да се докаже. Доколку постои омразата, постои и кривичното дело од омраза, па сторителот ќе биде кривично одговорен за кривично дело од омраза и ќе се соочи со потешка кривична санкција, а во спротивно, ќе одговара за општото кривично дело, кое го има истото законско битие, но го нема елементот на омраза. Од друга страна, пак, иако реално се случило кривично дело од омраза, може да се случи органите за кривичен прогон да не се во состојба да го откријат и докажат мотивот, па сторителот во текот на кривичната постапка нема да ја добие заслужената потешка кривична санкција за стореното дело. Затоа, при истражувањето на сите кривични настани, истражните органи треба да ги пронаоѓаат сите

индиции кои се однесуваат на факти и околности пред извршувањето на делото, за време на неговото извршување и потоа, а кои, особено, се однесуваат на мотивот, волјата, целта и намерата на сторителот, односно постоењето на свест кај него да изврши кривично дело од омраза или пристрасност. Исто така, преку доказниот материјал од местото на кривичниот настан, треба да се воспостави врска помеѓу начинот на извршување на делото со мотивот и намерата на сторителот.

Друга тешкотија при истражувањето на овие кривични дела е докажувањето на изборот на жртвата, намерен или случаен, конкретно, дали сторителот во моментот на извршувањето на делото знаел дека жртвата е припадник на некоја општествена група со заштитени карактеристики. Во случај кога тој не знаел за нејзината припадност, тоа значи дека делото не го извршил поттикнат од омраза или пристрасност, туку од некои други побуди. Затоа, истражните органи мора целосно да ја испитаат личноста на сторителот од сите аспекти, а се препорачува и следење на неговото постделиктно однесување, поради забележување на индиции за неговиот мотив и намера, а кои се јавуваат после извршувањето на делото.

Од особено значење при процесот на откривање и докажување на овие кривични дела е соработката на органите за кривичен прогон (полицијата) со граѓаните, како најголем извор на информации. Во таа насока, во иднина, би требало да се работи на подигање на свеста на граѓаните, а посебно на маргинализираните групи, и нивно охрабрување за пријавување на планирање, поттикнување или постоење на вакви кривични дела, како и доставување на какви било информации кои се поврзани со нив. Целта која треба да се постигне е органите за кривичен прогон да можат успешно да го расветлат и процесираат кривичниот настан, со тоа што ќе биде обезбедена навремена и ефикасна истрага и гонење на кривичните дела од омраза, преку земање предвид на пристрасните мотиви кои го воделе сторителот во текот на извршувањето на делото.

ЛИТЕРАТУРА

- Ангелески, М. (1993). *Криминалистика*. Скопје: НИО „Студентски збор“.
- Ангелески, М. (2007). *Криминалистичка тактика I*. Скопје: Прв приватен универзитет – ФОН.
- Алексић, Ж., Шкулић, М., и Жарковић, М. (2004). *Лексикон криминалистике*. Београд.
- Белкин, Р. С. (1988). *Криминалистика: проблемы, тенденции, перспективы. От теории к практике*. Москва: Юридическая литература.
- Водинелић, В. (1985). *Криминалистика*. Београд: Савремена администрација.
- Закон за внатрешни работи. *Службен весник на Република Македонија,*. 92/09 од 24.7.2009, 118/09 од 28.9.2009, 35/10 од 12.3.2010.
- Закон за кривична постапка. *Службен весник на Република Македонија,* бр. 150/10, 51/11, 100/12.

- Закон за полиција. *Службен весник на Република Македонија,* 114/06, 6/09, 145/12 и Одлука на Уставен суд на Република Македонија, 211/06.
- Камбовски, В., и Лазарова-Трајковска, М. (2012). *Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза*. Скопје: ОБСЕ.
- Котески, М. (2010). *Криминалистичка тактика 2*. Скопје: Факултет за безбедност.
- Кривичен законик на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија,* 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11 – две измени и дополнувања, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13 и Одлуки на Уставен суд на Република Македонија, 220/2000, 210/2001, 206/2003, 228/2005.
- Милутиновић, М. (1981). *Криминологија,* Београд: Савремена администрација.
- Мисија на ОБСЕ во Скопје. (2016). *Коментари во врска со предлозите за измена и дополнување на одредени одредби од Кривичниот законик на Поранешната Југословенска Република Македонија во врска со кривичните дела мотивирани од пристрасност*. Варшава: Канцеларија на ОБСЕ за Демократски институции и човекови права.
- ОБСЕ/ОДИХР. (2009). *Спречување и одговор на Кривични дела од омраза – Упатство со ресурси за НВО и Регионот на ОБСЕ.* Преземено 30.7.2016, на: http://www.osce.org/odihr/prosecutorsguide?download=true
- ОБСЕ. (2014). *Гонење на кривични дела од омраза: Практичен водич*. Преземено 10.7.2016, на: http://www.osce.org/odihr/prosecutorsguide?download=true.
- OSCE/ODIHR. *Hate Crimes in the OSCE Region: Incidents and Responses, Annual Reports 2006, 2007*. Преземено 30.7.2016, на: www.osce.org/odihr/item_11_26296.html.
- OSCE/ODIHR. (2009). *Hate Crime Laws: A Practical Guide*. Warsaw
- Правилник за начинот на вршење на полициските работи. *Службен весник на Република Македонија*, 149/07 од 10.12.2007.
- Совет за човекови права. (2014). *Препорака 101.40, Извештај на Работната група за Универзален периодичен преглед – Поранешна Југословенска Република Македонија*. Преземено 20.7.2016, на: http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/UPR/Pages/MKSession18.aspx.
- Стојановски, В., Исени, Д., и Богоевски, П. (2015). *Годишен извештај за криминалот од омраза во 2014 година*. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.
- Федерално истражно биро. (2015). *Упатство за прибирање на податоци за кривични дела од омраза и Прирачник за обука*. Преземено 25.7.2016, на: https://www.fbi.gov/about-us/cjis/ucr/hate-crime-data-collection-guidelines-and-training-manual.pdf.
- Цуклески, Г. (2009). *Вовед во криминалистика*. Скопје: Соларис Принт.
- Цуклески, Г. (2005). *Прирачник за соработничка мрежа*. Скопје: Јофискен.

МАПИРАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Атанас Георгиевски[1]

РЕЗИМЕ

Во изминатите неколку години во Република Македонија беа преземени серија активности за подобро справување со криминалот од омраза, но и покрај ваквиот прогрес, сепак, забележлив е недостатокот на имплементација на законските одредби и соодветен одговор на кривичноправниот систем, а сè уште недостасуваат ефикасни механизми за регистрирање на кривичните дела од омраза. Оттука, целта на овој труд е да ги идентификува проблемите и пречките при процесирањето на кривичните дела од омраза, но истовремено да предложи препораки и инструменти како тие да се надминат.

Методологијата на трудот се потпира врз симулацијата на реални случаи на кривични дела сторени од омраза. Воедно, прикажан е кус осврт на релевантното законодавство, а, исто така, спроведени се и кратки интервјуа со полициски службеници, обвинители, судии, адвокати и претставници на граѓанскиот сектор коишто работат на оваа проблематика.

Главните ограничувачки фактори на овој труд се релативно новите законски решенија содржани во Кривичниот законик, како и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, и скромната домашна судска практика на правосилно завршени постапки во кои доследно се истражувани мотивите за стореното кривично дело, па оттука и малиот број на одлуки со кои во конкретен случај се утврдува дека некое кривично дело е сторено од омраза.

Врз основа на анализите содржани во трудот и идентификацијата на проблемите во системот, предложени се заклучоци кои се однесуваат на одредени промени и унапредувања на овој систем. Генерален заклучок е дека треба да се усвојат предложените измени на Кривичниот законик, да се воспостави ефикасен систем на регистрација и следење на инцидентите предизвикани од омраза, како и да се зајакнат капацитетите на полициските службеници, јавните обвинители, судиите и адвокатите за кривичните дела од омраза и во однос на поширокатa порака што се испраќа во општеството со овој вид на криминалитет.

Поради тоа, сметам дека оправданоста на овој труд произлегува од лоцирање на системските проблеми и давање на јасни насоки и препораки за нивно надминување.

Клучни зборови: криминал од омраза, мапирање, симулација на случај, идентификација на проблеми.

[1] Атанас Георгиевски, адвокат, Академија за судии и јавни обвинители на Република Македонија. E-mail: atanas.georgievski@gmail.com

1. ОПИС И ЦЕЛИ НА МАПИРАЊЕТО

Во последните неколку години Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, спроведува Проект за јакнење на капацитетите на домашните судии и јавни обвинители во врска со кривичните дела сторени од омраза, како и на подигање на свеста за ваквиот вид на криминалитет. Истовремено, Мисијата на ОБСЕ во Скопје работеше и со Министерството за внатрешни работи во делот на обуки за полициските службеници, како и во делот на воведување на ефикасни алатки за регистрирање на пријавите за кривичните дела мотивирани од омраза или предрасуди. Сите овие активности, особено, добија на тежина, со изгласувањето на измените на Кривичниот законик на Република Македонија во февруари, 2014 година, кога беше изменет членот 39 во ставот 5, при што во делот на отежнувачките околности при одмерување на казната, предвидено е Судот да води сметка дали одредено кривично дело е сторено поради некоја заштитена карактеристика на жртвата/оштетениот, поради омраза или, пак, е мотивирано од некоја предрасуда на сторителот на кривичното дело. Со оваа измена, се додадоа повеќе заштитени карактеристики и се воведе таканаречениот концепт на отворена листа идентично како и во граѓанскиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

И покрај ваквиот прогрес во нашата држава, па и во поголем дел од земјите во Југоисточна Европа, сепак, забележлив е недостатокот на имплементација на ваквите законски одредби, а сè уште недостасуваат ефикасни механизми за регистрирање на кривичните дела од омраза, особено во постапките пред Министерството за внатрешни работи и јавните обвинителства. Ако на ова се додадат и понекогаш сложените процесни претпоставки и услови, јасно е дека заштитата и борбата против ваквиот вид на кривични дела станува потешка и маргинализирана во однос на другите превентивни механизми што се однесуваат на „обичните“ кривични дела. Ваквите пречки за успешно процесирање на криминалот од омраза не се присутни само во раните фази на пријавување, евидентирање и забележување на случаите, туку истите се појавуваат и во истражната постапка, што е најважната алка во синџирот, подигање на обвинение против сторителот, судската постапка, па сè до фазата на одредување и изрекување на соодветна санкција.

Токму поради ваквата актуелна состојба, целта на оваа вежба за мапирање е да ги идентификува реалните проблеми и пречки при процесирањето на кривичните дела од омраза, но истовремено да предложи препораки и инструменти како тие да се надминат, без оглед на тоа дали е потребна интервенција во позитивните законски прописи, или, пак во практична примена на релевантните законски и подзаконски акти. Со други зборови, оваа вежба ги идентификука законските пречки и од материјален и од процесен аспект, пречките или проблемите кои произлегуваат од подзаконските акти, како и потенцијалните пречки при имплементацијата на релевантните одредби за криминал од омраза.

Истовремено, за земјите членки на ОДИХР, корисно е да се направи споредбена анализа за националните проблеми во одделни земји за потоа да можат да се идентификуваат „регионалните спорни прашања“, а не од помало значење е и развојот на соодветна и успешно имплементирана методологија за мапирање на перформансите на системот за криминал од омраза, бидејќи истата ќе може да се користи и од страна на другите земји од Југоисточна Европа и земјите членки на ОДИХР. Во продолжение на оваа вежба, ќе се осврнеме токму на методите коишто беа користени при изработка на истата.

2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата на оваа вежба за мапирање, во својата суштина, се потпира врз симулацијата на четири реални случаи на кривични дела сторени од омраза. Но, вежбата и подготвениот материјал за да бидат појасни за практичарите во другите земји – потенцијални кориснички, се одлучивме пред описот и симулација на случаите, да дадеме и кус осврт на позитивните законски одредби од Кривичниот законик (општиот и посебниот дел), Законот за одмерување на висината на казните, како и на специфични одредби од некои закони како што е, на пример, Законот за организација на спортски натпревари и Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортските натпревари. Исто така, по овој дел ќе дадеме и јасен преглед на концептот на обуки коишто беа имплементирани од страна на Академијата со цел успешно да ги подготви судиите и јавните обвинители за процесирање на кривичните дела мотивирани од предрасуди или омраза, како и на обуките за полициските службеници организирани во согласност со TACHLE програмата. Воедно, накратко ќе биде презентирана и скоро воведената алатка „црвено копче“ во полициските станици, или популарно наречена „*Red button*“. На крајот од овој информативно – воведен дел, на кратко ќе се задржиме за можностите на АКМИС системот за следење и управување со судските предмети, како и за опциите што ги нуди новиот софтвер за потребите на јавните обвинителства, а кои директно се однесуваат на евидентирањето и следењето на кривичните дела сторени од омраза.

Што се однесува до случаите, иако е предвидено некои од нив да бидат хипотетички, ние се одлучивме сите случаи да бидат реални, од нашето секојдневие, без разлика дали тие се процесирани, дали се наоѓаат во фаза на постапка, или, пак, се правосилно завршени со соодветни судски одлуки. За потребите на оваа вежба, најпрво, детално ќе бидат изнесени и опишани сите факти и околности на случајот, а потоа ќе биде прикажано како истите тие треба да се процесираат низ кривичноправниот систем, од подготвување на службена белешка, полициски записник, забележување на конститутивните елементи на криминалот од омраза и нивно истражување и идентификување, кривична пријава, истражна постапка, подготвка на обвинение и негово проследување во судска постапка, па сè до докажување на мотивите за

сторување на кривичното дело, утврдување на вина и казнување на сторителот на кривичното дело.

За потребите на оваа вежба, а во врска со симулацијата на процесирањето на одбраните случаи, спроведени се состаноци, односно кратки интервјуа со полициски службеници, обвинители, судии, адвокати - бранители и претставници на граѓанскиот сектор и организациите коишто работат или ги застапуваат жртвите од ваквиот вид на криминалитет.

На крајот, по анализата на случаите, идентификувани се најчестите проблеми за процесирање на криминалот од омраза и дадени се определени препораки за подобрување на актуелната состојба во насока на поефикасно справување со ваквите кривични дела, особено, имајќи ја предвид генералната превенција и заштита на поширокиот општествен интерес во рамките на мултикултурниот карактер на нашата држава.

3. ПРИКАЗ НА РЕЛЕВАНТНОТО ДОМАШНО ЗАКОНОДАВСТВО

Уставот на Република Македонија во членот 9 содржи општа клаузула за еднаквост која предвидува дека граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Пресликано на полето на криминалот од омраза, еднаквоста значи дека сите имаат право на еднаква заштита пред законот како што кажа Европскиот суд за човекови права во случајот на Ангелова и Илиев. 2 Членот 9 не поставува затворена листа на заштитени карактеристики затоа што во согласност со монистичкиот систем на прифаќање на меѓународните договори, со самата ратификација тие претставуваат дел од националниот правен систем и според тоа заштита се дава на секое право коешто е гарантирано со Уставот или ратификуван меѓународен договор.

Но, како што и може да се очекува кога зборуваме за криминал од омраза, или кривични дела мотивирани од омраза или предрасуди, главен столб на анализата на домашното законодавство е Кривичниот законик. Сепак, значајни одредби за оваа вежба на мапирање може да се сретнат и во Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, како и во Законот за спречување на насилството и недоличното однесување на спортските натпревари.

Кога зборуваме за Кривичниот законик, голем придонес даде веќе споменатата промена на членот 39 од општиот дел на Законикот, кој во ставот 5 недвосмислено предвидува дека:

[2] Ангелова и Илиев против Бугарија, Пресуда на Европскиот суд за човекови права, 26 јули 2007 год.

„При одмерување на казната Судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор“.

Во отсуство на изречна дефиниција - што е криминал од омраза, оваа одредба претставува обврска, но и мотив за истражните органи, обвинителите, па и судиите, да проценат дали во конкретен случај кривичното дело е сторено против лице, група на лица или имот поради некоја нивна заштитена карактеристика наведена во овој став или, пак, на која било друга основа предвидена со друг закон или ратификуван меѓународен договор. Ова беше истакнато и во повеќето евалуации од спроведените обуки за криминал од омраза наменети за судиите и јавните обвинители.

Слично како и кај граѓанскиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, овој член содржи 19 основи кои се таксативно наброени, но не ограничувајќи се само на нив, остава таканаречената „отворена листа“ на основи коишто можат да се најдат во друг домашен закон или ратификуван меѓународен договор. Таков е случајот, на пример, со сексуалната ориентација која иако не е вброена во редот на законските основи и имаше обиди да се третира како маргинализирана група (што не е адекватно во согласност со Водичот за основи за дискриминација3), претставува заштитена карактеристика врз основа на која веќе има постапувано Комисијата за заштита од дискриминација како домашно тело за еднаквост.

Што се однесува до посебниот дел од Кривичниот законик тука би издвоил неколку кривични дела коишто во самото битие на делот бараат мотив од побуди на омраза и слично, или, пак, како последица го имаат ширењето на верската, расната или друг вид нетрпеливост. Таков е случајот со кривичното дело „Убиство“ од членот 123, кој во ставот 2 точка 4 предвидува казна од најмалку 10 години затвор доколку некој лиши друг од живот поради користољубие, поради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда или од други ниски побуди. Членот 137 ја третира повредата на рамноправноста на граѓаните и забранува одземање или ограничување на правото утврдено со Уставот и ратификуваните меѓународни договори, врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, јазикот или друго лично својство или околност. Членот 144 во ставот 4 го казнува загрозувањето на сигурноста и заканите по

[3] Котевска, В. (2013). Водич за основи за дискриминација. Скопје: ОБСЕ.

пат на информатички систем против некое лице поради неговата припадност кон определена национална, етничка или расна група или верска определба. Понатаму, карактеристично дело од посебниот дел од Кривичниот законик е „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ од членот 319 кој предвидува затворска казна од една до пет години за секој којшто со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови, или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост.

На крајот, би споменал уште три карактеристични одредби од посебниот дел од Кривичниот законик, сместени во делот што се однесува на Кривичните дела против човечноста и меѓународното право, а тоа се членот 403 кој го дефинира кривичното дело

„Геноцид“ и членот 407-а во вториот став кој забранува негирање, минимизирање или одобрување и оправдување на кривичните дела против човечноста и меѓународното право, а особено како потежок облик на делото го смета ако истото е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство спрема некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или, пак, верска определба. Овие се посебни во смисла на тоа дека иако воените злосторства честопати се мотивирани од предрасуди, сепак, со оглед на тоа што воените злосторства претставуваат повреда на меѓународното право и ја засегаат целокупната Меѓународна заедница, тие не се опфатени со категоријата на криминал од омраза. Најчесто, за воените злосторства судат меѓународни или специјални трибунали. Уште еден фактор според кој тие се разликуваат е што за одредени воени злосторства потребно е да се докаже посебна намера (за геноцидот, на пример, потребно е да се докаже намера за делумно или целосно уништување на групата која е предмет на нападот), покрај докажување на предрасудите кои водат до криминалот од омраза. И последна од низата инкриминации е содржана во членот 417 – „Расна и друга дискриминација“ која забранува повреда на основните човекови права и слободи признати од страна на Меѓународната заедница врз основа на разлика на раса, боја на кожа, националност или етничко потекло, а со ставот 3 од истиот член се забранува и ширење на идеи за супериорност на една раса над друга или пропагирање расна омраза или поттикнување на расна дискриминација. Овие инкриминации се карактеристични по нивната содржина и затоа најдоа свое место во оваа вежба, иако според официјалната статистика не е забележан ниту еден случај поврзан со овие кривични дела.

Со Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната се уредува одредувањето на видот и одмерувањето на казната, договарање за видот и висината на казната меѓу јавниот обвинител и обвинетиот во рамките

на спогодувањето како и формирањето, составот, мандатот и надлежностите на Комисијата за уедначување на казнената политика. Сепак, кога станува збор за криминал од омраза, сметам дека спогодувањето треба да се однесува само во делот на построгата казна со која му се заканува на извршителот како резултат на отежнувачките околности предвидени во членот 39 став 5 од Кривичниот законик, а никако и за основната казна предвидена за конкретното кривично дело. Со тоа се постигнува и построга санкција како еден од инструментите за генерална превенција од овој вид на криминал, без притоа да се наруши правото на спогодување за вина во согласност со новиот концепт на Законот за кривична постапка.

Отежнувачките и олеснувачките околности, при одмерувањето на висината на казната, се засметуваат со додавање, односно одземање на поени, при што почетна основа претставува средната вредност на утврдената висина на казната во секоја вертикална категорија во согласност со табелата содржана во Прилогот број 1, којшто е составен дел од Законот.

Отежнувачките и олеснувачките околности кои влијаат врз висината на казната се групирани во следниве категории: степен на кривичната одговорност, побуди од кои е сторено кривичното дело, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околности под кои е сторено делото, придонес на жртвата во извршување на делото, поранешниот живот на сторителот, лични прилики и однесување по сторувањето на кривичното дело, други околности што се однесуваат на личноста на сторителот и поранешното дело е од ист вид како новото дело, делата се сторени од исти побуди, времето поминато од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна. Листата на олеснувачки и отежнувачки околности во која е извршено поединечно бодување на секоја околност е дадена во табелата содржана во Прилог број 2 кој е составен дел на овој Закон.

Токму во овој дел би сакал да укажам на една уочлива недоследност, каде што во категоријата „побуди од кои е сторено кривичното дело“ како отежнувачка околност националната, верската и расната омраза носат 8 бода, додека, пак, другите видови на омраза како пол, возрасат, сексуална определба, лица со хендикеп и слично, носат 6 бода. Веројатно, законодавецот сакал поголема тежина да даде на овие три основи, имајќи ги предвид повеќенационалниот состав на нашето општество и различните религиски уверувања, но, сепак, нелогично е зошто на некој начин се „деградираат“ или се помалку отежнувачки околности доколку кривичното дело е сторено поради некоја заштитена карактеристика на жртвата - оштетениот како што се полот, возраста, сексуалната определба или физичкиот или ментален хендикеп.

Со Законот за спречување на насилството и недолично однесување на спортските натпревари се уредуваат прашањата што се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и

мерките за нивно спречување, осигурувањето на безбедноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари и обврските на организаторите и овластувањата на надлежните органи за спроведување на тие мерки.

Во согласност со членот 3 од овој Закон, меѓу другото, под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета и внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини.

Во членот 7 од истиот Закон, предвидени се и обврските на организаторот на спортски натпревар, според кои истиот е обврзан да обезбеди редарска служба која меѓу другото се грижи и е должна да врши оневозможување на внесување на транспаренти и обележја со кои се поттикнува расна, национална, верска или друга нетрпеливост, предупредување, односно оддалечување на гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност, како и опоменување, односно оддалечување на гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на спортскиот натпревар.

Непочитувањето на овие одредби имплицира прекршочни санкции и казни како за сторителите на инцидентите, така и за спортските клубови или организаторите на спортските натпревари.

4. ОБУКИТЕ ЗА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ И TACHLE ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Почнувајќи од крајот на 2012 година па сè до денес, Академијата заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје напорно работи на подготовка на нашите судии и јавни обвинители, како и на обезбедување на соодветен наставен материјален кадар и потенцијален тим на обучувачи за кривичните дела мотивирани од предрасуди.

Во текот на 2013 и во 2014 година, беа организирани неколку настани кои беа дел од годишните програми за обука на Академијата. Најпрво, беше спроведена обука на обучувачи којашто беше водена од мешан тим на експерти на Академијата и Мисијата на ОБСЕ, составен од домашни и меѓународни предавачи, со екстензивно познавање на оваа проблематика. Понатаму, во 2013 и во 2014 година беа организирани и по четири каскадни дводневни обуки за секое апелационо подрачје со повеќе од 80 учесници на годишно ниво, додека, пак, во 2014 година покрај овие обуки, беше организиран уште еден дополнителен тренинг за обучувачите на Академијата. Главната цел на

овие настани беше да се подигне свеста кај домашните судии и обвинители, како и да се разбере концептот на криминалот од омраза во согласност со релевантните меѓународни документи и стандарди, кои преку Европската конвенција за човекови права, ги имаме прифатено и ние. Нормално, неизоставен дел од обуките беше и примената на домашното законодавство, а посебен фокус на обуките во 2014 година беше ставен и на измените на членот 39 во ставот 5 од Кривичниот законик, коишто стапија на сила во февруари оваа година.

Во втората половина на 2015 година, конкретно во периодот од септември до ноември, беше одржана консултативна сесија за тимот од 12 едукатори со цел да се запознаат со најновите препораки и документи на ОБСЕ/ОДИХР, како и да се освежи наставната програма за каскадните обуки за секое апелациско подрачје. Вкупниот број на учесници на овие обуки во 2015 година изнесува близу 80 учесници, главно кривични судии и јавни обвинители, но и стручни соработници од судовите и јавните обвинителства, коишто работат на ваков вид на предмети.

Но, во 2015 година, и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, во соработка со ОБСЕ/ОДИХР, отпочна да ја реализира TACHLE програмата за обука за криминал од омраза на полициските службеници. Обуката ја следеа вкупно 50 полициски службеници на раководно ниво од секторите за внатрешни работи и од Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи.

Во 2016 година предвидено е да се организираат каскадни обуки за целокупниот состав на полицијата со цел да се поттикне посистематски пристап, но и да се влијае врз ставовите на полициските службеници по однос на криминалот и говорот од омраза. Целта на обуката е да се подигне на повисоко ниво свеста на полициските службеници за соодветно евидентирање на кривичните дела сторени од омраза, како и да ги препознаваат индикаторите за потенцијален криминал од омраза.

5. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА И СУДОВИТЕ

Една од најважните алки во синџирот за ефективен систем за борба против криминалот од омраза е системот на евидентирање на кривичните дела од омраза и нивните сторители. Затоа, во овој дел на кратко ќе ги презентираме можностите и алатките со коишто во моментов располагаат надлежните институции.

За поздравување е тоа што во 2015 година, при Министерството за внатршни работи беше промовирана и ставена во функција апликацијата

„црвено копче“ (*Red button*) кое има за цел да ги поттикне граѓаните да пријават криминал од омраза или насилство, со можност пријавата да ја достави жртвата или друго лице во име на жртвата. Апликацијата содржи податоци за жртвата, податоци за лице во кое жртвата има доверба, опис на тоа што се случило, доколку настанот се случил на интернет податоци за интернет -страниците на кои тоа се случило и други корисни податоци. Во оваа прилика сакам да укажам дека како недостаток се јавува и неусогласеноста на апликацијата со измените на членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија, донесени во февруари 2014 година.

Не може да се каже дека истата се користи според очекувањата, имено, од денот на нејзиното воспоставување до 15.7.2015 година примени се 7 пријави за говор на омраза, од кои половина се однесуваат на социјалните мрежи како места каде што се шири говорот на омраза. Он лајн пријавите не содржат суштински податоци и информации, но, сепак, од надлежните служби се прави проверка на содржината на пријавата. Несомнено е дека е потребен повисок степен на промоција, како и поттикнување на јавната свест за корисната страна на апликацијата од аспект на овозможување на повисок степен на проактивност од страна на полицијата.

Но, сепак, на крај треба да се истакне дека Министерството за внатрешни работи не води посебна евиденција за пријавени кривични дела коишто се сторени поради некоја од заштитените карактеристики од членот 39 (5) од Кривичниот законик. Кривичните дела сторени од омраза се евидентираат во постојната евиденција за сторени кривични дела за кои се гони по службена должност или, пак, по поднесена приватна тужба.

Со стапувањето на сила и на новиот Закон за кривична постапка, Обвинителството доби сосема нова улога во кривичната постапка, па оттаму се јави и потребата од негова поголема екипираност и креирање на нови софтверски алатки кои на јавните обвинители ќе им овозможат полесен пристап до релевантни информации, но и едноставно и брзо поврзување со АКМИС системот на судовите. Добар дел од овие нови софтверски решенија се во функција, како што се евиденција на предмети, водење на предмети, сослушување на странки и сведоци што ја овозможува секојдневната практична работа на обвинителите, додека, пак, во моментов се работи на вториот дел од инсталација на софтверот којшто ќе овозможи интерконекциско поврзување со судовите.

Што се однесува до евидентирањето и следењето на кривичните дела од омраза, новото софтверско решение содржи и таканаречен „*Radio button*“, којшто им овозможува на јавните обвинители да ги означат кривичните дела, односно обвинителните акти и предлози што се поднесени против сторителите кои делото го извршиле од предрасуди или поради некоја заштитена карактеристика на жртвата.

Во моментот на изработување на вежбата сè уште немаме официјални податоци дали и колку често е употребен овој механизам за евидентирање на криминалот од омраза во рамките на основните јавни обвинителства, што значи дека практичната примена на ова решение сè уште не е започната.

Што се однесува, пак, до судовите, веќе неколку години успешно е имплементиран АКМИС системот за електронско управување со предметите. Системот овозможува да се евидентираат, селектираат и пребаруваат судските одлуки и по основа и по вид на сторено кривично дело (во кривичните судови), како и да се означат (штиклираат) сите пресуди каде што се работи за криминал од омраза, односно каде што кривичниот суд утврдил дека кривичното дело е сторено поради омраза, предрасуда или заштитена карактеристика на жртвата. И покрај ваквата можност, нејасно е дали системот може да евидентира по која заштитена карактеристика е сторено делото, или само регистрира дека е применет членот 39 став 5 од Кривичниот законик.

Сепак, во согласност со поставеноста на Судот според новиот Закон за кривична постапка, докажувањето на мотивите мора да започне уште од приемот на пријавата во Министерството за внатрешни работи и да продолжи во Јавното обвинителство, па во еден ваков систем, и евиденцијата во судовите во овој дел е огледало на евиденцијата во јавните обвинителства.

Досега не можеме да бидеме задоволни со реалната евидентирана бројка на официјално процесирани и одлучени случаи на кривични дела од омраза, но можеме да кажеме дека се обезбедени практични алатки и предуслови во секоја од надлежните институции за успешно евидентирање на криминалот од омраза.

6. АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

Целта на овој дел е низ реални случаи од практиката да покажеме како истите треба да се „движат“ низ системот на судска заштита, што секоја од надлежните институции треба да направи во конкретниот случај и дали истото е направено. Повторно, сакам да напомнам дека оваа вежба има за цел да ги лоцира проблемите и недостатоците во системот на ефективна заштита, а не да наметне начин на постапување на надлежните институции. Во продолжение ќе биде претставена анализата на четири случаи кои се реални и се случени во Република Македонија, во текот на 2013 и 2014 година.

6.1. Едно момче избодено на Денот на одбележување на албанското знаме

Во близината на плоштадот Скендербег, во текот на одбележувањето на Денот на албанското знаме, 20-годишен Албанец бил избоден неколку пати со остар предмет.

Со тоа непознатиот сторител или сторители извршиле неколку потенцијални кривични дела, и тоа: Насилство (член 386), Тешка телесна повреда (член 131) и Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (член 133).

Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:

1. Природа на инцидентот – инцидентот содржи насилни елементи.
2. Локација - инцидентот бил извршен во јавност, на плоштадот „Скендерберг“ и на очиглед на повеќе случајни минувачи или граѓани што се нашле на овој плоштад.
3. Време – инцидентот се случил на Денот на албанското знаме.
4. Шема на претходни инциденти – ова е трето избодување последователно во последните три години што се случило на Денот на албанското знаме помеѓу млади лица.

Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барањето за информации од јавен карактер испратено од Хелсиншкиот комитет, дека ги преземаат потребните мерки за целосно разјаснување на случајот.

6.1.1. Обврски и активности на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија

Во овој случај полициските службеници треба да ги истражат мотивите за ваквите дејства на сторителите, брзо и ефикасно да се обидат да ги пронајдат и идентификуваат сите или дел од сторителите, како и да состават записник каде што јасно и недвосмислено ќе забележат дека жртвата била нападната поради нејзината етничка припадност на денот на прославата на албанското знаме и дека инцидентот бил сторен во јавност на плоштадот „Скендербег“. Исто така, полициските службеници треба да земат и изјава од жртвата и да го документираат неговото гледање на инцидентот, како и да истражат дали евентуално имало други мотиви за сторување на кривичното дело. Покрај тоа, како една од најважните обврски на Министерството за внатрешни работи е да ги обезбеди сите докази од местото на настанот, како и да обезбеди сведоци коишто во понатамошната постапка ќе може да ги користи јавниот обвинител и подоцна да се изведат пред надлежниот суд. Покрај тоа, треба да се напомни дека задолжително секоја полициска станица треба да води евиденција и регистар на сторителите на кривични дела од омраза, како битен елемент во синџирот на евиденција на кривичните дела мотивирани од предрасуди.

6.1.2. Обврски и активности на надлежниот јавен обвинител

Во согласност со новиот концепт на Законот за кривична постапка, јавниот обвинител е оној кој раководи со истражната постапка, а, исто така,

има надлежност да издава наредби на правосудната полиција (полициските службеници) за преземање на конкретни дејства и мерки за успешно спроведување на истрагата и собирање на потребните докази. Во конкретниов случај обвинителот треба да ги цени наводите содржани во полицискиот записник и собраните докази, но и да го испита поширокиот општествен контекст, фреквенцијата на сторување на вакви кривични дела, нивното повторување секоја година на истиот ден и сето тоа соодветно да го образложи во кривичната пријава што би ја поднел за овој настан. Истата треба да ги содржи сите потребни елементи наведени претходно во однос на заштитената карактеристика на жртвата, мотивите за сторување на делото, местото каде што е сторено делото, со јасни насоки и залагања дека сторителите треба да се осудат за сторените кривични дела и да се казнат строго бидејќи истите ги сториле поради некоја од заштитените карактеристики на жртвата во согласност со членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија. Од процесен аспект, јавниот обвинител треба да ги обработи и процесира сите докази, и да земе соодветни искази од обвинетиот, сведоците и оштетениот, односно жртвата на инцидентот мотивиран од предрасуди. Како дополнување, доколку утврди дека е потребно, јавниот обвинител може да земе и изјави од заедницата и од станарите коишто живеат во близина на местото на сторување на инцидентот, како и да испита дали има некои јавни пораки, графити и слично, а коишто се однесуваат на ширење на етничка омраза спрема албанското население, исмејување или негирање на албанското знаме или некој друг доказ кој оди во насока и сигурна поткрепа на неговите тврдења дека ова кривично дело е сторено како резултат на омраза или предрасуда во однос на етничката припадност на жртвата.

6.1.3. Обврски на судијата и учесниците во судската постапка

Во недостаток на јасна дефиниција што е криминал од омраза, судијата треба да се фокусира на побудите од кои е сторено делото, да го цени исказот и начинот на кој се однесува обвинетиот, иако не секогаш сторителите на кривичните дела од омраза го имаат истиот став и однесување како во претходната постапка. Често пати, по сугестија на бранителите, тие го менуваат својот исказ и негираат дека делото го сториле поради некоја заштитена карактеристика на оштетениот. Затоа, Судот мора да се фокусира на предложените и изведени докази во смисла на тоа правилно да ги оцени побудите од кои е сторено делото, па со примена на членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија да оди на построго казнување на сторителот. Тоа значи дека при одмерување на +казната соодветно да го примени и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, во смисла што покрај другите околности, да ги додаде негативните поени поради побудите од кои е сторено делото.

Во овој дел, би сакал да истакнам дека Судот мора да го изведе и како доказ и да го сослуша оштетениот, ценејќи ги неговите наводи и гледишта

за критичниот настан, како и за неговата перцепција на сторителот, во конкретниот случај напаѓачот или напаѓачите. Често пати, оштетениот или жртвата се единствените што слушнале и што можат да посведочат што изјавувале сторителите во моментот на извршување на делото, што, од друга страна, пак, е есенцијално за откривање на мотивите и побудите поради кое е сторено делото. Во таа смисла, и адвокатите - полномошници на оштетените треба да бидат подготвени за овој вид на постапки и да го надополнуваат јавниот обвинител за докажување на вината на сторителите и нивно построго казнување.

6.2. ЛГБТИ заедницата беше нападната во Старата чаршија во Скопје

Во текот на прославата на вториот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка, група од околу 40 маскирани сторители трчајќи се упатиле кон кафе-барот „Дамар“ и го каменувале додека внатре имало повеќе од шеесет лица. Во текот на нападот двајца од гостите биле пред самиот локал, па групата почнала да ги удира со стаклени шишиња и тупаници, викајќи им дека „треба да си одат“ и дека „нема место за педери во Старата чаршија“. Неколку од гостите кои биле внатре во кафе-барот се здобиле со помали посекотини од искршеното стакло.

Со ваквите дејства, осомничените и предизвикувачите на овој инцидент сториле неколку кривични дела, и тоа: Телесна повреда (член 130), Оштетување туѓи предмети (член 243), Насилство (член 386), Загрозување на сигурноста (член 144) и Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (член 133).

Мотивот на пристрасност во овој инцидент се сексуалната ориентација и сексуалниот идентитет, додека покрај најавите и повикот за насилство преку социјалните мрежи и повици од јавни личности, индикатори на пристрасност во овој инцидент се:

1. Разликите помеѓу сторителот и жртвата – за време на инцидентот, жртвите се занимаваат со активности за промоција и прославување на нивната култура, сексуална ориентација и родов идентитет, прославувајќи го датумот на вториот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка.
2. Коментари – сторителите извикувале навредливи и заканувачки коментари за заедницата на жртвите.
3. Шема на претходни инциденти – инцидентот претставува шести напад на ЛГБТИ заедницата и нејзините активности во Старата чаршија во текот на првите две години од своето постоење. Петте претходни инциденти биле врз седиштето на Центарот за поддршка на оваа заедница.

4. Природа на инцидентот – инцидентот содржи насилни елементи.
5. Локација - инцидентот бил извршен во јавност, а од сите угостителски објекти само кафе -барот „Дамар“ бил нападнат токму таа вечер, иако неколку години работел без проблеми.
6. Други мотиви за извршување на кривичните дела не се познати.

Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барањето за информации од јавен карактер испратено од Хелсиншкиот комитет, дека е поднесен Извештај за примање кривична пријава против непознат сторител/и за кривично дело Насилство. Во одговорот нема информации за можниот мотив на делото.

6.2.1. Обврски и активности на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија

Во овој случај полициските службеници треба да поработат на брзо и ефикасно пронаоѓање и идентификување на сите сторители или дел од нив, а потоа да се фокусираат на составување на квалитетен записник за настанот со потенцирање на мотивот и околностите под кои се сторени кривичните дела, а, пред сè, дека се работи за прослава на вториот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка, дека се работи за шести по ред напад во период од две години, единствено кафе-барот „Дамар“ бил нападнат таа вечер и покрај тоа што сите околни кафе-барови и клубови работеле, а особено да се наведат пораките и однесувањето на сторителите на кривичните дела, со што јасно ќе се утврди дека сексуалната ориентација како заштитена карактеристика е мотив за противправното однесување на сторителите на кривичните дела. Исто така, полициските службеници треба да земат и изјава на некои од жртвите и да го документираат нивното гледање на инцидентот.

6.2.2. Обврски и активности на надлежниот јавен обвинител

Во конкретниов случај обвинителот треба само да ја продолжи работата на полициските службеници на начин што ќе ги цени наводите содржани во полицискиот записник и собраните докази, и во согласност со истите ќе подготви квалитетна, фокусирана и образложена кривична пријава за овој настан. Истата треба да ги содржи сите потребни елементи претходно наведени во однос на заштитената карактеристика на жртвата, мотивите за сторување на делото, местото каде што е сторено делото, со јасни насоки и залагања дека сторителите треба да се осудат за сторените кривични дела и да се казнат строго бидејќи истите дела ги сториле поради некоја од заштитените карактеристики на жртвата во согласност со членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија. Тука не треба да претставува проблем тоа што сексуалната ориентација експлицитно не е наведена во оваа одредба, бидејќи како што и претходно наведовме, се работи за една отворена листа, па јавниот обвинител може слободно да ја земе како мотив

за сторување на кривичното дело, притоа, користејќи ја и судската практика на Европскиот суд за човекови права[4].

Од процесен аспект, јавниот обвинител треба да ги обработи и процесира сите докази, и да земе соодветни искази од обвинетите, сведоците и оштетените, односно жртвата на инцидентот мотивиран од предрасуди. Како дополнување, јавниот обвинител може да ги документира и графитите испишани во близана на Центарот во Старата скопска чаршија коишто се однесуваат на ширење на омраза спрема припадниците на ЛГБТИ заедницата, а бидејќи такви графити и пораки постојат[5], тоа само би му ја олеснило работата и би ги потврдиле неговите тврдења дека ова кривично дело е сторено како резултат на омраза или предрасуда во однос на сексуалната ориентација на жртвите.

6.2.3. Обврски на судијата и учесниците во судската постапка

Во конкретниов случај, судијата и Судот исклучително треба да се фокусираат на предложените и изведени докази во смисла на тоа правилно да ги оценат побудите од кои е сторено делото, па со примена на членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија да се оди на построго казнување на сторителите. Тоа значи дека при одмерување на казната соодветно да го примени и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, во смисла покрај другите околности, да ги додаде негативните поени поради побудите од кои е сторено делото. И во овој случај за Судот не треба да претставува проблем тоа што сексуалната ориентација не е изречно предвидена со оваа одредба, па концептот на отворена листа доследно треба да се почитува и да се оди кон построго казнување на сторителите образложувајќи дека сторителите биле мотивирани од предрасуди спрема припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Како и во претходниот случај, би сакал да напомнам дека Судот мора да го изведе и како доказ и да ги сослуша оштетените, особено имајќи предвид дека се работи не само за физички лица како жртви, туку и оштетување на имот на сопственикот на објектот. Поради тоа, препорачливо е во својство на оштетен, директно или преку неговиот полномошник да се земат искази и од него или негов законски застапник, доколку сопственикот е правно лице.

Инаку, доколку во конкретниот случај јавниот обвинител и Министерството за внатрешни работи постапат онака како што е објаснето погоре, Судот ќе има „лесна“ задача за утврдување на вина кај сторителите,

[4] Идентоба и други против Грузија, Пресуда на Европскиот суд за човекови права, 12 август 2015 год.

[5] Во текот на еден од нападите на ЛГБТИ Центарот во негова близина е испишан графит “ТРЕМИТИ”. Островите Тремити се група на острови во Јадранското Море каде што режимот на Мусолини ги депортирал лицата кои биле осомничени дека се хомосексуалци.

како и за одмерување на построга санкција поради побудите за сторување на кривичното дело. Единствено, битно е, и ќе треба да обезбеди доволно податоци од криминалистичката евиденција, дали сторителите или некои од нив и порано учествувале во исти или слични инциденти, по што, доколку има такви, би додале уште повеќе негативни поени во согласност со Законот за одредување на видот и одмерување на казната.

6.3. Момче брутално претепано во Лисиче

Ј.И. (18), етнички Албанец, брутално бил нападнат и претепан во скопската населба „Лисиче“ во петокот вечерта. Ј.И. бил излезен со своите пријатели и откако се разделиле, сам се упатил кон својот дом, но бил пресретнат од поголема група напаѓачи кои го прашале за неговата националност. Откако им одговорил дека е етнички Албанец веднаш бил нападнат, бил удрен со безбол палка од што паднал на земја и се онесвестил.

Групата продолжила да го тепа онесвестеното момче сè додека случаен минувач го забележал настанот и повикал полиција и брза помош. Оштетениот бил однесен во Клиничкиот центар каде му биле констатирани бројни повреди и му била укажана лекарска помош.

По спроведената истрага, Министерството за внатрешни работи утврдило дека на Ј.И. заедно со уште пет пријатели меѓу кои имало и девојчиња, им пришол извесен малолетник Б.Л. (14) кој го прашал каде живее, па откако Ј.И. му кажал дека живее во населбата „Чаир“, малолетникот се оддалечил и телефонски контактирал со А.М. (16) и повикале уште петмина врсници, по што сите заедно тргнале по Ј.И. Откако тој ја забележал оваа новоформирана група, трите девојчиња се оддалечиле, но набрзо групата ги пресретнала и почнала да ги удира Ј.И. и неговиот другар. Ј.И. се здобил со скршеница на долната вилица и набиеници на главата, додека, пак, неговиот другар поминал со само еден до два удара. На крајот, Министерството за внатрешни работи соопшти дека ќе изврши консултации со јавниот обвинител во насока на одредување на квалификацијата на кривичното дело, и дека потоа против малолетните напаѓачи ќе поднесе соодветна кривична пријава.

6.3.1. Обврски и активности на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија

Во овој случај полициските службеници треба да ги истражат мотивите за ваквите дејствија на сторителите, брзо и ефикасно да се обидат да ги пронајдат и идентификуваат сите или дел од сторителите, како и да состават записник каде што ќе забележат дека е многу веројатно дека жртвата била нападната исклучително поради нејзината национална или етничка припадност. Особено треба да се забележи дека оштетениот - жртвата била во средина којашто се смета за неалбанска, односно средина каде што доминантно живее население од македонска национална припадност. Пред сè, бидејќи во овој случај

имаме повеќе учесници на настанот, за овој случај е од есенцијално значење, полициските службеници да земат квалитетни изјави од осомничените, од сведоците (минувачот кој го пријавил инцидентот и девојките кои биле во друштво со жртвата), како и да ги обезбедат материјалните докази (траги од крв, бејзбол палка и слично). Исто така, полициските службеници треба да земат и изјава од жртвата и да го документираат неговото гледање на инцидентот, како и да истражат дали евентуално имало други мотиви за сторување на кривичното дело. Секако, една од битните карактеристики на овој настан е дека дел од сторителите или сите се малолетници, па соодветно треба да се применат и одредбите што се однесуваат на оваа категорија на сторители на кривични дела.

На крајот, во согласност со известувањето од Министерството за внатрешни работи, полициските службеници треба да извршат и консултации со надлежниот јавен обвинител во однос на класификацијата на кривичноправниот настан, при подготовката на кривичната пријава.

6.3.2. Обврски и активности на надлежниот јавен обвинител

Во конкретниов случај обвинителот треба да ги цени наводите содржани во полицискиот записник и собраните докази, но и да го испита поширокиот општествен контекст, фреквенцијата на сторување на вакви кривични дела, нивното повторување, како и да дејствува во насока на превенција од предизвикување „спирала“ од вакви или слични кривични дела, коишто би можеле да се јават и во обратен контекст, односно етнички Македонец да биде нападнат и тешко телесно повреден во средина каде што живее доминантно албанско население. Ова значи дека обвинението треба да содржи едно пошироко образложение за јавниот интерес, опасноста од повторување и зачестеност на ваквите кривични дела и мотивите за сторување на делото, местото каде што е сторено делото, со јасни насоки и залагања дека сторителите треба да се осудат за стореното кривично дело и да се казнат строго бидејќи истите го сториле поради некоја од заштитените карактеристики на жртвата во согласност со членот 39 став 5 од Кривичниот законик на Република Македонија. Од процесен аспект, јавниот обвинител треба да ги обработи и процесира сите докази, и да земе соодветни искази од обвинетите, сведоците и оштетениот, односно жртвата на инцидентот мотивиран од предрасуди. Како дополнување, доколку утврди дека е потребно, јавниот обвинител може да земе и изјави од заедницата и од станарите коишто живеат во близина на местото на сторување на инцидентот, како и да испита дали има некои јавни пораки, графити и слично, а коишто се однесуваат на ширење на етничка омраза спрема албанското население или некој друг доказ кој оди во насока и сигурна поткрепа на неговите тврдења дека ова кривично дело е сторено како резултат на омраза или предрасуда во однос на етничката припадност на жртвата. Слично како и во делот за обврските на полициските службеници, при сослушувањето на обвинетите, треба да ги примени и почитува одребите од

Законот за кривична постапка и Законот за правда на децата кои се однесуваат на постапување со малолетни лица во кривична постапка.

- Vilijams, P. D. (2012). Uvod u studije bezbednosti. U P. D. Vilijams (Ed.), *Uvod u studije bezbednosti* (str. 39-52). Beograd: Službeni glasnik i Fakultet bezbednosti.
- Vrhovni sud Federacije Bosne i Hercegovine. (2004). Presuda, broj Kž-414-03 od dana 21. 1. 2004. godine.
- Wæver, O., Buzan, B., Kelstrup, M. i Lemaitre, P. (1993). *Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe*. London: Pinter.

КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА КАКО ДВИГАТЕЛ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ – ПОСТОИ ЛИ РИЗИК ЖРТВИТЕ ОД КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ДА ПРИБЕГНАТ КОН НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ?

Беса Арифи[1]

РЕЗИМЕ

Криминалот од омраза и насилниот екстремизам се сметаат за сериозни проблеми на XXI век. Истражувањата покажуваат дека постои силна врска меѓу овие две категории на кривични дела. Балканскиот регион дава особено интересен придонес за анализа и на криминалот од омраза и на насилниот екстремизам, со оглед на долгата историја на конфликти и последиците кои сè уште се чувствуваат во земјите од овој регион. Криминалот од омраза се поврзува со насилниот екстремизам на три комплексни начини:

- Прво, лицата кои покажуваат знаци на агресивност и кои извршуваат криминал од омраза се склони кон инволвираност во насилен екстремизам, што може да се смета како точка на кулминација при извршување на криминал од омраза;
- Второ, жртвите на криминалот од омраза со кои не се постапило соодветно или кои целосно се игнорирани од општеството стануваат маргинализирани. Маргинализацијата на една група се смета за особено важен двигател за насилниот екстремизам;
- Трето, дискриминацијата која кулминира со криминал од омраза стреми кон конфликтни ситуации кои можат да прераснат во војна и вооружени конфликти (што е особено очигледно според поновата историја на Балканот). Нормализирањето на состојбата по такви сурови конфликти и војни е многу тежок процес кој бара и време и труд. Неуспешната дерадикализација, како и маргинализацијата на лицата кои не успеале да се реинтегрираат во општеството, исто така, можат да доведат до нови форми на радикализација и се сметаат за уште еден важен двигател за насилниот екстремизам.

Овој труд ќе се обиде да ја објасни важноста на концептот на криминалот од омраза и ризиците поврзани со недостигот на волја за справување со ваквиот криминал, а со цел да се анализира до која мерка тие можат да предизвикаат радикализација и насилен екстремизам.

[1] Др Беса Арифи, вонреден професор по предметот Кривично право и криминологија, Правен факултет, Универзитет на Југоисточна Европа, Република Македонија.
E-mail: b.arifi@seeu.edu.mk

Методологијата која се користи опфаќа анализа на документи и компаративна анализа. Компаративниот пристап опфаќа две земји од регионот (Македонија и Косово) и една западноевропска земја (Обединетото Кралство).

Особен недостаток на трудот е немањето на податоци добиени од конкретен проект за поврзаноста на криминалот од омраза со насилниот екстремизам, што би послужило како инспирација за преземање на одредени чекори во овој контекст. Трудот ќе понуди заклучоци и препораки за превентивни мерки.

Главен заклучок на трудот е дека поврзаноста на криминалот од омраза со насилниот екстремизам е обработена во одредени извештаи за двете форми на овие кривични дела, но ова прашање сè уште не е доволно проучено, а има особено евидентен недостаток на изворни материјали и конкретни извештаи за ова прашање.

Криминалот од омраза и насилниот екстремизам имаат важни заеднички карактеристики, кои потврдуваат дека оваа поврзаност итно треба да се проучи и обработи на организиран начин од домашните и меѓународните институции кои работат на овие видови на кривични дела.

Клучни зборови: криминал од омраза, насилен екстремизам, радикализација, превенција, Република Македонија.

1. ВОВЕД

Како што забележува ОБСЕ-ОДИХР, која евидентно е една од најинволвираните меѓународни организации во регулирањето на борбата против оваа форма на криминал: „Криминалот од омраза е насилна манифестација на нетолеранција и има длабоко влијание не само врз непосредната жртва, туку и врз групата со која таа жртва се идентификува себеси. Тој влијае врз кохезијата на заедницата и социјалната стабилност. Според тоа, давањето на жесток одговор е од особена важност како за лицето така и за безбедноста на целата заедница“ (ОБСЕ-ОДИХР, 2009, с. 11). Општата дефиниција на криминалот од омраза од истата организација[2] ги карактеризира овие дела како кривични дела мотивирани од пристрасност и предрасуди кон одредена група на луѓе. За да се смета за криминал од омраза, делото мора да задоволува два критериума. Првиот критериум е делото да претставува кривично дело според кривичното право. Вториот критериум е, делото мора да биде мотивирано од пристрасност. Јасно е дека оваа форма на криминал претставува сериозна манифестација на насилство со кое треба да се справат државните институции со оглед на опасноста по општеството која произлегува од него. Според тоа, темелното правно регулирање на кривичната одговорност за криминалот од омраза е од суштинско значење не само за измените на одредбите од кривичните законици, туку и за подготовката

[2] Повеќе информации на: http://www.hatecrime.osce.org.

и спроведувањето на сеопфатни стратегии за примена на таквите одредби. Криминалот од омраза кој не е соодветно санкциониран може да донесе и вообичаено се манифестира со сериозни последици во дадената земја, кои од своја страна можат да прераснат и во други форми на насилство, како што се тероризам и инциденти на насилен екстремизам.

Насилниот екстремизам, пак, од друга страна, се дефинира како верувања и дејства на луѓето кои поддржуваат или употребуваат насилство за постигнување на идеолошки, верски или политички цели (Влада на Австралија, Што е насилен екстремизам?). Тој го вклучува тероризмот и другите форми на политички мотивирано насилство или насилство меѓу различни заедници. Мотивите за насилен екстремизам се различни и можат да вклучат: следење на одредена идеологија, прашања поврзани со животната средина или економската состојба или етнички или сепаратистички побуди.[3]

Врската меѓу криминалот од омраза и насилниот екстремизам е прашање кое не е доволно обработено во Извештаите за криминал од омраза или Извештаите за борба против насилниот екстремизам [БНЕ]. Затоа, таа врска и натаму останува недоволно истражена и анализирана. Поради тоа, овој труд има за цел да даде скромен придонес кон натамошното анализирање на оваа важна корелација преку поврзување на допирните точки на овие две форми на кривични дела.

Во таа насока, авторот ќе се обиде да истакне одредени недостатоци на регулативата и спроведувањето на законите и политиките за борба против криминалот од омраза, особено во Република Македонија, а во споредба со земјите во регионот и пошироко. Покрај тоа, ќе биде разгледано прашањето на насилен екстремизам и неговите појавни форми на Балканот, со цел да се истражи каква е меѓусебната поврзаност меѓу криминалот од омраза и екстремизмот. Имајќи предвид дека ова е еден од првите трудови кој ја обработува оваа важна врска, пред сè, преку методите на анализа на документи, компаративна анализа и разгледување на законите, овој труд не се стреми целосно и сеопфатно да ја разработи оваа тема, особено поради недостигот на директни податоци добиени преку интервјуа и други емпириски методи. Ова последново би барало посебен истражувачки проект кој би вклучил истражувачки институт и кој би бил поддржан од меѓународни организации кои работат на ова поле. Во согласност со тоа, авторот е цврсто убеден дека постои потреба од добро организирано и добро координирано истражување на оваа тема.

[3] Повеќе информации се достапни на: http://www.livingsafetogether.gov.au/aboutus/Pages/what-is-violent-extremism.aspx, пристапено на 7 август, 2016 година.

2. КРАТКА ДИСКУСИЈА ЗА ПРИСТАПОТ КОН КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2.1. Важечки правни одредби и нивното спроведување во практиката

Измените на Кривичниот законик на Република Македонија[4] (во сила од 1996 година (Каневчев, 2015)) во 2009 и 2014 година го воведоа концептот на криминал од омраза во важечкото кривично право во земјата, конкретно во членот 39 став 5, кој предвидува дека: „[п]ри одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.“ Ваквото отежнувачко казнување и гореспоменатите заштитни карактеристики на жртвата дополнително се наведуваат во членовите 137/1, 144/4, 319/1, 394г/1, 417/1 од овој Кривичен законик, кој, според тоа, ги криминализира: нарушувањето на еднаквоста меѓу граѓаните, загрозувањето на безбедноста, предизвикувањето на омраза, раздорот или нетолеранцијата врз основа на националната, расната, верската или друга форма на дискриминација, ширењето на расистички или ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем и расната и друга форма на дискриминација. Како што објаснува Камбовски (2015), целта на оваа одредба е да обезбеди превенција на криминалот од омраза и да испрати институционална порака дека истиот нема да се толерира во општеството.

Сепак, правните одредби кои само се напишани во текстот на Кривичниот закон, но кои не се применуваат во практиката, имаат многу мала вредност. Иако концептот на криминал од омраза беше воведен во 2009 година, проблемот кој и понатаму постои, а кој е утврден и од граѓанското општество, е дека криминалот од омраза како таков не се диференцира во судската практика во Република Македонија и затоа лицата кои вршат такви дела, вообичаено, се осудуваат за „нормални“ кривични дела, кои не го содржат елементот на пристрасност, кој, всушност, ги карактеризира истите како криминал од омраза. Па така, еден обичен преглед на официјалната интернет- страница на ОБСЕ за криминал од омраза покажува дека во Република Македонија нема официјални податоци за бројот на обвинети, гонети или осудени лица за оваа

[4] Кривичен законик на Република Македонија, донесен во 1996 година, *Службен весник на Република Македонија*, 37/1996, измени објавени во *Службен весник на Република Македонија*, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11(2), 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15.

форма на криминал.[5] Причината за тоа е немањето на ефикасен механизам во институциите за креирање политики, во истражните органи и во судството за идентификување на криминалот од омраза и негово категоризирање како таков. Од друга страна, пак, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, со поддршка од ОБСЕ, во 2013 година изработи програма за криминал од омраза и оттогаш ги следи инцидентите кои содржат елементи на криминал од омраза. Резултатите се објавуваат во нивните годишни извештаи (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015) и (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2014) како и на нивната интернет-страница за криминал од омраза.[6] Споменатите извештаи и ажурираните податоци на интернет-страницата покажуваат дека од 2013 година евидентирани се вкупно 286 инциденти на криминал од омраза, од кои најголемиот дел се врз основа на етничка припадност или националност (183), додека другите се врз основа на политичка припадност или политичко уверување (33), статус на бегалец или мигрант (30), предизвикување на национална, расна или верска омраза, раздор или нетолеранција (23), верска припадност или религиско уверување (20), сексуална ориентација или родов идентитет (18),[7] итн. Покрај тоа, извештаите на Хелсиншкиот комитет јасно покажуваат дека во согласност со следењето на судските постапки за криминал од омраза, често се забележува дека таквите кривични дела не се соодветно истражени и дека многу сторители или не се идентификувани, или не се осудени, или, пак, им се изречени минимални казни.[8] Овие индикатори покажуваат дека криминалот од омраза е евидентно присутен во Република Македонија и поседува јасни карактеристики и покрај немањето на официјални податоци од државните институции. Со вакво игнорирање на постењето на овој вид на криминал, истиот нема да исчезне. Сосема спротивно, како што вели Европскиот суд за човекови права: „[п]ри вршењето истрага за насилнички инциденти, како што е лошото постапување, државните власти се должни да ги преземат сите разумни чекори за откривање на можните дискриминациски мотиви. Еднаквиот третман на насилството и бруталноста, кои содржат дискриминациска намера со случаите кои немаат таков елемент значи да се затворат очите пред специфичната природа на овие дела кои се особено деструктивни по основните права“ (Идентоба и други против Грузија, 2015 година, ЕСЧП, ст. 67).

[5] ODIHR. (2016). *Hate Crimes Reporting. The former Yugoslav Republic of Macedonia*. ODIHR: http://www.hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia.

[6] За подетални информации видете: www.zlostorstvaodomraza.com.

[7] За подетални информации видете: http://www.zlostorstvaodomraza.com/reports?l=en_US, пристапено на 8 август, 2016 година.

[8] Така, во инцидент кој се случил во Радишани - Скопје, каде цело семејство етнички Албанци било изложено на континуирано насилство и, според тоа, семејството било присилено да се исели во странство, само едно лице е прогласено за виновно, додека другите лица не биле идентификувани и покрај снимките од безбедносните камери. Повеќе информации за овој и за другите случаи кои ги следи Хелсиншкиот комитет може да се најдат во Годишниот извештај на Хелсиншкиот комитет за криминал од омраза за 2014 година. (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2014).

2.2. Меѓународни препораки и формирање на Национална работна група за криминал од омраза; Предлог-измени на Кривичниот законик на Република Македонија

Во овој контекст, многу е важно да се наведат неколку препораки од меѓународните организации. Така, во Извештајот за 2014 година на Работната група за механизмот на Универзалниот периодичен преглед на Обединетите нации, на Република Македонија ѝ се препорачува да се „[б] ори против неказнивоста за сторено насилство против маргинализирани лица поради нивната етничка, верска или сексуална определба, особено преку зголемување на свеста на јавноста, полицијата и судските власти“.[9] (Генерално собрание на Обединетите нации, Совет за човекови права, 2014, с. 18). Исто така, во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија за 2013 година се наведува дека: „[п]одатоците за пријавувањето, истрагата и гонењето на сторителите на говор на омраза и криминалот од омраза не се собираат систематски и треба да се зајакне обуката за полицијата, обвинителите и судиите“ (Европска комисија, 2013, с. 45). Состојбата не е променета ниту во 2014 година (Европска комисија, 2014, с. 47), ниту, пак, во 2015 година: „Прибирањето податоци за пријавувањето, истрагата и гонењето на сторителите на говор на омраза и криминалот од омраза сè уште не се врши систематски и неколку случаи на говор на омраза на социјалните мрежи и интернет-блогови налагаат преземање на соодветни чекори од страна на властите“ (Европска комисија, 2015, с. 59).

Со оглед на непостигнувањето на напредок во овој поглед, во 2015 година Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со Македонската академија на науките и уметностите [МАНУ], во тоа време предводена од академик Владо Камбовски, заедно работеа на формирање на Национална работна група за криминал од омраза, составена од претставници на следниве институции: Правниот факултет, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, обвинителството, судството, Националното лице за контакт за криминал од омраза при Министерството за надворешни работи, Академијата за судии и јавни обвинители, Граѓанското општество (Хелсиншкиот комитет), Академската заедница, Комисијата за заштита од дискриминација, МАНУ и Македонското здружение за кривично право и криминологија (Камбовски, 2015). Авторот на овој труд е член на Националната работна група за криминал од омраза [НРГКО]. Групата работеше на подготовка на предлог-амандмани на Кривичниот законик на Република Македонија, со цел да се овозможи подобра дефиниција на криминалот од омраза во различните членови од Законикот. Со предлог-измените се предвидува посебна дефиниција во членот 122 став 23, која криминалот од омраза го дефинира како: „…кривично дело против

[9] Препорака 101.40 од Белгија, Совет за човекови права, Извештај на работната група за Универзалниот периодичен преглед – Поранешна Југословенска Република Македонија (26 март 2014 година), с. 18. Достапна на http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/UPR/Pages/MKSession18.aspx, пристапено на 8 август, 2016 година.

физичко или правно лице или имот кое е сторено целосно или делумно поради реалната или претпоставената карактеристика на лицето, а која се однесува на расата, бојата на кожата, националната или етничката припадност, религијата или религиското уверување, менталната или физичката попреченост, полот или родовиот идентитет, политичката припадност, возраста или припадноста на маргинализирана група“ (Камбовски, 2016). Дефиницијата се однесува и на другиот дел од членот 39 став 5, како што е наведено погоре, во поглед на предвидувањето на отежнувачки околности кога кривичното дело има елементи на пристрасност. Исто така, претходниот список на посебни кривични дела, каде елементот на пристрасност и понатаму претставува отежнувачка околност, ќе биде проширен во согласност со предложените измени, со цел да се опфатат следниве кривични дела кои ќе вклучат дополнителна отежнувачка околност доколку се сторени со мотив од омраза: убиство (член 123), телесна повреда (член 130), тешка телесна повреда (член 131), присилба (член 139), противправно лишување од слобода (член 140), мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување (член 142), загрозување на безбедноста (член 144), спречување или сметање на јавен собир (член 155), силување (член 186), обљуба врз немоќно лице (член 187), полов напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188), неукажување медицинска помош (член 208), оштетување туѓи предмети (член 243), злоупотреба на службената положба и овластување (член 353), насилство (член 386) и сквернавење на гроб (член 400).

2.3. Препораки на ОБСЕ - ОДИХР за предлог-измените на Кривичниот законик на Република Македонија

Предложените измени темелно беа разгледани од ОБСЕ - ОДИХР и беше доставен детален Повратен извештај со коментари и препораки кои сега Националната работна група за криминал од омраза ги разгледува и, според тоа, ги приспособува измените. Во Повратниот извештај на ОБСЕ - ОДИХР за 2016 година се подвлекува дека двонасочниот приод на применувањето на членот 39 став 5 е паралелен со пристапот кон кривичните дела мотивирани од омраза, со цел да се вклучи посеопфатен список на кривични дела и да се обезбедат подобри можности за идентификување и гонење на криминалот од омраза. ОБСЕ - ОДИХР уште препорачува „во законот да се предвиди дека судиите се должни на записник да ги наведат причините за применување или неприменување на одредбата од членот 39 став 5 од сегашниот Кривичен законик во случаи за чии сторители се сомнева дека се мотивирани од предрасуди“ (ОБСЕ- ОДИХР, 2016, с. 10). ОБСЕ – ОДИХР, воедно, препорачува да се усогласат старите и новите членови и ставови со цел да се овозможи јасно дефинирање на концептот на криминал од омраза и подобра примена на односните одредби. Интересно е дека во Повратниот извештај се утврдува дека „[в]о случајот на политичка припадност, се забележува дека иако, од една страна, оваа основа понекогаш е вклучена како заштитна

карактеристика во домашното законодавство, таа не е непроменлива или основна карактеристика и често пати може да се смени со текот на времето. Дополнително, станува збор за нејасен термин кој може различно да се толкува и кој е тешко да се докаже во практиката. Поради тоа, се препорачува да се отстрани политичката припадност како заштитна карактеристика од предлог-измените“ (ОБСЕ - ОДИХР, 2016, с. 13). Сепак, важно е да се забележи дека Македонија во моментов е екстремно политизирано општество и како што е наведено во гореспоменатите извештаи, криминалот од омраза поврзан со политичката припадност или политичкото уверување се втората најголема група на криминал од омраза во Република Македонија. Оттука, политичката припадност и политичкото уверување како карактеристика треба да бидат детално разгледани и сериозно да се земат предвид при носење на измените, со оглед на специфичната состојба во земјата. Со тоа би се испратила пораката дека криминалот од омраза од кој било вид повеќе нема да се толерира и ќе добие соодветен одговор. Во тој поглед, многу е важно предлог-измените да ги вклучат 17-те дополнителни кривични дела кои го содржат елементот на пристрасност во споредба со другите 5 кривични дела кои таквиот елемент на пристрасност веќе го содржеа со претходните измени. Подеднакво е важно да се изготви конкретна стратегија за примена на измените, со која ќе се воспостават соодветни механизми за идентификување и следење на криминалот од омраза преку негово препознавање во податочните системи и во судските одлуки.

Натаму, многу е важно криминалот од омраза да се стави во корелација со виктимолошкиот пристап. Оттука, ОБСЕ - ОДИХР препорачува: „официјалните податоци за жртвите на криминал од омраза да се прикажуваат одделно според карактеристиките, како што се етничката припадност, родот, религијата, итн., и истите да се дополнат со податоци добиени од испитувањата на криминалната виктимизација на жртвите, коишто можат да помогнат да се откријат причините зошто лицата се двоумат да пријават криминал мотивиран од предрасуди и да се утврди какво е нивното искуство од контактите со органите за спроведување на законот“ (ОБСЕ -ОДИХР, 2016, с. 16). Во тој поглед, треба да се забележи дека во новиот Закон за кривична постапка на Република Македонија (2010 година, стапи во сила од 2013 година), има посебна глава[10] за жртвите и нивните права во кривичната постапка (Калајџиев и Лажетиќ-Бужаровска, 2011 година). Сепак, оваа Глава не се применува соодветно поради недостиг на институционални капацитети. Оттука, како што се објаснува во други трудови (Арифи, 2015), не постои јасна стратегија, ниту, пак, достапни специјализирани државни институции кои ќе овозможат примена на правата на жртвите на криминал, воопштено, а уште помалку, пак, примена на правата на жртвите на криминалот од омраза.

[10] Закон за кривична постапка на Република Македонија, донесен во 2010 година, *Службен весник на Република Македонија*, 150/2010, измени објавени во *Службен весник на Република Македонија*, 51/11, 100/12; Глава V, членови од 53 до 56.

Како што е јасно наведено во препораките на ОБСЕ - ОДИХР „[у]спехот на истрагите за кривичните дела, потенцијално мотивирани од предрасуди, исто така, во голема мера зависи од степенот на доверба на општеството во органите за спроведување на законот и во кривичноправниот систем. Доколку институциите се сметаат за необјективни или корумпирани, помалку е веројатно дека лицата, особено маргинализираните лица, ќе пријават вакви кривични дела“ (ОБСЕ - ОДИХР, 2016, с. 16). Со оглед на фактот што Македонија се соочува со една од најголемите политички кризи во нејзината кратка историја од независноста,[11] која на површината исфрли сериозни проблеми во однос на надлежноста, независноста и легитимноста на државните институции, а особено на обвинителството и судството, лесно се забележува немањето доверба во институциите, што од своја страна претставува суштински проблем при справувањето со криминалот од омраза.

3. КОМПАРАТИВЕН ПРИСТАП КОН КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

3.1. Земјите од Балканот

Доколку се земат предвид податоците од интернет-страницата на ОБСЕ - ОДИХР за пријавување на криминал од омраза[12] ќе се забележи дека состојбата во другите земји во регионот е слична како и состојбата во Република Македонија, со тоа што некои од земјите во регионот прибираат и споделуваат подетални податоци за криминалот од омраза, којшто се случува на нивната територија, додека други, пак, не обезбедуваат доволно информации, што, исто така, се забележува на оваа многу корисна интернет-страница. Оттука, може да се каже дека официјални податоци од државни институции се добиени од Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и Словенија, додека, пак, недоволен број на официјални податоци се добиени од Црна Гора, Албанија, Косово и Македонија. ОДИХР забележува дека Словенија не доставува периодични веродостојни информации и статистички податоци за криминалот од омраза до ОДИХР, Хрватска јавно не објавила веродостојни информации и статистички податоци за криминалот од омраза, Босна и Херцеговина до ОДИХР не доставила податоци за криминалот од омраза прикажани одделно според мотивот на пристрасност, односно заштитната карактеристика, Црна Гора не доставува периодични извештаи за бројот на кривични дела од омраза евидентирани од полицијата, Албанија не доставува периодични веродостојни информации и статистички податоци за криминалот од омраза до ОДИХР, додека Македонија не прибира информации и статистички податоци за криминалот од омраза. Нема достапни податоци за клучните

[11] Еден аспект на кризата се разгледува во трудот на Арифи, Б. (2016). *Помилувањата на претседателот ја разоткриваат ранливоста на македонските државни институции*. http://www.suedosteuropa.uni-graz.at/biepag/node/220.

[12] За подетални информации видете: OSCE ODIHR. (2016). *Hate Crimes Reporting*. OSCE ODIHR: http://www.hatecrime.osce.org/.

наоди на ОДИХР за Косово, иако постојат јасни информации за видот на криминалот од омраза и бројот на инциденти кои се прибрани од Мисијата на ОБСЕ во Приштина, како и од некои НВО. Особено е индикативно што само во случајот на Македонија се вели дека официјално не се прибираат информации и статистички податоци за криминалот од омраза, што претставува уште една потврда на итната потреба од донесување и спроведување на горенаведените предлог-измени на Кривичниот законик на Република Македонија, како и од примена на другите препораки на Националната работна група за криминалот од омраза.

Видовите на криминал од омраза кои се забележуваат на Балканот покажуваат одредени сличности во поглед на предрасудите од кои се мотивирани овие дела. Најчести мотиви од предрасуди кои се среќаваат кај криминалот од омраза се меѓу-етничката нетолеранција и омраза, расизмот и ксенофобијата, во кој контекст, вообичаено, конфликтите се случуваат меѓу мнозинската етничка група и етничките малцинства, а другите предрасуди се однесуваат на различните религиски уверувања, како и на ЛГБТ заедницата. Како што претходно беше забележано, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија утврдил висок процент на криминал од омраза мотивиран од предрасуди во поглед на политичката припадност или политичкото уверување, што претставува особеност на земјата и не се среќава во толкав број во другите земји во регионот. Исто така, во изминатите години се јави зголемена нетрпеливост кон бегалците и мигрантите поради високиот број на раселени лица кои се движеа по Балканската рута.

Јасно се гледа дека Хрватска воспоставила поефикасен механизам за идентификување и следење на криминалот од омраза во споредба со другите земји од регионот. Земајќи предвид дека природата на криминалот од омраза пријавен во Хрватска е слична со природата на криминалот од омраза кој се јавува во Македонија (со исклучок на предрасудите во однос на политичката припадност), како и фактот дека општите кривични законски одредби, исто така, се слични, Националната работна група за криминал од омраза учествуваше во студиска посета во Загреб (Програма за студиската посета на Националната работна група за криминал од омразаво Загреб, од 1 до 3 јуни 2015). Беа наведени добрите практики на државните институции и беа воспоставени контакти за споделување на информации во иднина. Воедно, беше забележано дека поради фактот дека Хрватска е веќе членка на Европската Унија, очекувањата во поглед на спроведувањето на стандардите на Унијата за криминал од омраза се повисоки. Исто така, беше уочен напредокот во развојот на институционалните капацитети за следење и справување со криминалот од омраза, преку посебните механизми кои ги спроведуваат обвинителството и судството, како и преку работата на релевантните институции со жртвите.

3.2. Обединетото Кралство како важен пример за справување со криминалот од омраза

Националната работна група за криминалот од омраза спроведе компаративна анализа на пристапот кон криминалот од омраза на Балканот, во Обединетото Кралство и во Полска (Пресек на анализите за компаративното законодавство за криминал од омраза, 2015). Авторот на овој труд спроведе истражување за Обединетото Кралство[13] и Полска[14] (Арифи, 2015) и утврди дека Обединетото Кралство е една од земјите кои имаат дефинирано многу успешна стратегија за следење, пријавување и гонење на криминалот од омраза. Владиниот план за криминал од омраза за 2014 година насловен како „Оспори го, пријави го, запри го“, посочува дека проблемот со криминалот од омраза во Обединетото Кралство и натаму е сериозен, ценејќи дека во просек околу 278.000 кривични дела од омраза се извршуваат годишно во Обединетото Кралство (Спроведување на акцискиот план на Владата за криминал од омраза, 2014, с. 6). Во планот, исто така, се наведува дека заштитните карактеристики кои најчесто се јавуваат при криминалот од омраза во Обединетото Кралство ги вклучуваат следниве: раса, религија/ вероисповед, попреченост, сексуална ориентација и трансродов идентитет. Интересно е што во Обединетото Кралство се пропишани помал број на заштитни карактеристики во споредба со балканските држави, каде обично се наоѓаат десетици заштитни карактеристики во законите за криминал од омраза. На пример, во Кривичниот законик на Република Македонија предвидени се 24 посебни заштитни карактеристики во врска со криминалот од омраза во членот 39 став 5, додека во предлог-измените се предлага една општа дефиниција на криминалот од омраза каде се спомнуваат 14 заштитни карактеристики. Во Повратниот извештај на ОБСЕ - ОДИХР за предлог-измените се препорачува дека треба да се избегнуваат општите и неограничени одредби за заштитните карактеристики каква што е „член на маргинализирана група“, поради потребата од јасна дефинираност на одредбите од кривичното право (ОБСЕ - ОДИХР, 2016, стр. 14-15).

Најчестите примери за криминал од омраза во Обединетото Кралство ги вклучуваат расните и верските предрасуди, како елементи на омразата против муслиманите, поради што државните институции вложуваат напори во целите на нивната тесна соработка со заедниците, поради справување со овој проблем. Акцискиот план се заснова на три основни начела:

1) Спречување на криминалот од омраза – преку справување со ставовите кои го поттикнуваат и рано интервенирање за спречување на ескалација;

[13] Детални информации за криминалот од омраза во Обединетото Кралство можат да се најдат во Спроведување на акцискиот план на Владата за криминал од омраза. (2014). *„Оспори го, пријави го, запри го“*.

[14] Детални информации за стратегиите за криминал од омраза во Полска можат да се најдат во *Проект на Комитетот на Американската еврејска заедница*, Берлин, 2009 година.

2) Зголемен број на пријавени случаи и пристап до поддршка – преку зајакнување на довербата кај жртвите и поддршка на локалните партнерства; и
3) Подобрување на оперативните чекори за справување со криминалот од омраза – преку подобро идентификување и управување со случаите и делотворно справување со сторителите.

Овие три начела на Акцискиот план за криминал од омраза на Обединетото Кралство треба да се искористат како пример за добра практика при изработка на национална стратегија за спречување и казнување на криминалот од омраза во Македонија. Најважен аспект кој треба да се запомни е дека ниедна држава не може да си дозволи да го игнорира криминалот од омраза преку непреземање чекори за негово подобро идентификување и препознавање. Друг важен аспект е раната интервенција и спречувањето на ескалацијата, што, повторно, не е чест случај во Македонија, имајќи ја предвид неефикасноста на државните институции во делотворното справување со овие состојби и за подобро идентификување и справување со случаите на криминалот од омраза. Исто така, работата со жртвите и градењето на нивната доверба во државните институции е од клучно значење за пријавување на криминалот од омраза и не е случајно што тоа се нагласува во препораките на ОБСЕ - ОДИХР. Покрај тоа, инцидентите кои се пријавени од Хелсиншкиот комитет за човекови права често пати покажуваат дека има двоумење кај жртвите да го пријават криминалот од омраза поради недоверба во институциите. Треба да се преземат напори за обезбедување на подобра заштита на жртвите од криминал од омраза и да им се помогне да се справат со последиците преку делотворно решавање на случајот во согласност со законските одредби.

4. ПОВРЗАНОСТА НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА И НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Гореспоменатиот Акциски план на Владата на Обединетото Кралство за криминал од омраза „Оспори го, пријави го, запри го“, ја опфаќа важната врска помеѓу криминалот од омраза и насилниот екстремизам, преку разработка на следните пет предизвици во подем во справувањето со криминалот од омраза во Обединетото Кралство:

1) Криминал од омраза врз основа на попреченост: се забележува зголемен број на случаи на криминал од омраза против лица со попреченост во Обединетото Кралство, што кулминираше со случајот на злоупотреба во болницата Winterbourne View (Winterbourne View “не успеа да ги заштити луѓето”, 2011). Иако беа преземени мерки, а болницата беше затворена (Болницата за “злоупотреби” Winterbourne View затворена во петок, 2011), случајот ја истакна суровоста на криминалот од омраза врз основа на попреченост, кој дотогаш не се сметаше за многу сериозен и распространет.

2) Криминал од омраза на социјалните мрежи: Акцискиот план го разгледува предизвикот на задачата за отстранување на содржини кои шират омраза преку средствата за масовна комуникација на интернет, истовремено штитејќи ја слободата на изразување.
3) Екстремизам и криминал од омраза: ова прашање одделно ќе се разгледува подолу.
4) Омраза против муслиманите: очигледен пример за ваква омраза беа случаите на криминал од омраза против муслиманите, кои настанаа по убиството на британски војник (Fusilier Lee Riggby) од страна на Michael Adebolajo и Michael Adebowale во Лондон, како што известија многу новински агенции: (Taylor и Siddique, 2013), (Муслиманските групи бараат "сериозна акција" за нападите, 2013), (Mailk и Quinn, 2013), (Gilligan, 2013), (Burns, 2013), (Beattie, 2013), (Исламскиот центар Al-Rahma уништен во оган на "криминал од омраза", 2013). Нападите беа осудени од државните власти, но и од други заедници кои покажаа солидарност со Муслиманската заедница во Обединетото Кралство. Покрај тоа, ова беше поттик за интензивирање на соработката меѓу Владата и Муслиманската заедница, преточена во проекти кои беа спроведени на ова поле, како што се: (1) Првата, воопшто, меѓусекторска владина работна група против омраза кон муслиманите; (2) Отворање на "Кажи и на МАМА", службата за пријавување на случаи од трети лица, којашто е прва ваква служба за пријавување на инцидентите и поддршка на жртвите на криминал од омраза против муслиманите; (3) Првото одбележување на Денот на жртвите во Сребреница во Обединетото Кралство; (4) Министерството за заедници и локална власт [МЗЛВ] поддржува работилници на социјалните медиуми во Бирмингем и Лидс. Тие следеа по првите две работилници одржани во Лондон и Манчестер. Целта е да се подобри капацитетот на социјалните медиуми на локалните организации на секоја локација за справување со омразата на интернет; и (5) МЗЛВ одржа голем број на патувачки каравани низ Обединетото Кралство во март и април 2014 година, за промовирање на интеграцијата и борбата против омразата на муслиманите и за соработка со заедниците за натамошни акции на Владата (Спроведување на Акцискиот план за Владата за криминал од омраза, 2014, с. 9).
5) Намалување на влијанието од повредите нанесени од криминалот од омраза: идентификувањето на мотивите на криминалот од омраза, преку нивното препознавање и анализирање, дава корисни информации за тоа кои карактеристики треба подобро да се заштитат и за тоа каде треба да се насочат политиките.

Овој Акциски план е еден од ретките документи кој јасно ја истакнува врската меѓу криминалот од омраза и насилниот екстремизам. Во документот

се наведува следното: „[Е]кстремизмот може да вирее онаму каде различни делови од заедниците остануваат изолирани едни од други. Заедниците кои се подобро интегрирани се поотпорни на влијанието на екстремистите. Екстремизмот помалку се толерира од заедниците кои се обединуваат во борбата против него. Британија е посилна затоа што има отворени заедници со различна вера и раса. Важно е таквите напори да се предводени од локалните заедници кои најдобро ја познаваат својата средина“ (Спроведување на Акцискиот план на Владата за криминалот од омраза, 2014, с. 8). Ваквиот пристап на заедничко работење против маргинализацијата е присутен и во Извештајот на Работното тело на премиерот за справување со радикализација и екстремизам (2013), изготвен по гореспоменатото убиство на Fusilier Lee Riggby. Особено е важно што во Акцискиот план за криминалот од омраза се спомнува предизвикот поставен од насилниот екстремизам и истиот се поврзува со маргинализацијата на заедниците, така што индиректно се наведува дека маргинализацијата води кон радикализација. Не постои друг пример за наведената директна врска во ниеден друг извештај за криминалот од омраза во земјите на Балканот, ниту, пак, таков извештај е изготвен од државните институции или граѓанското општество. Според тоа, од голема корист ќе биде доколку се истражат можностите и мерките кои треба да се преземат за да се спречи насилниот екстремизам преку превенција и казнување на сторителите на криминалот од омраза. Одредени заклучоци во однос на ова прашање ќе бидат изнесени во следните делови од овој труд.

Од друга страна, пак, треба да се земат предвид разликите во пристапот кон криминалот од омраза и кон насилниот екстремизам. Имено, објаснувањето дадено во претходниот став ја покажува заканата криминалот од омраза да стане двигател на насилниот екстремизам. Така, немањето капацитети и неподготвеноста за справување со криминалот од омраза создава чувство на маргинализација, страв и разочарување од државните институции, што, пак, може да биде силен двигател на насилниот екстремизам, што подетално ќе биде разгледано во понатамошниот дел од овој труд. Од друга страна, пак, треба да се прикаже и спротивната врска за да се направи разграничување меѓу криминалот од омраза и насилниот екстремизам. Во еден неодамнешен интересен напис насловен како „Пукањето во Орландо: истражување на врската меѓу криминалот од омраза и тероризмот“, Freilich, Gruenewald, Chermak и Parkin, (2016, пара. 10-14), се вели следново:

> „Голем број на случаи на криминал од омраза во Соединетите Американски Држави не претставуваат терористички акти затоа што им недостига елементот на насилство или екстремизам. Испишувањето на графити на нечиј имот претставува пример за тоа. Криминалот од омраза најчесто е во форма на дела против имотот. Таквиот криминал најчесто го извршуваат млади лица кои не се политички определени и кои со тоа не сакаат да шират некаква идеологија. Конкретно кажано, тие ги извршуваат ваквите акти на омраза само поради возбудата која ја предизвикуваат. За разлика од

тоа, терористичките акти во Соединетите Американски Држави најчесто и не претставуваат криминал од омраза. Всушност, многу насилни, идеолошки мотивирани напади во Соединетите Американски Држави не се насочени против одредена раса или религија. Токму спротивното, целта на нападите се Владата на Соединетите Американски Држави, случајни цивили, американското општество во целина или организации, како што се истражувачки лаборатории или фабриките за производство на прехранбени производи за кои некои веруваат дека им штетат на животните или на животната средина. Таков пример се нападите од 11 септември ... Мал број на напади истовремено претставуваат и терористички акти и криминал од омраза. Еден таков пример е масовното пукање од Omar Mateen, кое се случи во ноќниот клуб Пулс во Орландо . Овие насилни напади се извршени од поддржувачи на екстремната десница, Ал Каеда или Исламската држава (ИД) со цел да ја шират нивната екстремистичка идеологија. Тоа ги прави овие напади тероризам. Овие напади, воедно, намерно се насочени против расни, верски малцинства или малцинства поради нивната сексуална ориентација и со тоа тие, истовремено, претставуваат и криминал од омраза.“

Со оглед на погоренаведеното, треба да се направи јасна разлика меѓу ситуациите во кои криминалот од омраза се јавува како двигател на насилниот екстремизам, наспроти ситуациите во кои тој се јавува како форма на вршење на акт на насилен екстремизам. Објаснувањето кое е дадено во трудот на Freilich и соработниците (2016) за терористичките акти и криминалот од омраза е многу корисно и треба да го земат предвид и истражувачите кои работат на оваа тема, но и креаторите на политиките, кои треба да изготват ефикасни стратегии за спречување на овие видови на кривични дела.

5. СТРАТЕГИИ ЗА БНС НА БАЛКАНОТ

Борбата против насилниот екстремизам е нова тема за Балканот, но иако проблемите кои произлегуваат од него постојат веќе неколку години наназад, насилниот екстремизам долго време се сметаше за табу-тема, а во некои општества сè уште се третира како таква. Интересно е што иако од Балканот се излеваат голем број на борци во странски војски (*Foreign Terrorist Fighters*) [БСВ], Балканот, вообичаено, се занемарува во дебатите за глобалните текови на насилниот екстремизам.[15]

[15] Авторот на овој труд учествуваше на отворањето на мрежата RESOLVE (Истражувачки решенија за насилниот екстремизам/Research Solutions to Violent Extremism) во Њујорк, на 22 септември 2015 година (Повеќе информации се достапни на: http://www.usip.org/publications/2015/09/28/global-research-network-countering-violent-extremism-launched-usip-state, пристапено на 5 август, 2016 година), а воедно учествуваше и на Меѓународната конференција за истражување за БНС, во организација на Hedayah во Абу Даби од 6 до 8 декември 2015 година (Повеќе информации се достапни на: http://hedayah.ae/pdf/cve-research-conference-2015-agenda.pdf, пристапено на 5 август, 2016 година). Обата настана обезбедија

Perry (2016), наведува дека во Југоисточна Европа, со исклучок на Турција, насилниот екстремизам најпрво се гледа низ призмата на закана од ИСИС/*Даеш*. Другите форми на екстремизам, како домашниот екстремизам на крајната десница, се сметаат за второстепен проблем, ако воопшто се сметаат за проблем. Perry, а и други автори забележуваат дека од мали земји како што се Косово, Босна и Херцеговина и Албанија излегуваат голем број на борци во странски војски по глава на жител во споредба со стапката во други земји, што јасно покажува на сериозноста на проблемот во овој регион. Во врска со ова, Kursani, (2015) објаснува дека меѓу 22-те западни земји кои ги вклучуваат државите од Европа, потоа Соединетите Американски Држави, Русија и Турција, од кои се смета дека доаѓаат најголемиот број на борци во странски војски кои се вклучиле во милитантни организации во Сирија и Ирак, Косово е рангирано на осмото место со 232 потврдени случаја (до средината на јануари 2015 година). Покрај тоа, Косово има 125 борци во странски војски по глава на жител на секој еден милион жители, што ја става земјата на највисокото место меѓу 22-те наведени земји, а по Косово следи Босна и Херцеговина со 85, Белгија со 42 и Албанија со 30 случаи на борци во странски војски по глава на жител на секој еден милион жители. Shtuni (2015) вели дека Западниот Балкан е патека на џихадистите кон Сирија и Ирак, додека Xharra (2016) изразува загриженост за албанските жени кои се вклучиле во ИСИС и споделува вознемирувачки стории и студии на случај. Богдановски (2014), пак, од друга страна, го забележува брзиот развој на законските прописи на Балканот со кои се криминализира учеството на лица во странски војски, притоа, наведувајќи дека ваквата криминализација не е доволна и вели дека тоа е проблем кон кој треба да се пристапи од повеќе аспекти. Ваквата загриженост беше изнесена и на Работилницата на Регионалниот совет за соработка за борците во странските војски на која учествуваше и авторот на овој труд, а која се одржа во Сараево на 7 јуни 2016 година[16], и истата беше спомната во заклучоците (Регионален совет за соработка, 2016).

Што се однесува до прашањето - Зошто овие мали земји станале толку длабоко инволвирани во насилниот екстремизам и што, всушност, ги мами овие најчесто млади лица да одат на боиштата во Сирија и Ирак, важно е да се изнесат следниве факти.

Како што наведува Shtuni (2015), воопшто не изненадува фактот дека најголемиот број на Сунити-џихадисти од Балканот доаѓаат од Косово и Босна и Херцеговина, „две новоформирани држави кои неодамна минаа низ насилен етно-секташки конфликт со јасно изразени верски елементи. И двете земји, кои се едни од најслабо развиените економии во Европа, се справуваат

скромни информации за улогата на Балканот во БНС што беше јасно истакнато од авторот и со што се согласија и другите учесници. Ваквото мислење го споделуваат и други автори (Богдановски, 2015).

[16] За подетални информации видете: http://www.rcc.int/news/200/rcc-hosts-workshop-on-countering-violent-extremism-in-south-east-europe, пристапено на 12 август, 2016 година.

со висока стапка на невработеност, слаби институции, континуирани етнички тензии и долготрајни територијални спорови. Во ваков сплет на системски предизвици, социјално незадоволство и флуидни идентитети, милитантните исламистички наративи се чини се прифатени од косовските и босанските генерации кои навршиле полнолетство околу 2000 година (Shtuni, The Western Balkans: A Jihadist Pipeline to Syria and Iraq, 2015). Оттаму, Shtuni (2015) како особено важни ги наведува следниве фактори кои придонесуваат кон учество во насилен екстремизам:

- Историја на насилни конфликти, најчесто етнички, со силни верски елементи;
- Слаб економски развој и многу висока стапка на невработеност;
- Слаби институции;
- Постојани етнички тензии;
- Долготрајни територијални спорови.

Други автори, како Kursani (2015), ја истакнуваат важноста на интеграцијата во општеството, како и проблемот на маргинализација во руралните средини поради недостиг на владини инвестиции. Покрај тоа, тој го обработува и проблемот на слабиот образовен систем кој не ги задоволува потребите на пазарот и поради тоа стекнатото знаење се покажува како бескорисно за учениците/студентите, кај кои, исто така, се јавува висока стапка на напуштање на училиштата (Kursani, 2015, с. 10).

Многу е важно да се истакне дека маргинализацијата на етничките и верските малцинства е двигател на насилниот екстремизам. Ова е најочигледно во Република Македонија и други земји како Босна и Херцеговина, кои се соочуваат со тешки прашања во однос на дискриминацијата и маргинализацијата на етничките и верските групи. Сериозните форми на дискриминација и напади мотивирани од предрасуди врз маргинализираните групи можат да прераснат во криминал од омраза, како што беше објаснето во претходните делови од овој труд. Повеќето од овие земји, а особено Македонија, се соочуваат со уште еден важен проблем на високо политизирани државни институции, кои имаат силен елемент на дискриминациско функционирање, што ги плаши и влева недоверба кај маргинализираните групи. Еден од наведените автори, Xharra (2016), вели дека жените и мажите Албанци кои се приклучуваат на ИСИС бараат утопија. Разбирливо е дека ако едно лице живее во држава во која владеат политики на двојни стандарди, тоа може да се разочара од слабите и нефункционални институции и оттука да се приклони кон пропагирање на екстремизам, што воедно е директно присутно во заедниците, на тој начин пополнувајќи јапразнината оставена од корумпираните верски и политички лидери. Ако се додаде важноста и достапноста на промовирањето и ширењето пропаганда преку интернет, станува јасно дека едно лице кое нема што да изгуби може да биде примамено од таквиот "верски идеализам". Сепак, треба

да се земе предвид дека постојат исклучоци кога лицата кои не се соочиле со никаков вид на насилство, заплашување, маргинализација или сиромаштија, сепак, можат да се инволвираат во насилен екстремизам. Според тоа, далекосежното влијание на пропагандата на интернет треба сериозно да се сфати и да се истисне со делотворни противаргументи.

5.1. Специфични проблеми во врска со БНС во Македонија

Република Македонија повеќето проблеми во врска со насилниот екстремизам ги дели со другите држави на Балканот. Оттука, високата стапка на невработеност, сиромаштијата, очигледната нееднаквост меѓу урбаната и руралната средина, слабите и политизирани државни институции, слабиот и често менуван образовен систем, кој е насочен кон квантитет наместо кон квалитет, проповедањето на екстремизам и паралелните верски заедници, изложеноста на пропаганда на интернет, итн., сето ова ја зголемува заканата од инволвираност во насилен екстремизам. Покрај тоа, постојат многу малку истражувања на ова поле и затоа има многу малку емпириски податоци кои би обезбедиле квалитетни и сеопфатни информации за ова прашање. Исто така, како што често изјавуваат претставниците на единствената think tank организација која работи во областа на БНС[17], државните институции за безбедност и разузнавање треба да ги споделуваат информациите кои не се означени со некој степен на доверливост со граѓаните и така да ги информираат и да ја подигаат нивната свест за тековните состојби во БНС во Република Македонија (Богдановски, 2014, с. 8).

Од друга страна, пак, важно прашање кое се однесува на Република Македонија е фактот дека државните институции во минатото ги злоупотребиле нивните надлежности за прикривање на инциденти кои немаат никаква поврзаност со тероризам, означувајќи ги токму како терористички инциденти, што, пак, разбирливо, резултира со недоверба кон институциите.[18]

Оттука, немањето доверба во државните институции честопати се покажува како важен двигател на насилниот екстремизам. За жал, иако се

[17] Повеќе информации се достапни на: www.analyticamk.org, пристапено на 4 август, 2016 година.

[18] Разгледајте ги достапните информации за случајот „Раштански Лозја“, (Достапни на: http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/europe/macedonia/1462562/Macedonia-staged-fake-terror-plot-to-woo-US.html, пристапено на 10 август, 2016 година или http://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Macedonia/Rastanski-Lozja-Acquitted!-29104, пристапено на 12 август, 2016 година). Покрај тоа, постојат различни сомнежи за еден друг случај наречен „Монструм“ или „Смилковско Езеро“ во кој шест етнички Албанци беа осудени за тероризам и ширење омраза врз основа на религија под многу нејасни околности, што само ја потврдува недовербата во судството и обвинителството. Достапни на: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-court-confirms-terrorist-murders-sentence-12-14-2015, пристапено на 8 август, 2016 година. Слична загриженост беше изразена и во однос на еден друг инцидент познат како Куманово 2015 година. Достапни на: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-s-kumanovo-shootout-still-raising-suspicions-05-10-2016, пристапено на 12 август, 2016 година.

провлекува во многу случаи и ситуации, ова прашање не е доволно истражено и долго време не се пријавуваше.

Важен чекор напред во БНС во Република Македонија беше криминализацијата на учеството на лица во странски војски со цел да се спречат и казнат граѓаните од земјата да се приклучат кон ИСИС, со тоа што најниската пропишана казна е 5 години затвор.[19] Во овој контекст, голем случај на апсење и осудување на исламистички радикали, кои подоцна се изјасниј за виновни претставува таканаречената операција „Ќелија“ која беше позитивно прифатена од општата јавност.[20]

За жал, самата инкриминација на учеството во борби на странски војски или секое помагање на нивната кауза нема да го опфати целосно проблемот на радикализација и насилен екстремизам. Затоа, многу е важно да се изработат национални стратегии, во консултација со граѓанското општество и истражувачите, за да се воспостави сеопфатен систем за дерадикализација и спречување на насилниот екстремизам. Во таа смисла, од суштинско значење е да се изготват програми за рехабилитација и ресоцијализација за да се спречи повторување на делата и понатамошна радикализација во затворите. За оваа цел, државните институции на Република Македонија треба да дефинираат механизми за зголемување на довербата на граѓаните, затоа што насилниот екстремизам најдобро се спречува кога тесно се соработува со заедниците. Затоа, државните институции еднаш засекогаш треба да отстапат од користењето на заканата од насилниот екстремизам, како средство за оправдување на произволната државна контрола и за поткопување на контролните механизми, па дури и за укинување на владеењето на правото.[21]

---

[19] Кривичен законик на Република Македонија, донесен во 1996 година, *Службен весник на Република Македонија*, 37/1996, измените објавени во *Службен весник на Република Македонија*, 80/99, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11(2), 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15. Член 322-а.

[20] За подетални информации видете: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-arrests-nine-isis-suspects-08-07-2015, пристапено на 8 август, 2016 година.

[21] Само еден поглед врз изјавите и говорите на претседателот на Македонија ќе ја покаже несоодветната употреба на јазикот и фактите за искажување загриженост од можни терористички напади во врска со Балканската рута користена од бегалците, како и за бројот на Македонци борци во странски војски. Достапни на: http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3797.html, пристапено на 12 август, 2016 година и http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3849.html, пристапено на 10 август, 2016 година.

6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ – ПРИКАЗ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА И НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Криминалот од омраза и насилниот екстремизам се две различни категории на кривични дела кои се издвојуваат како два засебни сериозни проблема во модерните општества. Иако многу се разликуваат во однос на нивното законско регулирање и пристапот кон истите, сепак, можат да се издојат одредени нивни заеднички карактеристики:

- Кулминацијата и на криминалот од омраза и на насилниот екстремизам подразбира употреба на насилство. Иако мотивот за насилство, најчесто, многу се разликува - кај криминалот од омраза тој е поврзан со елементот на пристрасност, додека кај насилниот екстремизам станува збор, пред сè, за идеологија, други прашања или политички цели, сепак, има ситуации, како што е горенаведениот инцидент на пукање во Орландо, каде во еден случај паралелно се јавуваат двете кривични дела.
- Криминалот од омраза и насилниот екстремизам се во тесен допир со маргинализираните групи. Истражувањата покажуваат дека маргинализираните групи, најчесто, се жртви на криминал од омраза, додека радикалните идеологии, исто така, полесно се шират во маргинализираните средини. Чувството на неприпаѓање кон некој ентитет создава страв од гонење од „другите“, но и блискост со секаков вид на организирана структура за која се верува дека подобро ќе одговори на потребите, кои државните институции не ги задоволуваат.
- Немањето доверба во органите за спроведување на законот, а особено недовербата во судството, е голем проблем при идентификувањето на криминалот од омраза, бидејќи граѓаните кои се чувствуваат исклучени од државата не ги пријавуваат случаите на криминал од омраза, што дополнително ја продлабочува нивната маргинализација. Истиот тој недостиг на доверба кој ја предизвикува маргинализацијата воедно влијае и врз непријавувањето, односно неискажувањето загриженост за раните знаци на радикализацијата, со што се придонесува кон натамошното доведување на граѓаните во опасност преку заканата од радикализација.
- Пристапот кон жртвите е особено важен за спречување и казнување и на криминалот од омраза и на насилниот екстремизам. Жртвите на криминалот од омраза многу поверојатно стануваат жртви на екстремните идеологии. Лицата кои биле индоктринирани и учествувале во терористички борби, но кои доброволно се покајале и се вратиле, треба да се прифатат како жртви на идеолошко насилство, а не само како поранешни борци во странски војски. Покрај тоа, мора да се преземат соодветни чекори за подобро разбирање на нивните

околности и за давање поддршка за надминување на проблемите при издржување на казната, со што, пак, се спречува нивната натамошна радикализација во затворите.

Според тоа, од оваа скромна студија произлегуваат следниве препораки:

- Државите не можат да си дозволат да го игнорираат криминалот од омраза, ниту, пак, да го сметаат насилниот екстремизам за табу-тема за која не смее да се дискутира во јавноста поради доверливиот карактер на информациите од службите за разузнавање. Граѓаните имаат право да знаат за заканите не само кога тие ја засегаат територијата на која живеат, туку и кога станува збор за далечни територии каде нивните сограѓани биле примамени да војуваат. Покрај тоа, граѓаните имаат право на заштита од криминалот мотивиран од предрасуди врз основа и на национални и на меѓународни правни механизми за спречување на криминалот од омраза. Игнорирањето на проблемот не претставува ниту алтернатива, ниту, пак, решение.
- Итно се потребни натамошни истражувања за тоа како маргинализацијата се поврзува со криминалот од омраза и со насилниот екстремизам, кои ќе резултираат со информации и статистички податоци. Особено е важно да се воспостави подобра координација помеѓу истражувачките институти и граѓанското општество, академската заедница и владините тела за размена на искуства и давање поддршка.
- Потребна е регионална координација во областа на криминалот од омраза и насилниот екстремизам. Одредени земји од регионот успеале да изработат делотворни стратегии за идентификување, борба против спречување на криминалот од омраза и насилниот екстремизам. Оттука, добрите практики треба да се споделат и треба да се вложат заеднички напори во справувањето со овие предизвици.
- Државните институции (особено во Република Македонија) треба темелно да работат на јакнење на довербата на граѓаните и заедниците и да го поттикнуваат пријавувањето на случаите на криминалот од омраза, како и да ги преземаат потребните напори за законско постапување по тие случаи. Исто така, во однос на БНС, државните институции треба да работат на јакнење на довербата и признавање на заедничките вредности и напори за осуда на насилството и радикалниот екстремизам.
- Треба да се изработат конкретни програми и стратегии за поддршка на жртвите на криминалот од омраза, како и на повратниците од борците во странските војски, со цел да им се помогне на овие лица да ги пребродат траумите предизвикани од ваквите исклучително насилни форми на кривични дела.

ЛИТЕРАТУРА

- (2015). *Пресек на анализите за компаративното законодавство за криминал од омраза.* Skopje: Unpublished internal document prepared for the National Working Group on Hate Crimes.
- (2015). *Agenda of the Study Visit of NWGHC in Zagreb, June 1-3*. Unpublished internal document prepared for the National Working Group of Hate Crimes in RM.
- *Al-Rahma Islamic Centre destroyed in 'hate crime' fire.* (2013, June 5). Retrieved 2016, July 30, from BBC News: http://www.bbc.com/news/uk-england-london-22785074.
- Arifi, B. (2015). *Hate Crimes in UK and in Poland - A Comparative Analysis.* Skopje: Unpublished internal document prepared for the National Working Group on Hate Crimes.
- Arifi, B. (2015). Rights of Victims of Hate Crimes. *Second International Scientific Conference, Social Change in the Global World - Proceedings* (pp. 217-230). Shtip: Center for Legal and Political Research.
- Arifi, B. (2016, June 9). *Presidential Pardon Debunks Fragility of Macedonian State Institutions.* Retrieved 2016, Jule 25, from Balkans in Europe Policy Blog: http://www.suedosteuropa.uni-graz.at/biepag/node/22.
- *Assessment of Macedonia's efforts in countering violent extremism, view from civil society.* (2013). Retrieved 2016, August 4, from Analytica MK: http://www.analyticamk.org/en/projects/current/9-category-en-gb/500-assessment-of-macedonia-s-efforts-in-countering-violent-extremism-view-from-civil-societ.
- Australian Government. (n.d.). *What is violent extremism?* Retrieved 2016, August 7, from Living Safe Together - Helping comunities to counter violent extremism: http://www.livingsafetogether.gov.au/aboutus/Documents/what-is-violent-extremism.pd.
- Beattie, S. (2013, May 28). *Pair arrested for Grimsby mosque attack believed to be ex-soldiers.* Retrieved 2016, July 30, from The Independent: http://www.independent.co.uk/news/uk/crime/pair-arrested-for-grimsby-mosque-attack-believed-to-be-ex-soldiers-8635012.htm.
- Bogdanovski, A. (2014, September). *We did criminalize it – now what? Western Balkans response to the foreign fighters threat.* Retrieved 2016, August 3, from Analytica MK: http://www.analyticamk.org/images/stories/files/2014/Foreign_Fighters.pd.
- Bogdanovski, A. (2015, January). *Are We Putting at Risk Yet Another of Our Freedoms - The Freedom of Movement?* Retrieved 2016, August 3, from Analytica MK: http://www.analyticamk.org/images/Files/Commentary/comm201501_2dbe9.pd.
- Burns, J. F. (2013, May 25). *Call for Calm After 3 New Arrests in British Soldier's Death.* Retrieved 2016, July 27, from The New York Times: http://www.nytimes.com/2013/05/26/world/europe/anti-muslim-threats-rise-in-britain-after-soldiers-killing.html?_r=.

- *CVE Research Conference 2015.* (n.d.). Retrieved 2016, August 13, from Hedayah : http://hedayah.ae/research/cve-research-conference-2015.
- De Quetteville, H. (2004, May 22). *Macedonia 'staged fake terror plot to woo US'.* Retrieved 2016, August 10, from The Telegraph: http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/europe/macedonia/1462562/Macedonia-staged-fake-terror-plot-to-woo-US.htm.
- Delivering the Government's hate crime action plan. (2014). *Challenge It, Report It, Stop It.* London: HM Government.
- Freilich, J. D., Gruenewald, J., Chermak, S., & Parkin, W. (2016, June 15). *The Orlando shooting: exploring the link between hate crimes and terrorism.* Retrieved 2016, August 2, from The Conversation: http://theconversation.com/the-orlando-shooting-exploring-the-link-between-hate-crimes-and-terrorism-60992.
- Gilligan, A. (2013, June 1). *The truth about the 'wave of attacks on Muslims' after Woolwich murder.* Retrieved 2016, July 25, from The Telegraph: http://www.telegraph.co.uk/news/uknews/terrorism-in-the-uk/10093568/The-truth-about-the-wave-of-attacks-on-Muslims-after-Woolwich-murder.html.
- *Global Research Network on Countering Violent Extremism Launched by USIP, State, USAID and Other Research Institutes.* (2015, September 28). Retrieved 2016, August 5, from United States Institute of Peace: http://www.usip.org/publications/2015/09/28/global-research-network-countering-violent-extremism-launched-usip-stat.
- Helsinki Committee for Human Rights in RM. (2014). *Набљудување, мапирање и известување за криминалот од омраза, посебна анализа за 2013 година.* Skopje: Helsinki Committee for Human Rights in RM.
- Helsinki Committee for Human Rights in RM. (2015). *Annual report on hate crimes in the Republic of Macedonia for 2014.* Skopje: Helsinki committee for human rights of the Republic of Macedonia.
- Identoba and Others v. Georgia, 73235/12 (ECtHR May 2015, 2015).
- Kambovski, V. (2015). *Предлог за основање на работна група за ревидирање На законските одредби кои се однесуваат на криминал од омраза и подготвување на препораки за нивна примена од надлежните органи* . Skopje: Unpublished internal document prepared for the National Working Group on Hate Crimes.
- Kanevčev, M. (2015). *Кривичен законик - актуелизиран итегрален текст.* Скопје: Стоби Трејд - дооел.
- Kambovski, B. (2004). *Казнено право - општ дел.* Skopje: Kultura.
- Kambovski, B. (2011). *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија.* Skopje: Matica.
- Kambovski, B. (2016). *Предлог-амандмани на одредбите од КЗ што се однесуваат на казнените дела на омраза.* Skopje: Unpublished internal document prepared for the National Working Gorup on Hate Crimes.
- Kalajdžiev, G., & Lažetić-Bužarovska, G. (2011). *Закон за кривичната постапка.* Skopje: Akademik.

- Karajkov, R. (2005, April 27). *Rastanski Lozja: Acquitted!* Retrieved 2016, August 12, from Osservatorio Balkani e Caucaso Transeuropea: http://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Macedonia/Rastanski-Lozja-Acquitted!-29104
- Kursani, S. (2015). *Report inquiring into the causes and consequences of Kosovo citizens' involvement as foreign fighters in Syria and Iraq.* Prishtina: Kosovar Center for Security Studies.
- Mailk, S., & Quinn, B. (2013, May 27). *Grimsby mosque targeted with petrol bombs.* Retrieved 2016, July 30, from The Guardian: https://www.theguardian.com/uk/2013/may/27/grimsby-mosque-petrol-bombs.
- Marusic, J. S. (2015, August 7). *Macedonia Arrests Nine ISIS Suspects.* Retrieved 2016, August 8, from Balkan Insight: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-arrests-nine-isis-suspects-08-07-2015.
- Marusic, S. J. (2015, December 14). *Macedonia Upholds Albanians' 'Terrorist Murder' Sentences.* Retrieved 2016, August 8, from Balkan Insight: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-court-confirms-terrorist-murders-sentence-12-14-2015.
- Mejdini, F. (2016, May 10). *Macedonia's Kumanovo Shootout Still Raising Suspicions.* Retrieved 2016, August 12, from Balkan Insight: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-s-kumanovo-shootout-still-raising-suspicions-05-10-2016.
- *Muslim groups want 'serious action' over attacks.* (2013, June 6). Retrieved 2016, July 30, from BBC News: http://www.bbc.com/news/uk-england-london-22793719.
- OSCE-ODIHR. (2009). *Hate Crime Laws A Practical Guide.* Warsaw.
- OSCE-ODIHR. (2016). *Comments on Draft Amendments to Certain Provisions of the Criminal Code of the Former Yugoslav Republic of Macedonia Regarding Bias-Motivated Crimes based on an unofficial English translation of the draft amendments provided by the OSCE Mission to Skopje.* Warsaw: OSCE-ODIHR.
- Perry, V. (2016). *Initiatives to Prevent/Counter Violent Extremism in South East Europe - A Survey of Regional Issues, Initiatives and Opportunities.* Sarajevo: Regional Cooperation Council.
- Project for the American Jewish Committee Berlin . (2009). *Study on National Legislative Efforts to Prevent and Combat Hate Crime.* Berlin: HOGAN LOVELLS INTERNATIONAL LLP.
- *RCC hosts workshop on countering violent extremism in South East Europe.* (2016, June 7). Retrieved 2016, August 12, from Regional Cooperation Council: http://www.rcc.int/news/200/rcc-hosts-workshop-on-countering-violent-extremism-in-south-east-europe.
- Regional Cooperation Council. (2016). Southeast Europe Regional expert workshop on "Factors and drivers underlying radicalization and violent extremism leading to terrorism", Conclusions. *Southeast Europe Regional expert workshop* . Sarajevo: RCC.

- Report from the Prime Minister's Task Force on Tackling Radicalisation and Extremism. (2013). *Tackling Extremism in the UK.* London: HM Government.
- Shtuni, A. (2015). Breaking Down the Albanian Foreign Fighters Phenomenon. *Soundings: An Interdisciplinary Journal , 98* (4), 460-477.
- Shtuni, A. (2015, April 30). *Ethnic Albanian Foreign Fighters in Iraq and Syria.* Retrieved 2016, July 28, from Combating Terrorism Center: https://www.ctc.usma.edu/posts/ethnic-albanian-foreign-fighters-in-iraq-and-syria.
- Shtuni, A. (2015, January 29). *The Western Balkans: A Jihadist Pipeline to Syria and Iraq.* Retrieved 2016, July 30, from Fikra Forum: http://fikraforum.org/?p=6353.
- *Speach of the President of Republic of Macedonia.* (2016, June 22). Retrieved 2016, August 10, from Office of the President of RM: http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3849.html.
- *Speech of the President of Republic of Macedonia.* (2016, April 12). Retrieved 2016, August 12, from Office of the President of RM: http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3797.html.
- Taylor, M., & Siddique, H. (2013, May 28). *Woolwich murder: 200 Islamophobic incidents since Lee Rigby's killing.* Retrieved 2016, July 28, from The Guardian: https://www.theguardian.com/uk/2013/may/28/woolwich-murder-200-islamophobic-incidences.
- The European Commission. (2013, October 16). *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2013 Progress Report.* Retrieved 2016, August 7, from European Commission: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2013/package/mk_rapport_2013.pdf.
- The European Commission. (2014, October 8). *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014 Progress Report.* Retrieved 2016, August 7, from The European Commission: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf.
- The European Commission. (2015, November 11). *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2015 Progress Report.* Retrieved 2016, August 7, from The European Commission: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.
- UN General Assembly, Human Rights Council. (2014, March 26). *Report of the Working Group on the Universal Periodic Review* The former Yugoslav Republic of Macedonia.* Retrieved 2016, August 8, from UN Human Rights Office of the High Commissioner: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G14/125/78/PDF/G1412578.pdf?OpenElement.
- *What is the RESOLVE Network?* (n.d.). Retrieved 2016, July 30, from RESOLVE: http://www.resolvenet.org/history.
- *Winterbourne View 'abuse' hospital closes on Friday.* (2011, June 24). Retrieved 2016, August 9, from BBC News: http://www.bbc.com/news/uk-england-bristol-13891855.

- *Winterbourne View 'failed to protect people'*. (2011, July 18). Retrieved 2016, August 9, from BBC News: http://www.bbc.com/news/uk-england-bristol-14181646.
- Xharra, A. (2016, January 26). *Few but Fanatical – the Kosovo Women Who Go Over to ISIS.* Retrieved 2016, August 4, from Balkan Insight: http://www.balkaninsight.com/en/article/few-but-fanatical-the-kosovo-women-who-go-over-to-isis-01-22-2016.

ПРИМЕНА НА РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА ВО СЛУЧАИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Весна Стефановска[1]

РЕЗИМЕ

Реторативната правда е придобивка во националните казнени законодавства и таа може да понуди подобар и похуман одговор на криминалот од омраза кој остава негативни последици како кај непосредната жртва, така и кај заедницата на која и припаѓа. Трудот се занимава со прашањата поврзани со нејзините придобивки, но и со можните ризици кои можат да бидат надминати. Во дополнување, трудот го отвора прашањето за казненоправната и неформалната општествена реакција на криминалот од омраза во нашата земја која, пред сè, ретрибутивно е насочена.

Цел на трудот е да ги претстави позитивните и негативните страни од примената на ресторативната правда во случаи на криминал од омраза. Научната и општествената цел на проучувањето на тој облик на криминал произлегува од потребата општествената реакција да се заснова на начелата на толеранција, надминување на предрасудите и помирување со различните од себе.

Во трудот е направен преглед и анализа на одредени научни трудови и истражувања кои ја обработуваат темата на ресторативната правда, и посебно на оние кои ја поддржуваат нејзината примена во случаи на криминал од омраза. Покрај тоа, направена е кратка анализа и преглед на неколку медиумски прилози објавени во дневниот весник „Вест“, а кои се однесуваат со протести поврзани со криминал од омраза.

Непостоење на дата-база за регистрирање и процесирање на случаите на криминал од омраза оневозможува анализа на состојбата со тој криминал во Република Македонија.

Главните сознанија се однесуваат на поддршката и препознавањето на придобивките на ресторативната правда како одговор на криминалот од омраза, односно дека казненоправниот систем, кој се потпира на репресивни и построги казни, не го решава тој вид криминал.

Ресторативната правда може да биде соодветен одговор на криминалот од омраза, без разлика дали се применува како мерка на одвраќање од казнената постапка или како дополнување на одредена санкција. Примарното фокусирање не треба да биде решавање на конфликтот, туку лечење на страните преку конфронтација и дијалог, бидејќи на тој начин, може да се постигнат позитивни резултати.

[1] Весна Стефановска, доцент на Факултетот за безбедност Скопје, Универзитет „Свети Климент Охридски“ Битола. E-mail: vstefanovska77@gmail.com

Истражувањето и криминалот од омраза во Република Македонија треба да бидат предмет на континуирана анализа. Науката, врз основа на научни истражувања и резултати, треба да помогне да се најдат соодветни одговори на тој криминал, кои ќе бидат помалку репресивни, а ќе се засноваат на начелата на ресторативната правда.

Клучни зборови: ресторативна правда, криминал поради омраза, осуда, помирување, жртва, сторител.

1. ВОВЕД ВО РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА: ПОИМ И КОНЦЕПЦИИ

Враќањето кон примената на традиционалните ресторативни корени како одговор на криминалот е придобивка за казненоправните системи во државите во светот. Перцепцијата за кривичното дело како човечки конфликт меѓу две страни, кој може да се разреши со помирување на нарушениот однос, нè враќа на стариот ресторативен пристап во решавање на проблемите. Неговата сила не лежи во одбивање и негирање на ретрибутивноста, туку во засилување и охрабрување на сторителот, жртвата и заедницата заедно да ги расветлат причините и последиците од неприфатливото однесување. Нејзиното воведување, односно менување на традиционалниот казнен пристап во решавањето на кривичните спорови и пронаоѓање посоодветни решенија за отстранување на последиците од кривичното дело произлегува и од незадоволството од долгите и неефикасни судски постапки, од една, и разочарувањето од репресивната политика на државите, од друга страна.

Американскиот криминолог *Хауард Зер* (Howard Zehr) е меѓу првите пионери и протагонисти за развој и за ширење на ресторативната правда во Соединетите Американски Држави (САД). Тој, при разграничувањето на моделите на ресторативна и на ретрибутивна правда, првата ја претставува како нова парадигма на кривичната правда, односно како алтернативна и спротивна на ретрибутивната правда. Во неговото познато дело *Различен поглед: Нов фокус кон криминалот и правдата (Changing Lenses: A New focus for crime and justice)* од 1990 година, Зер пишува дека *криминалот е насилство или повреда на луѓето и на нивните меѓусебни односи*. Поради тоа, во процесот на остварување на правдата треба да се вклучат жртвите, сторителите и заедницата за да донесат најсоодветно решение по пат на дијалог и заемен договор. Значи, криминалот врши насилство врз луѓето и тој создава обврски за страните со цел повторно да се воспостави нарушениот однос и хармонијата меѓу нив (Schmid, 2001, с. 6).

За *Џон Брејтвејт* (John Braithwaite, 1996), еден од главните промотори на ресторативната правда во Австралија и во Нов Зеланд на почетокот на деведесеттите години на минатиот век, ресторативната правда значи *менување на начинот на кој се остварува правдата во светот, односно начинот на мислење, однесување и расудување*. Тој, во концептот на ресторативната

правда ги вградува елементите: лечење, морално учење, учество на заедницата, дијалог, простување, одговорност, извинување и поправање, како крајни резултати кои треба да се постигнат со заедничкото решавање на прашањата произлезени од делото (Braithwaite, 2002, с. 42).

Фатах (Fattah, 2007), врз основа на неговите истражувања за казнените реакции, заклучува дека казната не е и не може да биде соодветен одговор на криминалот бидејќи таа, наместо да ја минимизира, ја зголемува загубата и предизвикува дополнителни штетни последици. Тој се залага за поконструктивен и помалку насилен начин на решавање на споровите, и е убеден дека ресторативната правда е подобар и поефикасен одговор на предизвиканата штета.

Ќопиќ и Николиќ-Ристановиќ (2016**),** ресторативната правда ја објаснуваат како пристап на решавање спорови, вклучително и на кривични спорови, кој поаѓа од потребите на жртвите, сторителите и заедницата. Тој пристап, на мирен начин, по пат на дијалог и комуникација ги разрешува настанатите проблеми и прашањата од кривичното дело и настојува да постигне договор за поправање и надоместување на штетата. Значи, ресторативната правда е *обновувачка правда* која тежнее да ги охрабри жртвите и сторителите и да овозможи нивно повторно интегрирање во заедницата (Ćopić & Nikolić-Ristanović, 2016, с. 30).

Од наведените размислувања и дефиниции за концептот на ресторативната правда, може да се утврди дека не постои единствено објаснување. Една група застапници го истакнуваат нејзиното значење како нов начин на реагирање на конфликтите, други како замена на традиционалната кривична правда, трети како процес во кој се вклучуваат засегнатите страни во решавањето на криминалниот настан. Оттука, нема единствен поим, ниту еден универзален ресторативен процес.

Поради тоа, генерално, во литературата се препознаваат три концепции за ресторативна правда: (1) концепции насочени кон процесот, односно кон остварување средба, (2) репаративни концепции насочени кон резултатот и (3) трансформативни концепции кои означуваат филозофски пристап во решавање на конфликтите (Torzs, 2012). (1) *Ресторативната правда насочена кон остварување средба* се фокусира на активното учество на жртвите, сторителите и на другите учесници во конфликтот за да се дискутира за проблемите што произлегуваат од кривичното дело. Средбата нуди можности за отворен дијалог меѓу страните, за изразување на чувствата и за решавање на нивните потреби и интереси. (2) *Ресторативната правда насочена кон репарација на штетата* се фокусира на резултатот, односно на остварување на ресторативните цели, без разлика на процесот во кој се постигнати. Сè додека целта е да постигне надоместок на штета, дури и во рамките на судските процеси, репаративните санкции изречени од судот се

разбираат како дел од ресторативната правда, и во случај да не се оствари средба меѓу страните на делото. Поради тоа, секоја мерка чија цел е да ја ресторира штетата, се смета за дел од ресторативната правда, без разлика на процесот во кој таа се презема (Torzs, 2012, с. 8). (3) *Ресторативната правда насочена кон трансформација на правдата* претставува филозофски концепт разбран како начин на размислување, на справување со конфликтите или како начин на трансформирање на меѓусебните односи. Крајна цел на движењето за ресторативна правда е да се трансформира начинот на кој ние го разбираме односот кон другите и кон себе и затоа, преку процесот на дијалог, ресторативната правда може да се применува во многу области од човековото живеење (Torzs, 2012, с. 10). Приоритет се става на: комуникацијата, охрабрувањето на страните и на подобрувањето на нивните меѓусебни односи.

1.1. Тенденција за проширување на ресторативната правда кон сериозните и чувствителни облици на криминал

Поврзано со тежината и со природата на криминалот, во теоријата и практиката за ресторативна правда сè повеќе и погласни се залагањата за нејзино проширување и врз посериозните и почувствителни случаи на кривични дела (убиства, случаи на семејно насилство, сексуално насилство, криминал од омраза, случаи на сериозни насилнички дела, како и кривични дела против човечноста и меѓународното право) не само како *диверзиска мерка (мерка на одвраќање од формалниот судски систем)*, туку и како *паралелна (комплементарна) мерка* со казненоправниот систем, која се применува заедно или по извршувањето на одредена санкција.

И во првиот и во вториот случај, поради специфичностите на чувствителните кривични дела има голем број ограничувања и критики, кои, главно, се однесуваат на тоа дека ресторативната правда го приватизира и го тривијализира кривичното дело, не обезбедува процесни гаранции за сторителот и поради дисбалансот на моќта, се јавува опасност од злоупотреби и понатамошна виктимизација или криминализација на жртвата или на сторителот. Но, неуспехот на казненоправниот систем во справување со сериозните и/или чувствителните облици на криминал укажува дека казната не е соодветен одговор. Тоа доаѓа до израз кај младите престапници, кои наместо да се одвратат од криминал, голем дел од нив, по излегувањето од казненопоправните установи, ја продолжуваат криминалната кариера. Како причини се наведува дека тие не ја сфатиле грешката, не презеле активна одговорност за делото и традиционалниот казненоправен систем, наместо да ги ресоцијализира, уште повеќе ги стигматизира и етикетира, со што ја зголемува и засилува нивната девијантност. Дополнителна причина е неуспехот на казнените постапки да обезбедат соодветна заштита на жртвите, да го задоволат чувството на правда и да ги остварат нивните потреби.

Покрај тоа, целта на ресторативната правда е првенствено да воспостави дијалог и комуникација меѓу страните, бидејќи сериозните кривични дела често жртвата ја оставаат беспомошна, изолирана, засрамена, уплашена и лута, и казната сама по себе не може да ја ослободи од негативните чувства (Wellikoff, 2005). Затоа, активист(к)ите за правата на жртвите ја застапуваат идејата дека нејзина примарна цел не е решавање на конфликтот, туку лечење на страните преку конфронтација и дијалог. Во однос на сторителот, потешкото кривично дело претставува симптом на длабок проблем во односот кон жртвата (доколку се познаваат) и, воопшто, проблем на кој треба посебно да му се пристапи за да може да ги сфати не само последиците, туку и потеклото на сопствената агресија насочена кон другите.

Силен поборник за примена на медијацијата и помирувањето (како еден од облиците на ресторативната правда), особено кај насилните акти е *Езат Фатах* (Fattah, 2007), бидејќи, според него, основната одговорност за насилството и за конфликтот е нетолеранцијата, а казната и другите кривични санкции уште повеќе можат да го засилат конфликтот и нивото на насилство. Ресторативната правда потврдува дека жртвите, покрај остварувањето на правото на надоместок, сакаат да се ослободат од стравот од понатамошна виктимизација. Иако, често се аргументира дека нивното барање за ретрибутивна казна не е да го задоволат чувството за правда, туку бараат сигурност од заканата за понатамошна виктимизација, Фатах (2007) силно негира дека жртвите се задоволни кога сторителот е казнет и кога страда. Според него, жртвите што чувствуваат омраза и се *опседнати* од желбата за одмазда потешко се справуваат со предизвиците во понатамошниот живот (Fattah, 2007, с. 15).

Имајќи го предвид наведеното, и во случај на криминал од омраза, поради неговите специфичности за кои ќе стане збор во понатамошниот дел од трудот, иако се побројни протагонистите кои се против ресторативниот пристап како одговор на тие кривични дела, сепак, без основните постулати, принципи и начела на ресторативната правда во справување со тој вид криминал, не може да се очекува негово намалување, како и намалување на предизвиканите штетни последици.

2. КАЗНЕНОПРАВЕН ОДГОВОР НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

Прашањето за казненоправната реакција на криминалот од омраза станува доминантна тема по 90-тите години на минатиот век кога почнуваат да се усвојуваат првите законски решенија за посебна казненоправна заштита на жртвите од тие облици на криминал, како и за инкриминирање посебни облици на основните дела кога го содржат обележјето на кривично дело извршено од омраза. Всушност, криминалот од омраза се дефинира како *вкупност на кривични дела кај кои жртвата е предопределена од предрасудите на сторителот кон одредена група на луѓе*. Тоа значи дека, секое кривично дело

(физички напади, убиства, вандализам, говор на омраза, пишување графити, застрашување, вознемирување и слично) извршено поради нетолеранција кон жртвата, поради нејзината националност, вера, пол, сексуална ориентација или родов идентитет, етничка припадност, политичка припадност, телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба претставува криминал од омраза (Gavrielides, 2007, с. 11). Хелсиншкиот комитет за човекови права дава слична дефиниција за криминалот од омраза како криминал мотивиран од нетолеранцијата, односно предрасудите кон одредена група во општеството.[2] Со други зборови, тој претставува *криминал на дискриминација* и сторителот е мотивиран од предрасуди кон групната припадност на жртвата.[3]

Поради таквата мотивираност на сторителот, а и поради тежината и долготрајноста на предизвиканите последици кои предизвикуваат поголем степен на страв и несигурност кај жртвата (Gavrielides, Khan Baber и Honeyman, 2007, с. 193), во казненоправната теорија и практика постои став дека делата од омраза претставуваат квалификувани (тешки) облици на повреда или загрозување на основните слободи и права кои бараат пропишување построги казни и построго казнување на сторителите. Тоа значи дека се бара издвојување на самиот мотив како отежнувачка или поострувачка околност при одмерувањето на казната (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 15). За аргументи во прилогот на усвојување посебен концепт на казненоправна реакција се наведуваат: (1) *тенденција на пораст на криминалот од омраза*. Поради тоа, доколку сторителите не се казнат, тие и другите потенцијални сторители се охрабруваат да продолжат со нивните дејства, (2) *тенденција криминалот од омраза да ескалира*. Сторителите кои на почетокот извршуваат помали прекршоци, најчесто продолжуваат да извршуваат сè понасилни дела, доколку не бидат фатени и запрени. Затоа, дури и помалите прекршоци извршени со мотив заснован на предрасуди се опасни и бараат соодветна казнена реакција и (3) *тенденција криминалот од омраза да создаде спирала на насилство*. Доколку жртвите и нивните заедници не се чувствуваат

[2] Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија, во рамките на своите истражувања, прави категоризација на делата мотивирани од омраза, во кои ги вбројува: 1. предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, 2. расна или друга дискриминација, 3. инцидент сторен поради статус на бегалец или мигрант, 4. инцидент сторен поради етничка припадност, државјанство или јазик, 5. инцидент сторен поради религиозна припадност или верско убедување, 6. инцидент сторен поради политичка припадност или политичко уверување, 7. инцидент сторен поради сексуална ориентација или родов идентитет, 8. инцидент сторен на спортски натпревар и 9. инцидент сторен против лица со посебни потреби (Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, http://www.mhc.org.mk/).

[3] Според Канцеларијата за демократски институции и човекови права (е. *Office for Democratic Institutions and Human Rights ODIHR*) на ОБСЕ, казнено дело од омраза е секое криминално однесување мотивирано од предрасуда. Тоа е секое казнено дело, вклучувајќи дела против личноста или имотот, кај кое жртвата, предусловите и целите на извршување на делото се бирани поради нивната вистинска или претпоставена (замислена) врска, приклучување, сродност, поддршка или членство во некоја група (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 7).

безбедни и заштитени од државните власти, постои голема веројатност тие да преземат одмазднички дејства против припадниците на заедницата која е обвинета дека ги нападнала (ОБСЕ, 2014, с. 8).

Во таа смисла, на пример, Рамковната одлука на Советот на министри на Европската Унија 2008/913/ЈНА од 2008 година за спречување на одредени форми на изразување на расизам и ксенофобија со средствата на казненото право (е. *Council Framework Decision 2008/913/JHA of 28 November 2008 on combating certain forms and expressions of racism and xenophobia by means of criminal law*) наведува дека е неопходно да се дефинира заеднички казненоправен пристап во Европската Унија кон овој феномен, со цел да се обезбеди исто поведение да биде предвидено како казнено дело во сите држави членки и да бидат предвидени ефективни, пропорционални и превентивни казни, чијшто максимум треба да биде меѓу една и три години затвор (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 20).

Меѓутоа, тука се поставуваат прашањата: дали построгата казнена политика води кон намалување на криминалот од омраза, дали построгите казни успеваат да ги *дисциплинираат* сторителите и да ги одвратат потенцијалните сторители и дали тие водат кон поправеден третман спрема жртвите? Одговорот е, секако, негативен, за што укажуваат и скромните истражувања на оваа тема.

Построги казни, повеќе омраза, помала заштита. Новите инкриминации и построгите казни не го спречуваат криминалот од омраза и не ги одвраќаат сторителите и потенцијалните сторители од извршување нови дела. Статистиката за регистрирани кривични дела и инциденти од омраза покажува дека нивниот број се зголемува и покрај заострените казни и дополнителните инкриминации како потешки дела. На пример, според статистиките најголем број инциденти мотивирани од крвна одмазда се регистрирани во Англија и Велс[4], Германија, Шведска, Франција. Исто така, постои голема темна бројка кај делата од омраза, односно само половина од нив се пријавуваат во полиција. Од нив, еден дел се отфрлаат уште во полициска фаза поради немање доволно докази за поднесување кривична пријава, односно за процесирање на случајот во понатамошна судска постапка (Gavrielides *et al*., 2007, с. 193). Исто така, кога предрасудите кон одредени групи, поради одредени карактеристики, постојат со генерации и длабоко се вкоренети, казните не ги одвраќаат сторителите, туку придонесуваат тие уште повеќе да го криминализираат нивното однесување и дополнително ги зацврстуваат веќе стекнатите предрасуди кон одредена група. Аргумент против построгата казнена политика е и ставот дека таа, на некој начин, претставува *институционална одмазда* која не може да го спречи криминалот од омраза и да ги заштити малцинските групи што

[4] Зголемениот број дела предизвика донесување на Стратегија за намалување на криминалот од омраза во Лондон 2014-2017 (Home Office, Office for policing and crime (2014). *A Hate Crime Reduction Strategy for London 2014-2017).*

се предмет на предрасуди со генерации, туку само го одржува чувството на виктимизација и неправда. Во текот на кривичните постапки жртвите не добиваат ниту поголема заштита, ниту лечење на емоционалните потреби и можат да предизвикаат дополнителни негативни последици, како што се понатамошна виктимизација, и зголемен срам и страв од одмазда. Покрај тоа, зголеменото казнување на сторителите не придонесува кон поголема реализација на обврската да се надомести штетата. Напротив, заоструваѓето на казните ги зголемува лутината, бесот и желбата за одмазда кај двете страни, а со тоа, и емоционалните и физичките трауми. Исто така, постојат примери кога одредени жртви го менуваат своето однесување со цел да „се вклопат" во гледиштата и ставовите на другите од општеството. Оттука, наместо да се гради социјална кохезија и разбирање за општествените и културните различности, казните ја продлабочуваат нетрпеливоста и нетолеранцијата (Walters, 2014).

Предизвиците на глобализмот и новите инкриминации. Живееме во свет полн со омраза, предрасуди и дискриминација кон различните од себе според сите основи (национална, расна, верска, етничка, политичка припадност, пол, сексуална ориентација, родов идентитет, телесна попреченост), и во свет на глобализација, големи миграциски движења, тероризам и политички превирања меѓу лево и десно ориентираните политички актери. Омразата, стравот и несигурноста се зголемува и кај *малцинството и кај мнозинството, и кај различните и кај сличните*. Таквите состојби, на поширок општествен план создаваат ризични и небезбедни општества во кои граѓаните се чувствуваат загрозено и уплашено и се јавува дилемата кој е жртва, а кој закана во свет полн со омраза, предрасуди и дискриминација. Друга карактеристика на променетите општествени процеси и зголемениот криминал од омраза е променетата социјална контрола и казненоправна реакција. Во услови на зголемена несигурност и загрозување на основните човекови права, јавноста бара построга казнена политика, препознавање на делата од омраза и нивна инкриминација и јавна осуда. Сега, казненоправниот систем наместо кон поправање на сторителите (и нивна рехабилитација) се врти кон поголема заштита на жртвите и на јавноста и кон построг третман на сторителите, но зголемените мерки на безбедност и зголемената репресивна политика создава поголема небезбедност. Како што и Родригез (Rodriguez, 2007) наведува дека преголемата криминализација го открива проблемот на казнениот систем, кој како последица станува арбитрарен и селективен (Rodriguez, 2003, с. 207). Затоа, ако казненото право не е одговор на социјалните проблеми (во таа смисла, криминалот како социјален проблем кој е општествено условен) и ако тоа не е инструмент за владеење во општеството, вистина е дека не треба да се дозволи да интервенира во новите форми на криминал поради ризик од воведување на селективност што може да доведе до „класна" правда и нови опасности (Rodriguez, 2003, с. 201).

Поради наведеното, ресторативната правда е подобар и похуман одговор за кривичните дела од омраза, без разлика дали се применува како мерка на одвраќање или паралелно со казненоправниот систем. Повикувајќи се на делото на Нилс Кристи (Nils Christy, 1977) *Конфликтот како сопственост* (*e. Conflict as Property)* од 1977 година, кривичното дело претставува конфликт, а конфликтот е сопственост на оние што се директно или индиректно вмешани: сторителот, жртвата и заедницата и затоа, тие треба да го разрешат, а не *професионалците* (претставниците на казненоправниот систем, адвокатите и другите експерти), кои во традиционалниот казненоправен систем *го крадат* конфликтот од оние на кои тој им припаѓа. Оттука, според Кристи (1977), правдата треба да вклучи непосредна комуникација меѓу лицата учесници во конфликтот со цел да постигнат најсоодветен одговор на криминалот во интерес на сите засегнати страни, бидејќи казната, во нејзината суштина, е спротивна на вредностите што треба да се остваруваат и негуваат во едно општество.

3. ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ПРИМЕНАТА НА РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА ВО СЛУЧАИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

3.1. Разбирање на проблемот на криминалот од омраза

Успехот на ресторативната правда во голем степен зависи од разбирањето на проблемот и на карактеристиките на самото дело, на сторителите и на жртвите. Дел од нив се: насилство засновано на предрасуди, културни разлики во одредени заедници, можност за ескалација на насилството или можна подолготрајна примена, загуба на довербата, злоупотреба на моќта и слично. Поради наведените карактеристики, во криминолошката теорија и практика се јавуваат различни перспективи и теории, коишто ги објаснуваат причините за криминалот од омраза. Дел од психолошките теории, криминалот од омраза го поврзуваат со авторитарна личност, која сака да прибегне кон насилство засновано на предрасуди. Според социопсихолошкото објаснување, значајно е влијанието на екстремните идеологии, кои ги наведуваат граѓаните кон екстремни ставови и однесувања и тие, за да стекнат групна припадност и прифаќање од групата, се впуштаат кон извршување на дела од омраза. Други објаснуваат дека сторителите на тој начин се изразуваат и се позиционираат во односот со другите индивидуи и групи во нивните заедници. Трети социолози укажуваат дека сторителите се „аномични“ неинтегрирани лица во општеството или делата ги вршат како акт на одбрана од одредени закани. Од друга страна, пак, економските објаснувања причините ги бараат во фрустрацијата и стресот предизвикан од ограничените материјални ресурси. На пример, *белците* ги напаѓаат *црнците* бидејќи веруваат дека *црнците* се закана поради нивниот привилегиран статус и пристап до општествените ресурси. На крај, според конфликтните криминолошки теории, криминалот од омраза е резултат на нееднаквата моќ и статус во општествата или на

радикалните десни крила во европските држави (Roberts, Innes, Willliams, Tregidga и Gadd, 2013). Наведените теории и перспективи помагаат да се навлезе и во непосредните причини поврзани со сторителот и се исто толку значајни за застапниците на ресторативната правда, бидејќи разбирањето на проблемот од страна на оние што се повикани да го посредуваат и олеснуваат процесот е клучно за постигнување позитивни резултати. Во таа насока, во литературата се јавува и класификација на сторители: (1) оние кои извршуваат дела поради возбуда, (2) оние кои извршуваат дела бранејќи ја нивната „територија", (3) оние чија животна мисија е да го ослободат светот од групи кои сметаат дека се негативни или инфериорни и (4) сторители кои вршат насилство од омраза, бидејќи веруваат дека жртвата тоа го заслужила и со извршување на делото правдата е задоволена (McDevitt, Levin и Bennett (2002), у Roberts *et al*., 2013, с 20). Исто така, истражувањата покажуваат дека сторителите се млади, најчесто на возраст до 25 години, а најголем процент (84 %) од делата се расно мотивирани. Поголемиот дел од нив жртвата ја сметаат за аутсајдер која ја нарушува нивната територија (Roberts *et al*., 2013).

Без да навлегуваме подетално во причините за криминалот од омраза, запознавањето со карактеристиките како на сторителите, така и на жртвите и целосно разбирање на изворот, односно причините за проблемот се неопходни услови за успешна примена на ресторативните процеси.

3.2. Придобивки од примената на ресторативната правда

Ресторативниот пристап при решавањето на случаите на криминал од омраза овозможува повеќе предности за страните. Најголем аргумент е позитивното влијание на соочувањето и дијалогот меѓу двете страни.

Придобивки за сторителот. Поради претпоставената презумција на невиност и загарантираните процесни гаранции на обвинетото лице во текот на кривичната постапка (правото на молчење, правото на бранител, правото на контрадикторност), обвинетиот, најчесто, ја отфрла кривичната одговорност, а бранителот се обидува, како дел од одбраната, да ја намали неговата одговорност и да ја минимизира штетата предизвикана со кривичното дело (Schmid, 2001, с. 32). Во таа смисла, во судската практика има примери кога, поради отсуство на доволно докази, сторителот наместо да се прогласи за виновен, тој се ослободува од обвинение. Во такви ситуации, интересите на жртвата остануваат маргинализирани бидејќи, без доволен и соодветен доказен материјал, ниту правото на надоместок на штета не може да се оствари од страна на жртвата, а уште помалку да се соочи и да се помири со сторителот. Спротивно на таквите случаи, ресторативните практики го охрабруваат сторителот да ја прифати одговорноста за стореното дело, бидејќи со согледување на сопствените грешки, може да ги согледа повредите и штетните последици нанесени на жртвите. Исто така, преку остварување средба и соочување со жртвата може да се намалат, односно

да се отстранат предрасудите кон жртвата и кон групата на која ѝ припаѓа. На пример, истражувањата покажуваат дека постои поврзаност меѓу недостатокот на контакт со групи од одредена етничка припадност и чувството на страв кај граѓаните од тие групи. Конкретно, немањето комуникација доведува до поголема нетрпеливост и насилство, и затоа дијалогот може да ги трансформира односите меѓу двете страни, и посебно ставовите и понатамошното однесување на сторителот (Williams и Tregidga, 2013). Оттука, ресторативните средби овозможуваат да се надминат културните поделби и предрасуди (Павловиќ, 2008, с. 863). Тоа е во согласност со суштината на ресторативната правда која сака да го трансформира начинот на кој луѓето го разбираат односот кон другите и кон себе.

Придобивки за жртвата. Положбата на жртвите во ресторативниот процес е зајакната со самиот факт што тие се рамноправни учесници со другите субјекти во процесот, односно ја претставуваат едната страна од делото. Исто така, бидејќи традиционалната кривична правда не успева да ги оствари поважните потреби на жртвата, како што се лечење на емоционалната траума и добивање одговори на многу прашања поврзани со делото, ресторативната правда го овозможува тоа преку изразување љубезност, почит, жалење и опростување (Barton, 2001, стр. 10 – 11). Покрај тоа, ресторативната правда им овозможува на примарните засегнати страни да зборуваат без страв и активно да учествуваат во дискусијата и во донесувањето одлука за тоа што е прифатливо и праведно за нив. Во тој процес првенствено се бара решавање на прашањата поврзани со: дисбалансот во возраста, полот, културата, социјалниот статус, како и соодветната подготовка на страните и присуство на соодветни поддржувачи на двете страни (Barton, 2001, стр. 23-24). Истражувачките резултати покажуваат поголем процент на задоволство кај жртвите кои биле дел од ресторативен процес (85 % од жртвите изразиле задоволство) споредбено со оние кои биле дел од формалните судски постапки. На пример, според спроведеното истражување во Велс во период од три години (2010-2013)[5], дел од интервјуираните жртви сметаат дека соодветен одговор на криминалот од омраза е и ресторативната правда, бидејќи средбата со сторителот е начин да се слушнат одговори на прашањата: зошто делото се случило, која е причината и зошто токму таа жртва, бидејќи во многу случаи, жртвите се оставени без одговори на наведените прашања. Можноста да се сретнат со сторителот во безбедна средина може да ја зголеми неговата свест за последиците од делото што го сторил, да ја прифати одговорноста и да покаже подготвеност да ја ублажи болката и повредата нанесени на жртвата (Williams и Tregidga, 2013, с. 73).

[5] Целта на проектот е да се согледа природата на делата мотивирани од омраза и влијанието на виктимизацијата врз жртвите, нивните семејства и врз локалните заедници (Williams и Tregidga, 2013).

Придобивки за заедницата. Злосторствата од омраза, покрај тоа што се индивидуален акт насочен кон конкретна жртва, претставуваат и порака до поширок круг лица дека се непожелни и дека нивната безбедност може да биде загрозена. Значи, ефектот на еден акт од омраза се шири и кај други лица кои имаат исто обележје, кое било основа за извршување на кривичното дело (на пример, раса, религија, сексуална ориентација и слично) (Павловиќ, 2008, с. 865). Поради тоа, интерес да се вклучи во процесот за решавање има и заедницата на која жртвата припаѓа за да ѝ обезбеди соодветна поддршка и заштита, но и за да биде дел од процесот на надминување на предрасудите кои може да постојат кај двете страни. Покрај заедницата на жртвата, добро е да се вклучи и заедницата на сторителот за поблиску да се запознае со карактеристиките на жртвата кои се предмет на предрасуди и омраза, но и да изрази неодобрување за стореното дело (Павловиќ, 2008, с. 865).

3.3. Ризици поврзани со примената на ресторативната правда

Залагањата за ресторативен пристап во решавање на криминалот од омраза има мала законска и политичка поддршка, и затоа примената на ресторативните мерки во одредени заедници во Англија и Велс и во Соединетите Американски Држави, е скромна со ограничени истражувачки резултати. Приврзаниците за построга казнена политика спрема пристрасната мотивираност кај сторителите истакнуваат повеќе ризици поврзани со ресторативната правда.

Тие сметаат дека доброволното учество и способноста на страните да се вклучат во отворен дијалог, се доведува под знак прашање бидејќи сторителите имаат длабоко вкоренети ставови и предрасуди кои не можат да бидат лесно надминати. Во таа смисла се поставува прашањето: *Дали ресторативната правда може да предизвика каење за стореното дело?*, бидејќи криминалот од омраза е предизвикан од дологотрајни негативни слики за посебна група луѓе. Тоа значи дека само со надоместок на штета не може да се постигне трансформативен ефект, односно лечење и подобрување на нивните меѓусебни односи. Дополнително, ресторативниот процес може да ги засили предрасудите кај двете страни и со тоа да ги отуѓи и уште повеќе да ја продлабочи нетрпеливоста меѓу нив (Gavrielides, 2007).

Дополнителна критика за примената на ресторативната правда е различната перцепција меѓу страните за тоа што треба да вклучи ресторацијата. На пример, во едно мултикултурно општество, кога етничката припадност и/или припадноста кон одредена култура на сторителите, на жртвите и на медијаторите се различни, може да дојде до различни перцепции и недоразбирање за тоа како да се надмине спорот (Gavrielides *et al*., 2007, с. 200).

Ресторативната правда го приватизира и тривијализира криминалот бидејќи остава казнениот одговор на кривичното дело да биде предмет на

приватна работа помеѓу сторителот и жртвата, што е во спротивност со елементите на општествена опасност и сериозност на штетните последици поради кои едно човечко поведение добива статус на кривично дело. Државата има обврска да ги заштити своите граѓани од криминални дејства преку механизмите на казненоправниот систем кои имаат заштитна функција. Казната треба да обезбеди јавна оцена за криминалот и за сторителот и, истовремено, на потенцијалните сторители и жртви да им испрати порака дека таквото однесување е неприфатливо. Со тоа, државата ја потврдува заштитната функција на основните човекови права и темелни вредности на општеството и ги штити граѓаните, особено малцинските групи (Walters, 2015, с. 400). Наспроти тоа, ресторативната правда го приватизира казнениот одговор кој прави разлика помеѓу грешката, односно кривичното дело и предизвиканата штета. И сторителот и жртвата како примарни одлучувачи во ресторативниот процес се фокусираат, не на сериозноста на делото, туку на големината на штетата, и не на степенот на одговорност на сторителот, туку на тежината на повредата нанесена на жртвата (Von Hirsch, Ashworth и Shearing, 2003). Покрај тоа, ресторативната правда ги негира (маргинализира) штетните дејства од делото во јавноста и во таа смисла, се приговара дека нема капацитет да го заштити *јавниот интерес* за надминување и спречување на криминалот од омраза. Во спротивно, отсуството на реакција на традиционалниот казненоправен систем може да води кон поширока закана за општеството и до зголемени нивоа на насилство.

Во поглед на надминување на емоционалните трауми и проблеми, како што се лутина, депресија, комплекси, понижувања и можни економски загуби со кои се соочуваат жртвите, се напомнува дека решението постигнато во ресторативен процес бара мултисекторски пристап, што значи дека е потребна и поддршка од други служби и агенции кои ќе го осудат насилството (Walters, 2014). Криминалот од омраза, всушност, е порака дека жртвата не е прифатена во општеството во кое живее (OSCE, 2009, с. 18), што резултира со изолација и поголем и подолготраен страв.

4. КАЗНЕНОПРАВНА И НЕФОРМАЛНА ОПШТЕСТВЕНА РЕАКЦИЈА НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонското општество е плодна почва за развој и за зголемување на криминалот од омраза. Во мултикултурна држава, која е силно поделена и поларизирана по сите основи, во која живеат граѓани од различни етнички заедници, каде политичката припадност е основа за поттикнување на говор и на други дејства поради омраза, каде припадниците на заедницата на лезбејки, геј, бисексуалци и трансексуалци (ЛГБТИ – заедница) сè уште не се *добредојдени* во македонското општество, постои криминал од омраза. За неговото присуство, иако официјално не постои соодветен систем за

идентификување, класификување и следење на тие дела, говорат податоците од годишните извештаи за криминал од омраза на Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија [Хелсиншки комитет] во рамките на проектот „Зајакнување на националните капацитети за справување со криминал од омраза и говор на омраза“, финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и податоците од одредени настани кои се објавуваат во печатените и електронските медиуми, а кои се мотивирани од предрасуда кон жртвата. Сепак, податоците објавени во Годишниот извештај на Хелсиншкиот комитет за 2015 година, претставуваат само показател за постоењето на појавата, но не и за нејзиниот обем поради немање соодветен национален систем за регистрирање и за процесирање на тие дела, како и поради големата темна бројка. Според Хелсиншкиот комитет, од 2013 до средината на 2016 година се евидентирани 284 инциденти сторени поради омраза, додека само во 2015 година се регистрирани 44 дела (Стојановски, Богоевски и Барлаковска, 2016). Во однос на природата и другите карактеристики поврзани со делата, податоците од Извештајот говорат дека најголем процент се насилнички дела (вклучувајќи насилство, телесна повреда и разбојништва), додека помал број имаат за последица само имотна штета. Нападот врз жртвата е најчесто мотивиран поради бегалски и мигрантски статус, етничка или политичка припадност. Исто така, без разлика дали се регистрирани како прекршоци или како кривични дела, податоците од Годишниот извештај за 2015 година говорат дека мал број од кривичните дела се процесираат и завршуваат со покренување обвинителен акт. Така, од 42 поднесени пријави на кривични дела од омраза во 2014 и 2015 година, 27 случаи се одбиени од основните јавни обвинителства, додека само во пет случаи е донесена конечна пресуда и изречена е казна (иако податоците се нецелосни, тие говорат дека обично се изрекува неколкумесечна казна затвор или условна осуда).

Без разлика на скромните податоци, интересни за дискусија се (1) официјалната казнена политика и (2) ставовите на граѓанското општество и на јавноста по однос на криминалот на омраза.

Република Македонија како држава кандидат која претендира да биде дел од Европската Унија [ЕУ] ги следи и ги инкорпорира во македонскиот казненоправен систем препораките поврзани со меѓународните конвенции за човекови права.[6] Со измените на Кривичниот законик од 2009 година

[6] Комисијата која ја надгледува примената на Конвенцијата за елиминирање на сите облици на расна дискриминација од 1965 година, ги повикува државите да ги инкриминираат делата со мотив на омраза и пристрасност како казнени дела и да го внесат во казненото законодавство посебното уважување на таквиот мотив како отежнувачка околност. Слични се препораките на Европската комисија против расизам и нетолеранција на Советот на Европа, како и на Европскиот суд за човекови права во Стразбур во врска со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (1950). Препораките до државите членки се да ги *предвиди потешките облици на омраза и насилство*, засновано врз дискриминација како казнени дела *и да ги истражи и утврди можните мотиви* засновани врз расна, етничка или друга припадност (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, стр. 18-19).

(*Службен весник на Република Македонија,* 114/09) во одредбите за одмерување на казната е пропишана нова околност што судот треба да ја има предвид (член 39 став 5): *При одмерувањето на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата*. Со наведената одредба, всушност предрасудите на сторителот кон жртвите кои претставуваат мотив за извршување на делото се определуваат како отежнувачка околност (Камбовски и Лазарова-Трајковска, 2012, с. 27). Така, додека казненоправниот систем врши дополнителна криминализација на тие дела со поставување квалификатив за построго казнување, граѓанските организации се на иста линија, односно бараат осуда, казна и построг третман за сторителите и поголема институционална заштита на жртвите. Тоа ќе го илустрираме преку три примери, кои беа медиумски покриени во дневните весници во Република Македонија.[7]

Првиот пример се однесува на протестите на одредени граѓански здруженија кои секоја недела, во ноември 2014 година, протестираа пред Основното јавно обвинителство - Скопје поради незадоволството од процесираните случаи против сторителите на насилство против припадници на ЛГБТИ заедницата.

> Активистите од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија (НМХТ) вчера по трет пат протестираа пред Јавното обвинителство на Македонија... бидејќи за ниедно од насилствата врз ЛГБТИ луѓето Обвинителството не кажа дека има напредок или финиширана истрага ... цели две години случаите на напад врз ЛГБТИ заедницата не се процесирани. Ниту еден сторител до денеска не е откриен ... Тој го праша јавниот обвинител на Македонија Марко Зврлевски: „Како Зврлевски или членовите на неговото семејство би се чувствувале кога вакви напади би се извршувале врз него, врз членовите на неговото семејство и врз неговиот имот. Како тогаш би се чувствувал кога по две години од ваквите напади нема никаков одговор од надлежните органи?“ [8]

Вториот пример се однесува на протестот организиран по повод Меѓународниот ден на толеранцијата, кога голем дел од граѓанските организации, дел од медиумите и граѓаните повикаа на толеранција и спречување на говорот и насилството поради омраза.

> „Сведоци сме дека изминатите години е зголемен бројот на кривичните дела од омраза, сведоци сме дека е зголемена омразата кон сите оние кои

[7] Анализата на медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија беше дел од проектот кој се спроведуваше од страна на Факултетот за безбедност – Скопје во 2014 и 2015 година.

[8] ЛГБТИ луѓето „кршеа“ пред Обвинителството (2014, ноември 21). Вест, с. 6.

> по своите карактеристики се различни од мнозинството население во Македонија..не се по ќеф на владејачката структура. Ние маршираме за да го изразиме својот револт поради тоа што се случува и за да потсетиме дека во оваа земја треба да владее љубов, а не омраза - рече Уранија Пировска од Хелсиншкиот комитет.
>
> Обединетите нации налагаат обврска на секоја влада на оваа планета на овој ден да даде отчет за тоа што направиле за да ја обесхрабрат нетолеранцијата, практикувањето на говорот на омраза и насилство против различните“ - рече Џабир Дерала од „Цивил“.[9]

Преку третиот пример се илустрираат реакциите на учениците и нивните семејства за зачестените инциденти и тепачки меѓу учениците од различна етничка припадност во тетовската гимназија, кои својот револт го изразија преку спонтан протест.

> Бараме осуда и одговорност од надлежните за овој настан и соодветни казни за напаѓачите и одговорните... Бараме дислокација на македонските паралелки во соодветен простор и осигурување на безбедноста на учениците и на професорите... дадоа поддршка и учениците Македонци од другите средни училишта во Тетово, зошто и тие често, на пат до училиштето или во него се среќаваат со истите проблеми.[10]

Наведените примери (и податоците наведени во извештаите на Хелсиншкиот комитет) укажуваат на следново: (1) прво, дека насилството од омраза е присутно во македонското општество, (2) второ, дека постои институционален молк и отсуство на осуда кон тоа насилство, со што до јавноста се испраќа порака дека насилството врз ЛГБТИ - заедницата е неказниво, тоа се толерира од страна на институциите и не се признава нејзиниот статус на жртва и (3) трето, дека решението за нарушениот соживот и нетрпеливост меѓу младите од различни етнички заедници се бара во раздвојување, наместо во помирување. Во третиот случај, *дадената поддршка на учениците Македонци од другите средни училишта* укажува дека се засилува девијантноста на албанската етничка заедница и дека нема подготвеност за дијалог и за надминување на проблемот, туку се бара јавна осуда и одговорност.

Овие и други примери укажуваат дека се чести повикувањата, обвинувањата и протестите од граѓанските организации за неказнувањето и неоткривањето на сторителите на одредени дела од омраза. Во такви услови, ресторативната правда воопшто не е на агендата на казненоправниот систем како одговор на тие дела, без разлика дали би се применувале во форма на одредена алтернативна мерка, мерка на одвраќање од кривичната постапка

[9] Марш против говорот на омраза и насилство. (2014, ноември 17). Вест, с. 7.

[10] Бараме без страв да одиме во училиште. (2014, декември 2). Вест, стр. 4 – 5.

или како обид за помирување независно од казненоправниот систем.[11] Во Република Македонија, кога продорот и примената на ресторативните практики се одвива многу тешко поради немање политичка волја, знаење и свест за значењето и за улогата на ресторативната правда како кај практичарите, казненоправниот систем, така и кај граѓанското општество, остануваат барањата, желбата и потребата за одмазда и за построго казнување на сторителите. Во такви услови и под мотото *Омразата боли, пријави и спротивстави и се*, нашето општество се потпира на казнената политика како единствено решение на делата од омраза, која, поради нејзината репресивна и ретрибутивна природа не е ефикасна во справување и спречување на криминалот, воопшто.

5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Ресторативната правда е добар начин да се градат мостови на меѓукултурна толеранција и интеграција за да не се мултиплицираат негативните ефекти кога жртвите се од дискриминирани групи што се предмет на предрасуди со генерации. Точна е тезата дека промената на длабоко вкоренетите ставови кон одредени групи во општеството (Williams и Tregidga, 2013, с. 25) е континуиран и подолготраен процес, но, во тој процес, ресторативната правда преку дијалог и комуникација постепено може да ги трансформира таквите ставови и да ги подобри односите кон нив.

И покрај низата критики и можни ризици од примената на ресторативната правда во случаи на криминал од омраза, кога таа се заснова на начелата на почитување, разбирање, доброволен и отворен дијалог, извинување и вистинско каење за делото може да даде позитивни резултати и да ѝ овозможи

[11] Во македонското казнено законодавство одредени елементи на ресторативната правда се воведени со измените во 2004 година и, уште повеќе, со измените во процесното законодавство со реформата во 2010 година. Со реформата во 2004 година значајни промени во Кривичниот законик, кои се однесуваат на правото на жртвата да добие надоместок за претрпената штета (како една од целите на ресторативната правда), се направени со воведување: (1) на новата основа за ослободување од казна поради отстранување на штетните последици (член 43-1, КЗ) и (2) на новата алтернативна мерка условно прекинување на кривичната постапка ако сторителот ја надоместил штетата (член 48-а, КЗ). Меѓутоа, тие решенија се насочени кон резултатот, а не кон воспоставување дијалог меѓу сторителот и жртвата, што ја чини суштината на ресторативната правда и, поради тоа претставуваат непотполн ресторативен процес. Реформата во 2010 година во системот на кривична правда го воведе третиот модел, според кој одредени ресторативни мерки се спроведуваат надвор од казненоправниот систем. Станува збор за воведување на медијацијата меѓу жртва и сторител *[*МЖС*]*, прво, во системот за правда на деца со Законот за малолетничка правда (ЗМП, Службен весник на Република Македонија, .87/2007) кој започна да се применува во 2009 година и потоа во Законот за кривична постапка [ЗКП] од 2010 година. Имајќи ги предвид наведените измени во казненото законодавство во Република Македонија, елементите на ресторативна правда може да се набљудуваат и анализираат во два облика: како мерки на одвраќање (скршнување или одбегнување) од формалната казнена постапка и како дел или вид на кривична санкција. Во овој случај, ресторативните елементи се дополнување, односно услов за изрекување одредена кривична санкција.

на жртвата да се ослободи од негативните чувства. Позитивна страна на ресторативните процеси е што тие претставуваат *форуми за раскажување*, не само за индивидуалниот случај, туку и за длабоките структурни проблеми кои создаваат неправда и нееднаквост во општеството, како што се национализам, расизам, сексизам, родова нееднаквост и слично. Во таа смисла, ресторативната правда претставува начин да се прошири кругот, односно нуди можност да се вклучат семејствата на сторителот и на жртвата, но и поширокаta заедницата во решавањето и во надминувањето на проблемите. Тие проблеми, кои се сметаат не само за приватни, туку и за општествени, бараат решенија кои почнуваат со комуникација, а наративниот стил на ресторативните процеси овозможува да се изнесе и да се дискутира за преживеаното искуство и за можните решенија. Исто така, одредени заедници и групи не веруваат во заштитата од кривичноправниот систем во случаи на криминал од омраза и, поради тоа, жртвите се обесхрабрени да го пријават делото, што придонесува да се зголеми темната бројка кај овие облици на криминал. Спротивно на тоа, еден од аргументите за примена на ресторативната правда е и зголемената веројатност жртвата да го пријави делото доколку е во согласност со случајот да се реши по пат на медијација или со примена на друг модел на ресторативна правда. Во тој контекст, како што ниту една жртва не смее да биде присилена да се конфронтира со сторителот, така и на ниту една жртва не треба да ѝ се скрати таа можност.

Исто така, ресторативната правда го гледа кривичното дело многу посериозно отколку што мислат нејзините противници бидејќи се фокусира на последицата на делото и на предизвиканата штета на жртвата и, истовремено, со нејзините мерки, настојува да го држи сторителот одговорен за своето дело. Кривичното дело се тривијализира многу повеќе кога двете страни имаат пасивна улога во процесот. Во дополнување на критиката за тривијализирање на делото, мислењето е дека ресторативните интервенции се *благи* одговори за сторителите. Најдобри докази што го потврдуваат спротивното се изјавите на самите сторители. Тие често велат дека соочувањето со жртвата е тешко и непријатно емоционално искуство за нив бидејќи не можат да најдат оправдување за тоа што го сториле (Schmid, 2001, стр. 47 – 48).

Имајќи го предвид наведеното, бројни се придобивките од ресторативната правда во случаи на криминал од омраза: учество и право на глас, охрабрување, поголем степен на одговорност на сторителот, флексибилен и неформален процес кој е помалку застрашувачки за жртвата, можност за дијалог и комуникација и можност да се третира самиот проблем на насилството засновано на предрасуди. Сепак, за нејзина успешна примена неопходно е (1) да има добро обучен и квалификуван кадар, (2) запознавање со карактеристиките и потребите на двете страни, нивна заштита, (3) постоење процедури што ќе гарантираат доброволно учество и соодветни правила за евалуација и набљудување на процесот и (4) целосно разбирање на изворот, односно причините за проблемот. Примарен фокус не треба да биде решавање

на конфликтот, туку лечење на страните преку конфронтација и дијалог, бидејќи на тој начин, може да се постигнат позитивни резултати.

ЛИТЕРАТУРА

- Barton, C. (2001). Empowerment and retribution in criminal and restorative justice. Heather Strang and John Braithwaite (Eds.). 2000. *Restorative Justice: From Philosophy to Practice,* 4, Aldershot: Dartmouth, 55 - 76.
- Braithwaite, J. (2002). Setting standards for restorative justice. *British Journal of Criminology 42, 3*, 563 - 577.
- Christie, N. (1977). Conflicts as property. *The British Journal of Criminology, 17*(1), 1 - 15.
- Ćopić, S. & Nikolić-Ristanović, V. (2016). *Priručnik o najboljim praksama primene restorativnih pristupa u interkuluralnom kontekstu.* Beograd: Viktimološko društvo Srbije.
- Fattah, A. Ezzat (2007). *Is Punishment the Appropriate Response to Gross Human Rights Violations? Is a Non-punitive Justice System Feasible?* Center for the Study of Violence and Reconciliation South Africa.
- Gavrielides, T. & Artinopoulou, V. (2012). Restorative Justice and Violence Against Women: Comparing Greece and the United Kingdom. *Asian Criminology*, Springer Science & Business Media B.V.2012. Retrieved from: https://www.thl.fi/documents/10531/162021/Gavrielides%20%20Artinopoulou%20artikkeli%20lsvv%20%20sovittelusta.pdf.
- Gavrielides, T. (2007). *Report on the Project, ROTA (Race on the Agenda) Research.* Retrieved from: http://www.rota.org.uk/webfm_send/54.
- Gavrielides, T. (2012). Contextualizing Restorative Justice for Hate Crime. *Journal of Interpersonal Violence 27.* SAGE Publication, *18*, 3624 – 3643.
- Home Office, Office for policing and crime. (2014). *A Hate Crime Reduction Strategy for London 2014 - 2017*.
- Law amending and supplementing the Criminal Code. *Official Gazette of the Republic of Macedonia,* 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14.
- Liebmann, M. (2007). *Restorative justice, how it works*. London and Philadelphia: Jessica Kingsley Publishers.
- Roberts, C., Innes, M., Willliams, M., Tregidga, J. & Gadd, D. (2013). *Understanding who commits hate crime why they do it*. Welsh Government Social Research.
- Rodriguez, M. Anabela (2003). *Criminal Policy: New Challenges, Old ways.* Retrieved from: http://www.defensesociale.org/revista2003/12.pdf, 182 – 212.
- Schmid, J. Donald (2001). *Restorative Justice in New Zealand: A Model For U.S. Criminal Justice.* Wellington, New Zealand. Retrieved from: http://www.fulbright.org.nz/voices/axford/docs/schmidd.pdf.

- Torzs, E. (2012). *Restorative justice models and their relevance to conflicts in intercultural settings, Report on restorative justice models.* Grant Agreement Number: 285368, Alternative, EU.
- Von Hirsch, A., Ashworth, A., & Shearing, C. (2003). Specifying Aims and Limits for Restorative Justice: A Making Amends Model. *Restorative justice and criminal justice-competing or responsible paradigms?* Oxford and Portland, Oregon: Hart Publishing, 21 - 42.
- Walters A. M. (2013). Restorative approaches to working with hate crime offenders. In N. Chakraborti & J. Garland (Eds.). *Hate Crime.* Bristol: The Police Press.
- Walters A. M. (2014). *Hate Crime and Restorative Justice, Exploring Causes, Repairing Harms*. Oxford University Press.
- Walters A. M. (2015). Repairing the harms of hate crime: A Restorative justice approach. In N. Hall, A. Corb, P. Giannasi, & G.D. J. Grieve (Eds.). *The Routledge International Handbook on Hate Crime,* Routledge. Taylor & Francis Group, 400 – 411.
- Wellikoff, I. (2005). Victim-Offender Mediation and Violent Crimes: On the Way to Justice. *Cardozo Online Journal of Conflict Resolution,* 5/1. Retrieved from: http://www.cardozojcr.com/vol5no1/note02.html.
- Williams, M. & Tregidga, J. (2013). *All Wales Hate Crime Research Project Time for Justice.* Race Equality and Cardiff University.
- Бараме без страв да одиме во училиште. (2014, декември 2). Вест, стр. 4 – 5.
- Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик. Службен весник на Република Македонија*,* 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14.
- Камбовски, В. и Лазарова-Трајковска, М. (2012). Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза Скопје: Организација за безбедност и сигурност во Европа (ОБСЕ).
- Кривичен законик. Службен весник на Република Македонија*, 37/96.*
- ЛГБТИ луѓето „кршеа“ пред Обвинителството (2014, ноември 21). Вест, с. 6.
- Марш против говорот на омраза и насилство. (2014, ноември 17). Вест, с. 7.
- Организација за безбедност и сигурност во Европа. (2009). *Preventing and responding to hate crimes, A resource guide for NGOs in the OSCR region*.
- Организација за безбедност и сигурност во Европа. (2014). Разбирање на криминалот од омраза, ревидирано издание.
- Стефановска, В. (2015). Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија. Скопје: Факултет за безбедност.
- Стојановски, В., Богоевски, П., и Барлаковска, С. (2016). Годишен извештај за криминалот од омраза за 2015. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права во Република Македонија.

POLITIKAT E MULTIKULTURALIZMIT DHE INTERKULTURALIZMIT NË VENDET E BALLKANIT PERËNDIMOR SI INSTRUMENTE KUNDËR KRIMEVE TË URREJTJES

Ervis Martani[1]

PËRMBLEDHJE

Krimi i urrejtjes është shprehja më e rëndë e diskriminimit dhe dhunim i të drejtave themelore. Raportimet e organizatave ndërkombëtare kanë treguar që një kombinim i masave të ndryshme është i domosdoshëm për të kontrastuar krimet e urrejtjes. Ky artikull përpiqet të theksojë që përtej reagimit të drejtësisë penale, një mënyrë e mirë për të parandaluar krimet e urrejtjes është forcimi i politikave të multikulturalizmit dhe interkulturalizmi të cilat mbështesin përpjekjet për të mirëpritur diversitetin kulturor në shoqëritë tona dhe ta shfrytëzojnë atë për të fuqizuar kohezionin social. Pas shqyrtimit të literaturës mbi multikulturalizmin dhe interkulturalzmin dhe aplikimin e tyre në kontekstin Evropian, ky artikull përdor një qasje krahasuese për të analizuar elementet kyçe të këtyre politikave (arsimimi, media, kultura, pjesëmarrja politike) në Ballkanin Perëndimor. Me këtë qëllim janë analizuar raporte të organizatave ndërkombëtare të ndryshme. Në përfundim, propozoj që politikat për menaxhimin e diversitetit kulturor të implementuara në të gjitha vendet e Ballkanit Perëndimor nuk kanë qenë shumë të suksesshme jo sepse multikulturalizmi dhe interkulturalizmi nuk janë të përshtatshëm për rajonin por sepse përpara implementimit të këtyre politikave për promovimin e diversitetit kulturor dhe të drejtat e personave që i përkasin pakicave kombëtare nevojitet fillimisht normalizimi i marrëdhënieve midis shteteve dhe domosdoshmëria e mos trajtimit si problem i sigurisë kombëtare i çështjes të pakicave kombëtare.

Fjale kyçe: multikulturalizmi, interkulturalizmi, pakicat kombëtare, të drejtat e njeriut, Ballkani perëndimor.

1. HYRJE

Grupet vulnerabël të shoqërive moderne evropiane, si romët, migrantët, pakicat etnike dhe kulturore, përballen me vështirësi në fusha të ndryshme të jetës ekonomike dhe sociale, dhe kriza ekonomike globale ka prodhuar një terren mjaft pjellor për paragjykimet dhe ndonjëherë edhe dhunë ndaj këtyre grupeve të margjinalizuara. Të dhënat e mbledhura nga Agjensia e Bashkimit Evropian për të drejtat themelore dhe organizata të tjera kanë treguar që pavarësisht masava të marra, "krimi i urrejtjes është një realitet i përditshëm" në të gjithë Bashkimin

[1] Ervis Martani, Katedra UNESCO „Multikulturalizmi, Dialogu ndërkulturor dhe të Drejtat e njeriut në Ballkan" në Universitetin Marin Barleti, Albania. E-mail: barletipress@umb.edu.al

Evropian (FRC, 2013) dhe ekziston një nivel shqetësues i krimit të urrejtjes kundër individëve që i përkasin pakicave etnike, hebrenjve, homoseksualëve, biseksualeve dhe transgjinorëve (FRA, 2016). Ashtu siç është theksuar nga shtete të ndryshme, krimet e urrjetjes mund të ushqehen nga propaganda raciste dhe ksenofobe (OSCE, 2004; OSCE/ODIHR, 2013) dhe diskurset publike diskriminuese (OSCE, 2006). Krimi i urrejtjes është i konsideruar si një kërcënim real jo vetëm për viktimat direkte, por edhe për të gjithë komunitetin meqënëse sjell pasoja për shoqërinë si e tërë (Iganski 2010), duke kërcënuar deri në shkatërrimin e themeleve të shoqërive tona. Krimet e urrejtjes prodhojnë efekte negative jo vetëm ndaj viktimave direkte, por edhe mbi të gjithë komunitetin që përndan të njejtat karakteristika me viktimeën, dhe për pasojeë mund të paraqesë probleme serioze të sigurisë dhe rendit publik. Pra krimet e urrejtjes prekin një numër më të lartë individësh se sa krimet normale, dhe potencialisht mund të shkaktojnë konflikte sociale apo revolta (OSCE/ODIHR, 2009).

Duke konsideruar sa më sipër, lindin natyrshëm pyetje si: Cfarë është krimi i urrejtjes? Cfarë e ben atë të ndryshëm nga krimet e tjera? Si mund ti kundërvihemi?

